УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Институт за педагогија
Инв.Бр. 15501
21.08.2017 год.
СКОПЈЕ

# ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

## Системски и функционални пристапи во воспитно-образовниот третман на осудени лица кои издржуваат казна затвор

**Кандидат**
**М-р Ѓорге Тодоров**

**Ментор**
**Проф. Д-р Зоран Велковски**

**СКОПЈЕ 2017**

# *С О Д Р Ж И Н А*

Вовед .....5

**I. Теоретски пристап кон проблемот**.....8

1. Мултидисциплинарниот пристап во воспитно-образовната работа со осудени лица.....15

1.1. Пенолошка андрагогија.....18

1.2. Психолошка заснованост на ресоцијализацијата.....20

1.3. Социјална заснованост на ресоцијализацијата.....24

2. Должината на затворската казна и образовната рехабилитација .....25

2.1. Преблокираност на установите и повратништвото.....31

2.2. Карактеристики на возрасни доби.....34

2.3. Улогата на воспитувачот во воспитно образовната работа со осудени лица.....46

3. Образовни потреби кај осудените лица.....58

3.1. Формално образование.....66

3.2. Неформално образование.....68

3.3. Информално образование.....71

3.4. Возрасните како ученици.....72

4. Организациска поставеност на казнено поправните установи.....74

4.1. Планирање на казната.....78

4.2. Видови на третман и начинот на нивно спроведување.....81

4.2.1. Видови на програми.....93

4.3. Образовниот третман во казнено поправните установи во Република Македонија.....98

4.4. Реализација на образовната компонента во казнено поправните установи.....101

4.5. Проблеми во реализацијата на образовниот третман во установите.....103

5. Слободно време во функција на образовната репродукција.....109

6. Влијанието и значењето на различните видови на воспитание во процесот на ресоцијализација.....111

6.1. Развој на интелектуалниот потенцијал на индивидуите.....112

6.2. Намалување и опаѓање на достигнатото ниво на развиеност на когнитивните способности и вештини........113
6.3. Развој на различни сознајни склоности и интересирања........114
6.4. Развој на компетенции за самообразование и самостојно учење........115
6.5. Развој на компетенции за перманентно (доживотно) образование и учење........115
6.6. Морално воспитание........116
6.7. Естетско воспитание........117
6.8. Социјално-етичко воспитување........118
7. Модели на воспитно-образовен третман на осудени лица во европските земји........119
7.1. Затворско образование во Данска........126
7.2. Затворско образование во Финска........132
7.3. Затворско образование во Исланд........137
7.4. Затворско образование во Норвешка........139
7.5. Затворско образование во Шведска........142
8. Модели на третмански пристап во Србија и начинот на нивно спроведување........147

**II Методологија на истражувањето**

1. Предмет на истражувањето........153
2. Цел и карактер на истражувањето........153
3. Научна општествена и практична цел на трудот........154
4. Задачи на истражувањето........155
5. Хипотези........156
6. Варијабли на истражувањето........157
7. Методи, техники и инструменти на истражувањето........158
7.1. Методи на истражувањето........158
7.2. Техники на истражувањето........160
7.3. Инструменти на истражувањето........161
8. Популација и примерок........162
9. Обработка на резултатите........163

10. Организација на истражувањето........................................................................163

**III Анализа и интерпретатција на резултатите од истражувањето**.......165

**1.** Став на осудените лица кон воспитно образовниот третман...................169

**2.** Образовна програма потреби и програми во КПУ..................................174

**3.** Став на воспитувачите во однос на спроведување на воспитно образовниот третман...........................................................................181

**4.** Соодност образование затвори ...................................................................190

**5.** Заинтересираност и вклученост на осудените во воспитно образовниот процес .........................................................................................198

**6.** Едукативни програми и нивното влијание во процесот на ресоцијализација ...........................................................................205

**7.** Пристап во креирањето и реализација на воспитно образовниот третман во КПУ и КПД ...........................................................................215

**8.** Функционалност во воспитно образовниот третман во процесот на ресоцијализација на осудените лица во КПУ и КПД .............................220

**IV** Заклучни согледувања и препораки.........................................................224

Користена литература...........................................................................230

Прилози.........................................................................................237

# ВОВЕД

Образованието како значаен дел од општеството својата улога ја има во повеќе области почнувајќи уште во најраната возраст па се до воспитувањето и образованието на возрасни. Промените кои се случија насекаде не го одминаа и образованието и битно допринесоа да се размислува кон подобрување и надоградување на истото. Покрај зголемување на задолжителното образование треба да се посвети доволно внимание и на дообразувањето на возрасната категорија на луѓе. Во пенитенцијарните установи образованието претставува битен фактор кој може да допринесе за успешност во процесот на превоспитување и припремата за реинтеграција на осуденото лице во општествената средина. Педагошкото делување во ваква средина е доста специфично тргнувајќи од фактот дека не се работи за природна средина каде се дозволени слободни маневрирања, туку станува збор за вештачка средина која со помош на воспитувачот треба да стане приближна на нормалните услови на живеење кои владеат во општествената средина. Од голема важност е и сложената улога на воспитувачот кој преку педагошко советување, користење на индивидуални и групни методи како и прилагодување на пристапот според индивидуалните и специфични потреби кои ги има осуденото лице треба да допринесе за превенирање на негативното однесување како на сегашните така и на идните проблеми кои можат да се појават. Самиот процес на превоспитување на осудени лица е заснован и на андрагошки принципи како што се интегралност и целовитост, доброволност, свесна активност, систематичност, корелација на воспитно – образовната работа, кои се многу важни и кои треба да се сфатат сериозно. Моралното воспитание исто е значајно кога станува збор за превоспитувањето на осудени лица. Моралот како облик на општествена свест произлегува од потребата на поединецот да своето егоцентрично тежнеење го прилагоди со севкупните барања за живот за да полесно би се инкорпорирал како активна личност која би требала истовремено да биде следбеник и креатор на ова морално воспитание. За разлика од формалното образование со кое може да се стекнат осудените лица само доколку се осудени на поголема казна затвор и казната ја издржуваат во Казнено Поправни Домови, како што се КПД Идризово, и КПД – Штип, неформалното образование или стекнувањето на практични вештини, знаења и умеења од одредени области е минимално

опфатено во некои затвори, а во други затвори воопшто и не функионира. Ова пред се должи на повеќе фактори кои се значајни за ова проблематика и кои постојат како такви, но не се функционални од повеќе причини. Поради ова, изнаоѓањето на соодветни и применливи решенија во ова насока би биле корисни како за затворите така и за самата општествена средина. Токму ова наше истражување треба да даде насоки како би се примениле модели на работа кои понатму би им помогнале на осудените лица во постпеналаната средина, со што би се допринело за намалување на рецидивизмот, кој е доста во пораст последните години. Процесот на ресоцијализација на осудени лица опфаќа повеќе области кои треба да допринесат кај поединецот позитивни промени во самата личност. За таа цел проблемот кој не интересира ќе го согледаме од повеќе области за да видиме која е суштината на овој специфичен процес и ќе се задржиме повеќе на воспитно-образовната работа со осудени лица кои издржуваат казна затвор. Од таа причина во нашето истражување акцентот ќе се стави само на една област а тоа е воспитно – образовниот третман на осудените лица, изнаоѓање на функционални модели кои би допринеле за подобрување на воспитанието и образованието во пенитенцијарните установи.

Ќе бидат опфатени повеќе пенитерцијарни установи каде се издржува различни казни затвор. Ќе се направи кратка анализа на досегашниот модел на воспитна работа кај овие осудени лица. Тргнувајќи од законот за возрасни кој гласи дека *“ Образованието на возрасните е дел од единствениот систем на образованието на Република Македонија”* [1].

Начинот на делување и превоспитувањето на ова категорија на лица е во насока на спречување на вршењето на криминал. Образовната структура кај овој вид на лица е различна, што е од клучно значење и преставува можеби еден од факторите за нивното асоцијално поведение.

"Затворот како позитивна средина за учење" се заснова на претпоставката дека образованието и обуката треба да биде составен дел и интегрирани во сите аспекти на затворскиот режим. Исто така, се претпоставува дека затворското образование и обука имаат значајна улога во секојдневниот

[1] Закон за образование на возрасните, (2008), Сл.Весник на Република Македонија бр.7

живот на затворениците, како и значително влијание по издржувањето на казната и повторно враќање на слобода.[2]

Пополнувањето на разновидни образовни активности во планот на казната, кои би се спроведувале додека осудениот е на издржување казна затвор, би допринело да се создаде дополнителна заинтересираност и мотивираност доколку овој вид на едукација понатаму би им се нашла и би им била од голема корист по излегувањето од затворската средина.

Во овој контекст образованието и обуката се сметаат како дел од рехабилитациската улога во затворот, преку обезбедување на структурирани активности за затворениците кои за возврат треба да помогне во поддршката на нивната успешна реинтеграција во заедницита по ослободувањето.[3]

Понудите на разни образовни активности не треба да се спроведуваат само во затворот и тука да престанува нивната улога како дел од рехабилитацијата. Сето ова мора да биде замислено како една целина која би функционирала на принципот на флексибилност која лесно би можела да се трансформира од еден во друг вид без притоа да се губи претходно сработеното додека осудениот е во затвор. Следејќи го пазарот на трудот, осознавање за потребата од соодветни практични вештини кои се бараат моментално на пазарот, како и нивно следење во иднина, преку можност за надоградување на овој модел треба да биде мотив плус од кој треба да се тргне и да се направи чекор напред во помагањето на овие лица. Областа која понатаму ќе ја истражуваме е доста интересна каде се застапени повеќе фактори кои директно влијаат на ресоцијализацијата кај ова група на лица. Процесот на ресоцијализација почнува но не завршува во затворите, па отука произлегува и неговата сложена и специфична улога која ја има во општеството. Големото влијание како на надворешните така и на внатрешните фактори се клучни во самиот процес. Воспитниот фактор во пеналната средина е темелот од каде се тргнува со цел успешно и нормално враќање во средината.

---

[2] Prison education and training in Europe - a review and commentary of existing literature, analysis and evaluation, (2011), стр.6
[3] Исто, (2011), стр.8

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

Образованието како дел од поширок пристап во рехабилитацијата мора да се разгледа како цел спектар на потреби кои ги има затвореникот, но не само додека е во затвор туку тие треба да продолжат и со неговото ослободување. Затворското образование не може целосно да се оствари во изолација и затоа е потребно неговата улога и цел да се разгледа пошироко.[4]

Целовитоста на активностите и меѓусебната институционална соработка треба да бидат што поголеми за да му помогнат на осудениот по излегувањето од затвор да може лесно да се приклучи и продолжи со започнатото во затворот. Единствен па и најголем проблем околу мотивацијата на осудените да се вклучат во некој образовен модул е неверувањето дека доколку би стекнале некаков вид на образование истото не би можеле да го применат и да го искористат за вработување. Затоа е потребно да се посвети доволно внимание на самовработувањето кое поврзано со некаков вид на образование кое осудениот би го стекнал во затворот би можел да го употреби по неговото ослободување од затворот. Во ова насока потребно е поголема отвореност и поврзаност на затворите во делот на соработка со локалната заедница за да може на осудениот да му се помогне по излегувањето од затворот. Корисно би било образовните програми кои се понудени во затворите да бидат на некој начин пресликани и надвор во локалната средина каде дополнително би им се давало шанса на оние кои би започнале со образование во затворите, па би продолжиле и по нивното излегување а крајната цел би била вработување. Образовната концепција е содржана во самиот процес како неодвоен дел од процесот на ресоцијализација. Терминот ресоцијализација е дефиниран од повеќе автори кои даваат најразлични дефиниции за истиот. Накратко ќе наведеме некои од нив со цел негово прецизирање.

Според *Зоран Сулејманов* ресоцијализацијата на осудени лица може да се дефинира како современа теоретска мисла и практична акција од која се очекува да го измени квалитетот на личноста на осуденикот, односно да се отелотвори во определена психосоцијална состојба што има својство да го врати во

[4] Исто, (2011), стр.40

слободната заедница со зајакнати социјално етички сфаќања спрема разновидните влијанија што водат кон криминални и деликвентни поведенија. Како што може да се забележи првиот дел од оваа дефиниција се однесува на процесите на воспитување и превоспитување на осудените лица што се остваруваат во пенитенцијарните установи со примена на соодветни воспитни (едукативни) и превоспитни (реедукативни) мерки на третман (ресоцијализација како процес). Со вториот дел на дефиницијата се укажува на крајната цел на ова акција или процес, односно на враќањето на осуденикот во општеството на неговата реинтеграција во слободната заедница со изграден став кој го покажува неговото согласување со општествените барања и очекувања (ресоцијализацијата како цел). [5]

Целта на ресоцијализацијата како процес е доста сложена. Реедукацијата или превоспитувањето не се остварува лесно кај ова категорија на луѓе. Анулирањето на негативностите и усвојувањето на правилни и рационални размислувања се резултатот кој треба да се добие од самиот процес. Колку промената ќе се случи во свеста кај ова категорија на лица зависи од самите нив преку директно партиципирање во самиот процес на ресоцијализација, но и од квалитетниот пристап на превоспитната работа со нив. Колку е поголем квалитетот на работа толку поголеми ќе бидат и позитивните резултати. Но сепак за квалитетен пристап и работа кон ова категорија на луѓе потребно е да се има и квалитетни алатки со кои ќе може соодветно да се делува.

**Ресоцијализацијата** значи враќање на осудениот во општествената средина, оспособен за живот со прифатливи општествени норми, каде нормално и успешно ќе ги остварува општествените барања.[6]

Кога општествените норми ќе затајат или нема да ја извршат во целост социјализацијата кај личноста, промените кои се случуваат кај личноста предизвикуваат негативно асоцијално поведение кое води кон сторување на кривично дело и заобиколување на законот. Поради ова општеството мора да им помогне на ова категорија на луге, преку нивно превоспитување со цел враќање повторно во средината, каде ќе можат нормално и без криминални активности да продолжат со животот.

---

[5] Сулејманов, З. (1999), *Пенологија*, Скопје: второ дополнето и изменето издание, стр.410
[6] Milutinovič, M. (1992), *Penologija*, peto izdanje, Beograd: Savremena administracija, стр.89

Според *Љупчо Арнаудовски*, ресоцијализацијата како цел и потреба општеството му ја должи на осуденото лице бидејќи во нормалниот процес на неговиот развој не обезбедило негова правилна социјализација и интеграција во општеството.

Посветеноста на општеството за еден ваков проблем најмногу се должи и на неговата економска моќ. Големиот избор на алатки за помош секогаш претставува позитивен одговор за настојување и справување со ова категорија, наспроти сиромашните активности кои им се нудат со цел да им се помогне, а кои немаат доволно моќ или воопшто ги нема и не можат да одговорат на задачите за кои се наменети, за да и по ресоцијализацијата, се насочат и добијат шанса и подршка преку најразлична помош со што осудениот би се отргнал од асоцијалното поведение и вршењето на кривични дела. Помошта која можат да ја добијат осудените по излегувањето од затвор е еднократна и нефункционална од причина што нејзиното делување е краткотрајно и брзо го губи ефектот кој треба да се постигне. Јаките функционални алатки и модели на работа кои би се примениле додека осудениот е на издржување казна затвор би довеле до остварување на подобри ресоцијализаторски резултати кои надополнети со модели на постпенална работа би му помогнале на осудениот да ги надмине тешкотиите и повторно да се врати во општеството како лојален граѓанин кој во иднина ќе знае правилно да се справи со проблемите во општествената средина.

Поимот на социјализација а со тоа и ресоцијализацијата не подразбира само конформирање на личноста преку облици на однесување во средината, бидејќи тоа не би било ни социјализација ни ресоцијализација, па оттука поимот на ресоцијализација можеме да го дефинираме како процес на постапно реинтегрирање на престапникот од криминалната подгрупа во општествената средина како група. Ова цел се остварува преку превоспитувањето како планско и системско делување на личноста на престапникот во казнено-поправните установи.[7]

Однесувањето на личноста, неможноста воспитанието да делува уште кога почнува да се гради личноста, недоволното делување на училиштето, семејството, како и низата средински фактори кои се повеќе ја втурнуваат личноста да го прифати моделот преку кој смета дека може да изгради свој

---

[7] Николић, З. (2005), *Пенолошка андрагогија са методиком превапитање*, Београд: стр.68

сопствен однос карактеристичен и прифатлив само за него спротивен на законите и правилата кои постојат во општеството, се елементи на кои треба повторно да се посвети внимание, и кај кои треба да се настојува врз основа на ова да се обезбеди адекватен модел кој би помогнал во решавањето на овој проблем.

За да се постигне **целта на ресоцијализација** осудените лица треба да се превоспитат и да ги прифатат општествените вредности и ставови, и почитувањето на овие вредности да ги сфатат како своја обврска. Тоа е создавање на свест за обврската и правилниот однос спрема општествените етички проблеми, кои недостасуваат по правило кај поголем број на осудени лица. Осуденикот треба да сфати дека неговите проблеми не доаѓаат само од општеството туку дека се и производ на неговата личност, неговата перцепција за стварност, неговите мотиви, тежненија и други слични својства.[8]

Бидејќи се работи за возрасна категорија на луѓе, третманот кај ова категорија на луге е специфичен од причина што се работи за изградени личности, кај кои со помош на одредени методи и форми на работа треба да се дојде до напредок во нивната личност и надминување на негативностите кои допринеле за таквиот епилог. Преку ресоцијализацијата треба кај осудениот да дојде до промена на начинот на размислување како и развивање на чувство на самокритичност, со што би ја сфатил тежината од истото и во исти или слични моментни ситуации би реагирал соодветно на зададените проблемски ситуации. Сериозен проблем кој се јавува во "спроведување-неспроведувањето" на образовните модули е и поделбата на установите во кои се издржува казната затвор. Со оглед на должината на казната и тоа колку пати осудениот е осуден, согласно законот се упатува во соодветна установа каде треба да се ресоцијализира и повторно да се врати социјално адаптиран во општеството. И овде научниците се поделени кога станува збор за тоа дали е можно и потребно да се спроведат некакви активности со оние осудени лица на кои им се изречени мали и големи казни. Од една страна имаме ставови дека единствено само кај поголемите казни може да се спроведе некој образовен третман, додека други пак, кои ги подржуваат малите казни сметаат дека е возможно да се изнајде

[8] Milutinovič, M. (1992), *Penologija,* peto izdanje, Beograd: Savremena administracija, стр.90

начин за да им се овозможи на осудените лица некој образовен модел преку кој би можеле да се стекнат со некое знаење или да делува превентивно.

Во ова насока потребни се повеќе истражувања за да се дознае каков вид на образование треба да биде испорачан во затворите кое понатаму ќе гарантира некаква работа на слобода. Треба да има сеопфатна стратегија за затворско образование која ќе препознае дека мора да има различни модели на испорака во различни затвори.[9]

Непостојаноста во нудењето на било каков вид на образование ни од далеку не одговара на вистинските образовни потреби кои треба да бидат почесто застапени во планот и програмата за работа со осудени лица. Сведувањето на слепо почитување на одредбите од куќниот ред и дисциплината во установата е акцент на кој се фрла и води поголемо внимание, додека на сметка на ова се запоставува или воопшто не се работи на изнаоѓање на адекватни модули за работа кои понатаму би се користеле во планот на казната. Потребни се поразновидини активности било тоа да се од формален, неформален или информален образовен карактер. Ова е опфатено и со Стратегијата за ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор каде како цел на истата во делот за образование е наведен следновиов резултат :

Резултат 3 :

Обезбедени програми за развивање на способности, вештини и умееља за одредени занимања кај осудените лица

Активности :

- организирање на разновидни курсеви за образование по занимање и стекнување на осудените со соодветни сертификати.

Носители :

Министерство за образование и наука, други установи кои извршуваат воспитно – образовна дејност

Временска рамака :

Континуирано[10]

---

[9] Prison education and training in Europe - a review and commentary of existing literature, analysis and evaluation, (2011), стр.40

[10] Република Македонија Министерство за правда на Влада на Република Македонија – Управа за извршување на санкции – Стратегија за Ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор 2010-2012, стр.19

И покрај тоа што со стратегијата е опфатен овој сегмент, сепак досега нема некоја посериозна операционализација на програмите. Сеуште се е во фаза на изработка и анализа кога станува збор за изготвување на програми за развивање на знаења, способности вештини и умеења кои во најблиска иднина би требало да профункционираат. Покрај образование по занимање овде треба да се вклучат и другите видови на образование кои се повеќе се промовираат во светот а не треба да го заобиколат ниту затворскиот систем во кој се наоѓа специфична категорија на луѓе кои не треба да бидат заборавени и треба да се вратат повторно во општеството.

Спроведувањето на курсевите може да предивикаат проблематичност поради должината на изречената казна затвор. Затоа е потребно јасно разграничување и изготвување на разновидни анализи кои би овозможиле детално скенирање на состојбата, теренот, затворските услови, инфраструктурните капацитети и нивната функционалност за примена на истите. Исто така потребно е детална анализа и постојано следење на пазарот на трудот со што би се поврзале активностите кои ќе се понудат со побарувачката на пазарот на трудот.

Процесот на ресоцијализација во Република Македонија од секогаш е изложен на многубројни критики како неефикасен и директен виновник за рецидивизмот.

Никој досега не се запрашал зошто е ова вака ?

Меѓутоа институционалната ресоцијализација е само една од кариката во ланецот од кои зависи успешното враќање на осудениот на слобода. Покрај структурата на личноста, макро и микро социјалните услови имаат значајно влијание на исходот на ресоцијализацијата. Впрочем ни еден човек не е роден како криминалец, напротив поединците постануваат тоа во одредени општествени-политички и економски услови. Познато е дека промената во општествено-економските односи и разните политички превирања и кризи делуваат и на структурата и обликот на криминалитетот (примарен и повратен).[11]

[11] Knežić, B. (2001), *Obrazovanje i resocijalizacija metode merenja*, Beograd, Zavod za udžbenika i nastavna sredstva, стр.61

Потребно е еден сеопфатен пристап во ресоцијализацијата кај осудените лица. Нема потполен ефект ако сите други останати субјекти од кои зависи на некој начин ресоцијализацијата не ја одиграт својата улога за што се наменети. Може да видиме дека голем влог во сето ова има општествено-економските односи кои во голема мера делуваат како индикатор за криминалот и сторување на делото. Слабата економска состојба доведува до зголемување на криминалот. Затоа потребно е на секое ниво соодветно да се поработи со што би се постигнал еден целосен ефект.

Важно е да се истакне дека често извршеното дело не е последица на неуспешноста на затворската ресоцијализација туку на општествените околности со кои осуденикот се сретнал по излегувањето од затвор а се однесуваат на (општеството, пошироката општествена средина, семејните прилики), материјални, стамбени, образовни, вработување, структура, локални групи во кои доаѓа, средства за масовна комуникација и.т.н.[12]

Секогаш најлесно е да се критикува а без притоа да се даде некоја детална анализа, понуда или практично решение што ќе го реши настанатиот проблем. Делот кој недостасува во мозаикот е евалуацијата. Управата за извршување на санкции при Министерството за правда на Република Македонија врши одредени анализи во врска со осудените лица, но сепак потребно е да се направи подетална евалуација за осудени лица кои (поминале низ процесот на ресоцијализација) и излегле од затвор. За сето ова да се направи потребно е да се изготват програми кои ќе бидат директно поврзани со мерењето на самиот процес. Изготвените програми за работа мора да овозможуваат на одредени временски периоди да се вреднува сработеното. Добиените резултати би биле показател за тоа дали некаде би требало да се интервенира со што постојано би се надоградувале истите.

[12] Исто,стр.63

# 1. МУЛТИДИСЦИПЛИНАРНИОТ ПРИСТАП ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА СО ОСУДЕНИ ЛИЦА

Затворскта проблематика за работа со овој вид на луѓе, бара мултидисциплинарен пристап на повеќе науки како што се психологија, социјална работа, педагогија, психијатрија, и доктор од општа медицина, за кои накратко ќе дадеме согледување. Во ова наше истражување ќе се осврнеме на педагошкиот аспект и андрагошките методи кои се применуваат во затворската средина. Целокупниот склоп на овие науки, нивното заедничко функционирање, е во насока на самиот процес на ресоцијализација, преку изнаоѓање на начини за полесно превоспитување на осудените лица. Осуденото лице со самото доаѓање во установата покрај редовните процедури за прием од страна на матичното одделение се сместуваат во приемното одделение каде вработените од ова одделение кое е во склоп на секторот за ресоцијализација, ги вршат првичните разговори и согледувања. Ова се прави преку испитување на личноста по што понатаму се добиваат продлабочени сознанија.

За да се остварат поставените цели и добијат потребните сознанија преку испитувањето на личноста на деликвентот, доминантно значење добива научноста во пристапот и научноста во заснованоста на испитувањето. Научноста во заснованоста на испитувањето на личноста на деликвентот се однесува пред се на теоретската и практична поставеност на истражувањата, поставеноста и организираноста на институцијата во која се врши испитувањето, научната и стручната подготвеност на кадрите што го вршат изучувањето на личноста на деликвентот како и научната поставеност и развиеност на методите со кои се врши изучувањето. [13]

Преку сознанијата кои ќе се добијат со помош на посебните пристапи, се прави еден пресек кој дава различни податоци од различни области, а кои се исклучително битни за понатамошната превоспитна работа. Преку ова се откриваат и дијагностицираат индивидуалните потреби за секое осудено лице, начинот и потребните методи кои треба да се применат кај истото за да се

[13] Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевски, А. (2013), *Пенологија наука за извршување на кривичните санкции со извршно казнено право на Република Македонија*, (прв дел), Скопје: стр.273

отстранат негативностите. Секоја наука посебно ја врши опсервацијата на личноста и дава насоки за надминување на неправилностите кои довеле до последиците. Сознанијата и методите на работа на педагогијата се од клучно значење. Нејзината основна функција е токму воспитанието и образованието кај личноста. Нејзината задача е исклучително тешка во вакви околности, бидејќи се работи за возрасна категорија на луѓе. Самиот педагошки пристап треба да допринесе кај осудениот промени кога станува збор за неговото повторно воспитување на некој начин. Дијагностицирањето на овие потреби и понатамошното нивно спроведување, бараат доста посветеност и понатамошно нивно набљудување со цел согледување на однесувањето на осудениот во затворската средина.

Педагошките согледувања на осудениот во приемното одделение имаат за задача да ја утврдат состојбата и ефектите на воспитните влијаннија на одредени фактори кои се од посебно значење за развој на личноста, поготово семејството, училиштетото и општествените групи. Поголем дел од девијантноста се однесува и на неостварената воспитна контрола во семејството која подоцна преминува и во училиштето бидејќи дејствувањето на неформалната социјална контрола е основа за социјализирањето на личноста. Воспитната запуштеност битно се одразува на проблемот на позитивна идентификација на личноста, усвојување на вредносни системи и однесувања спрема училиштето и општеството. Задача на педагогот е да врз основа на аспект на личноста и делувањето на споменатите средински фактори да ги идентификува криминогените фактори кои влијаеле кај осудениот и врз основа на тоа да изработи програм на работа за негово превоспитување во согласност со можностите кои ги има установата. Утврдувањето на оптималните можности и услови за образование на осудениот и неговото стручно оспособување во склоп на програмата за воспитно образовен третман е значаен напор кој педагогот во приемно одделение го прави во кругот на неговото задолжение. [14]

Во овој дел спаѓа и утврдувањето на образовниот статус на самото осудено лице. Сето ова треба да се има во предвид кога треба да се оформи третманот на осуденото лице а понатаму и планот на казната. Богатиот избор на програми преставува олеснителна околност како за воспитувачот, така и за

[14] Николић, З. (2005), *Пенолошка андрагогија са методиком преваспитање*, Београд: стр.178

осуденото лице. Со ова и планот на казната за постапување понатаму кој би следувал би бил побогат и би бил од голема корист за процесот на ресоцијализација. Преку добри и повеќенаменски програми каде осудените пред се, со нивно активно партиципирање во самиот процес, прифаќајќи ги правилата, би си помогнале сами на себе, па аналогно на тоа би дошло и до нивно исполнување и добивање на чувство на корисност. Сепак треба да се напомене дека не секогаш осудените може да искажат подготвеност или заинтересираност за некоја активност, а тоа пред се, се должи на повеќе причини. За сето ова да биде реализирано од големо значење е и улогата на воспитувачот за која ќе стане збор понатаму во овој наш труд.

Во овие вонредни услови на третман на осудени лица, најчесто возрасни, пенолошката андрагогија има голема примена. Осудените лица покажуваат дека кај нив процесот на воспитување не се остварил по природен пат на социјализацијата на личноста и поради тоа не ги дало очекуваните резултати. Методите на андрагогијата во третманот на осудени лица се од особено значење бидејќи осуденото лице кое е неприлагодена личност, бара посебен пристап, поради тоа што се случувало порано, а достигнало кулминација преку сторувањето на кривичното дело како и поради условите во кои се врши превоспитувањето.[15]

Пенолошката андрагогија има значаен дел во процесот на ресоцијализација. Осмислувањето изнаоѓањето на решенија преку употреба на разните андрагошки методи и форми на работа го збогатуваат а со тоа и го унапредуваат процесот на ресоцијализацијата. Пенологијата користејки ги општите начела на андрагогијата го пронаоѓа специфичниот начин на постапување во воспитно – образовниот процес. Ваквиот посебен пристап треба да одговори на тоа што го предизвикало отстапувањето во однесувањето на самата личност кое било манифестирано преку сторувањето на кривичното дело. Насоките кои ги дава пенологијата за извршувањето на кривичната санкција надополнети со андрагогијата се од големо значење за процесот на ресоцијализација.

---

[15] Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевски, А. (2013), *Пенологија наука за извршување на кривичните санкции со извршно казнено право на Република Македонија*, (прв дел), Скопје: стр.90

## 1.1. ПЕНОЛОШКА АНДРАГОГИЈА

Андрагогијата се занимава со истите проблеми како и педагогијата со таа разлика што во центарот на нејзиното внимание се возрасните лица. Притоа е специфично дека во нејзини рамки се гради и развива пенолошка андрагогија како посебна гранка на оваа наука. Нејзина задача е врз основа на еден продлабочен пристап да се дојде до такви форми, методи и средства за воспитување и превоспитување на осудените лица што ќе придонесат да се развие осуденичката способност и волја за творечки живот што нема да биде во спротивност со општествените правила на поведение. [16]

Односот на андрагогијата во делот на затворскиот систем е доста специфичен за разлика од андрагогијата која преовладува надвор од овој систем. Изборот на форми, методи и средства секогаш е насочен кон изнаоѓањето на решенија преку кои општествено неприлагодени осудени лица треба да се корегираат и во иднина да не вршат кривични дела. Секоја личност поседува и позитивни карактеристики кои треба да се активираат со што би се допринело за потикнување кај истата, преку подигање на самодовербата во своите спсобности и чувството за нешто што може да биде корисно. Ставањето до знаење дека може и на друг начин да се функционира во општествената средина и без вршење на кривични дела, осудените лица треба да го осознаат со што би го промениле својот начин на понатамошно размислување и делување во општествената средина. Сето ова не значи дека треба да почне и заврши само во казнено-поправните установи туку напротив треба да продолжи и надвор од нив и сето да биде подржано од разни активности и мерки кои би биле понудени од самото општество а кои би биле во насока на уверување дека секогаш има можност да се одбере правилното, моралното и општествено прифатливото решение наспроти криминалното. Развивањето на чувството на корисност, предочените можности кои би можел да ги имаат понатаму осудените лица доколку се обидат да ги прифатат би го подигнале нивото на мотивација кај

[16] Сулејманов, З. (1999), *Пенологија*, Скопје: второ дополнето и изменето издание, стр.46

осудените лица. Сето ова како задача на андрагогијата во скпоп на пенологијата е од големо значење во справувањето со предизвикот наречен ресоцијализација.

Според тоа пенолошката андрагогија за свој предмет на изучување го има еден од најважните аспекти на извршување на кривичната санкција. Конкретно кажано пенолошката андрагогија од целокупната проблематика на извршување на санкциите го издвојува воспитно – образовниот процес кој преку организирано, планско и усмерено влијание доведува до позитивни промени на личноста, неговите својства, сфаќања, ставови, навики и сл, збогатувајќи го истовремено со нови знаења, умеења и вештини. Овој процес се одвива во посебни услови и претставува или би требало да претставува основен и доминантен процес во установите за извршување на кривичните санкции. Сите други процеси треба да се подредени и усклaдени со целта на овој процес во институцијата каде се издржува казна затвор. Несомнено одвивањето на овој процес треба да овозможи не само општа организација на животот и работата во установата туку и во сите други свери, импулси и елементи на институционалниот живот и активности.[17]

Одвивањето и посебноста на ваков процес кој го има во затворите и кој е наменет за промени во личноста со цел промена на еден концепт на претходно размислување кој бил спротивен од моралните општествени норми кои не ги почитувал осудениот и кои сакал да ги заобиколи е и самата суштина во превоспитувањето. Несомнено е дека целта и намената на самата ресоцијализација е одвраќање на оние кои се обиделе на незаконит начин да дојдат до посакуваната цел, нивно поправање и подготвување за повторна социјална адаптација. Затоа и со право воспитно-образовниот процес го зазема доминантното место и е основата од која се тргнува и продолжува понатаму. Добрата организираност и насоченост на воспитно-образовниот процес треба да дадат добри резултати во процесот на превоспитување.

[17] Јашовић, Ж. (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, стр.49

## 1.2. ПСИХОЛОШКА ЗАСНОВАНОСТ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА

Покрај педагогијата, значајноста и пристапот на другите науки е исто од големо значење за самиот процес на ресоцијализација на осудените лица.

Психолошкото испитување на личноста кое најчесто се остварува преку примена на тестови, има за цел да даде одговор на прашањата сврзани со состојбите на психичкиот живот на човекот во неговата многуслоевитос и комплексност. Преку психолошкото испитување на личноста се добиваат сознанија за интелектуалниот развој и состојбата на личноста, карактерните особини, темпераментот и емоционалната слоевитост и реакцијата на надворешните надразнувања. Сите овие испитувања заедно имаат за цел да создадат комплексна претстава за психичките состојби и животот на личноста, да дадат елементи за оценка на способностите на личноста воопшто и за нејзината способност за успешно интегрирање во општеството, за остварување на комуникацијата во групата, за оние карактерни особини што го условиле криминалното поведение, како и она што преставува основа за прифаќање на важечкиот систем на норми во општеството.[18]

Аспектот на психолошкото согледување на личноста е од важно значење, преку него се добиваат продлабочени сознанија за личноста, поточно психичката состојба, начинот на размислување, способноста за расудување како и понатамошните препораки и насочувања кои би влегле во третманот во зависност од индивидуалните потреби посебно. Информациите кои се добиваат од психолошкото испитување на личноста како и од другите науки кои досега ги споменавме се од големо значење во составување на целината која на крај би се добила.

Со оглед на тоа дека еден од суштествените аспекти на пенолошкиот интерес е сознавањето на можностите за позитивно менување на личноста на осуденото лице таа мора да ги следи современите сознанија за психолошката структура и движечките сили на човековата активност. Од тие причини уште на

[18] Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевски, А. (2013), *Пенологија наука за извршување на кривичните санкции со извршно казнено право на Република Македонија*, (прв дел), Скопје: стр.275

почетокот на извршувањето на кривичните санкции од институционален карактер се пристапува кон психолошко проучување на осуденото лице. На тој начин се објаснуваат неговиот карактер, темпераментот, интелигенцијата, неговите нагони, потреби, мотиви, фрустрации, чувства, ставови и предрасуди, склоности и навики и разновидните интереси и вредности. Познавањето на особините на личноста и формите на неговата реакција добива посебно значење во затворските установи поради карактерот на социјалните интеракции што се јавуваат како исклучително неповолни надворешни дразби врз духовниот живот на определени индивидуи. [19]

Ваквите согледувања, информации и констатации во врска со психичката состојба на осудениот и неговиот живот од психички аспект понатаму ја сочинуваат психолошката структура на самото осудено лице. Сето ова не престанува овде туку напротив продолжува и понатаму со следење на неговото однесување во затворската средина. Ова допринесува да се интервенира навремено во зависност од манифестирањето на неговата психичка состојба, импулсивност, оптовареност со некоја тешкотија за која не може сам да изнајде решение, но и да издејствува промени кај самата личност.

Улогата на психолозите во казнено-поправните установи во прв ред е насочена кон проучување на личноста на осуденикот во приемно одделение. Создавањето на психолошкиот наод и мислење во кои се содржани дијагноза и прогнозата за идното поведение на осуденикот меѓутоа е само една од сложените задачи што се претставуваат пред овие стручњаци. Нивната задача е да ги проучуваат и да ги верифицират сознанијата за свесните и несвесните аспекти на осуденичкото минато и сегашното поведение, промените на нивните способности и сколоности, нивната мотивација, факторите што ги предизвикуваат нивните фрустрации и видот и начинот на користење на одбрамбените механизми за нивно разрешување, карактерот и функционирањето на менталниот склоп, свеста за значењето на општествените и културните влијанија во одредување на нивните ставови и однесувања и сл. [20]

За сите овие испитувања се задолжени психолозите кои уште во приемното одделение ги вршат своите први согледувања и анамнези преку употреба на повеќе тестови методи и форми на работа кои понатаму му се

[19] Сулејманов, З. (1999), *Пенологија*, Скопје: второ дополнето и изменето издание, стр.46-47
[20]Исто, стр.579

предаваат на воспитувачот кој ја продолжува воспитната работа земајќи ги во предвид секако и добиените насоки од стручниот тим.

Покрај психолошкото испитување, важно е да се спомене и работата на психијатарот, која е доста значајна околу утврдување на душевните растројства кои се присутни кај одредени лица и за кој треба посебен пристап и метод на работа. На издржување казна затвор секогаш има и осудени лица со оглед на видот и степенот на нивната психичка состојба бараат посебено медицинко третирање.

Изучувањата покажуваат дека во затворските установи на живот многу осудени лица покажуваат различни видови на растројства што ги чинат неприлагодени кон третманот. Сознанијата на психијатријата се потребни заради соодветен психијатриски третман на осудените лица што покажуваат отстапувања, посебно психопатите (социопатите) кои се најчесто појава во затворите но и за изучување на затворските услови на животот кои доведуват или предизвикуваат растројства кај осудените. Лицата со промени во личноста што се манифестираат како растројства самите не се подобни за превоспитен третман, а ја нарушуваат и ситуацијата во установата. Затоа овие сознанија се од особено значење за пенологијата. [21]

Работата со ваква категорија на луѓе е доста тешка поготово во средина како што е затворската. Честопати се случува осудени лица кои се упатени на издржување на казна затвор да се со сериозни психички растројства кои не можат да се третираат од страна на затворскта институција со било каква специфична програма за третман за кои е потребно посебно вонзатворско психијатриско лекување кое паѓа на товар на затворскта установа. Кај овие лица процесот на ресоцијализација не може да делува и да ја оствари својата улога. И да би имало некаков напредок тоа се однесува пред се на мал број на осудени лица кои ни од далеку не ја отсликуваат правата слика. За ваква категорија на осудени лица потребни се посебени затворски установи каде би добиле пред се соодветна медицинска помош а потоа и вклученост во некоја специфична програма.

[21] Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевски, А. (2013), *Пенологија наука за извршување на кривичните санкции со извршно казнено право на Република Македонија*, (прв дел), Скопје: стр.91

Психијатриското испитување на личноста кое е нераздвојно од невролошкото треба да овозможи запознавање на душевниот развој, здравје, животна состојба на осуденото лице како и оние состојби кои имале значење и влијание врз криминалното однесување од една страна и состојбите што се јавуваат како пречка за негово адаптирање на затворската ситуација и состојби од друга страна. Тука добиваат значење оние психопатски состојби кај осуденото лице што го попречуваат неговото прилагодување кон затворските услови на живот и го чинат непогоден како за третман така и за комуникации и позитивни влијанија. Во согласност со нив се предвидуваат и специфични методи и постапки на третман.[22]

Извештајот од ова испитување е од големо значење, за понатамошната работа со ова категорија на луѓе, но мора да се напомене дека сепак за ваков пристап се потребни специјални програми кои би се употребувале за вакава категорија на луѓе. Поради тежината и спецификата која се јавува во ваквите случаеви истите се подложни и треба да бидат опфатени со специфични програми за третман. Во стратегијата за ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица на издржување на казна затвор, покрај останатите програми кои се предвидени за унапредување на третманите, опфатено е и изработка на стандардизирана програма за специфични третмански групи. Досега доста е направено во овој поглед, но сепак нешто што недостасува од целиот овој мозаик и е од големо значење е операционализацијата на истите.

[22] Исто, стр.275

# 1.3. СОЦИЈАЛНА ЗАСНОВАНОСТ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА

Социјалното испитување на личноста на деликвентот претставува посебно подрачје преку кое се настојува да се добијат продлабочени сознанија за социјалната средина и социјалните услови за животен развој на личноста што имале непосредно влијание врз нејзиното формирање, развој и социјализација. При ова испитување се употребуваат техниките на анкета, интервју, разговори, социометриски мерења и други методи и постапки преку кои се стекнуваат сознанија. Социјалното испитување ја опфаќа личноста, семејството и микро средината во која живее, се формирал и развивал деликвентот, нејзините материјални, економски и социо-културни вредности и нивното влијание врз формирањето на личноста како антисоцијална. [23]

Како и другите продлабочени сознанија за личноста така и социјалното сознание е во корелација со процесот на ресоцијализација и утврдувањето на третманот на осудениот. Проблемите од социјалната сфера кои ги има осудениот, се доста важни и треба да се пристапи кон нивно решавање, и отстранување со што на осудениот би му се помогнало. Многу често овие проблеми предизвикуваат доста негативности понатаму во поведението на личноста. Овде главна улога во сето ова има социјалниот работник.

Од тие причини улогата на социјалниот работник се простира и врз усогласувањето на неговиот однос со останатите осуденици и затворската управа. Во таа смисла неговата задача е слична како и онаа на воспитувачот, психологот и другите превоспитни стручњаци. Имајќи претстава за комплетната личност на осуденикот, за неговите ставови и вредности, за причините што го навеле на извршувањето на делото, за неговите индивидуални тешкотии и проблеми, за неговите сфаќања во однос на делото, жртвата, затворскиот персонал и останатите осуденици и сл, социјалниот работник треба да му помогне на осуденикот да ги надмине сите овие судири што во самата установа го попречуваат нормалниот тек на неговиот третман. Сознанијата за осуденикот и за причините што најчесто ги предизвикуваат конфликтните ситуации на

[23] Исто, стр.275-276

социјалниот работник му создаваат услови за делување што не е насочено само кон адаптирање на поединецот кон затворската средина туку и на нејзино менување и прилагодување кон потребите на поединецот. [24]

Осудениот со самото доаѓање во затвор и започнување со издржувањето на казната носи со себе и одредени деприватции кои можат да бидат од повеќе аспекти. Покрај причините кои довеле до вршење на кривичното дело еден од тие аспекти е и неговото семејство, околината во која претходно бил, односите со пријателите и комуникацијата која ја имал, наспроти сегашната состојба во која се нашол. Овој шок влијае како оптоварување кај самото осудено лице. Овде улогата на социјалниот работник како и на другите стручни лица кои се вклучени во процесот на ресоцијализација е од големо значење во настојувањето и превенирањето на првичниот стрес. Некои осудени лица по влегувањето во затвор често и ги губат своите семејни односи кои ги имале претходно. Токму улогата на социјалниот работник како медијатор може доста да помогне во подобрување на состојбата и помагање на осуденото лице да ја подобри својата семејна комуникација. Сето ова укажува на специфичната улога и функција на социјалниот работник во настојувањето и спроведувањето на предвидениот третман.

## 2. ДОЛЖИНАТА НА ЗАТВОРСКАТА КАЗНА И ОБРАЗОВНАТА РЕХАБИЛИТАЦИЈА

Во зависнот од казнено-поправните установи и нивната намена согласно законот, казните кои се изречени носат позитивности и негативности кога станува збор за спроведување на воспитно-образовниот третман. Повеќето автори од ова проблематика акцентот го ставаат повеќе на подолгите казни каде спроведувањето на образованието, без разлика дали е од формален и неформален вид е полесно бидејќи самата висина на казна дозволува временски да се завршат одредени програми кои би допринеле и би биле корисни во ресоцијализацијата на осудените лица. Обично кај подолгите казни е полесно да

[24] Сулејманов, З. (1999), *Пенологија*, Скопје: второ дополнето и изменето издание, стр.582

се спроведе програмата, може да се подели во етапи кои постепено една по една ќе се спроведуваат во зависност од индивидуалните потреби.

Посебен проблем кај долгите казни лишување од слобода претставува и фактот што нивното времетраење често го надминува времето што е неопходно потребно да се оствари определена програма на ресоцијализација а последично на тоа и појавата на празен простор што се заедно може да нанесе голема штета на дотогаш постигнатите резултати од спроведениот третман. Во такви услови, натамошното задржување на осудениот во казнено поправната установа веќе не е во согласност со барањата на ресоцијализацијата и се претвара во фактор на нејзино обезвреднување.[25]

Секоја изречена казна претставува сама по себе една засебност кога станува збор за одредување на третманот и планот на казната како понатаму ќе се работи на превоспитување со осуденото лице со цел остварување на зацртаните цели од програмата за работа. Многу е битно сериозно да се земат во предвид остварените резултати со што би осознало дали во целост е завршен превоспитниот процес. Штом се утврди дека ресоцијализацијата и спроведениот третман ја завршиле улогата потребно е продолжување на истиот преку префрлување во наредна фаза, а тоа е скратување на казната преку разните правни институти кои служат како олеснителна околност за осудените лица. Се разбира и по ваквото скратување некаде можно е да има и потреба од завршување на некој преостанат дел за што би биле задолжени одредени постпенални институции во продолжувањето на она што било веќе започнатото во затворската установа. Можни се осипувања на програмата за ресоцијализација кај осудените преку промена на нивните поведениа, со што лесно би можеле да го изгубат третманот со некој потежок прекршок на куќниот ред на установата во која ја издржуваат казната затвор. Сепак ова не би требало да влијае на процесот на образование доколку некои од тие лица веќе имаат започнато некој вид на образование и треба да се продолжи и понатаму со започнатото, доколку истото се остварува во установата каде престојуваат и не е потребно истото да се остварува во надворешни услови. Како проблем кој исто може да се јави кај долгите казни доколку е започнат некаков процес на образование е и преместувањето на осудените лица од еден затвор во друг. За

[25] Roxin, C. (1990), *Prilog novijem razvoju kriminalne politike*, JRKKP/4, стр.9

жал кај нас не постои поврзаност на установите и усклаеност на образовни програми со што без разлика каде би се наоѓал осудениот непречено би можел да го продолжи образованието кое го започнал пред да биде преместен во другиот затвор. Во овој случај не се работи само за формално образование туку за секој облик на образовно делување во кое осудениот бил опфатен согласно третманот и индивидуалната програма за работа. Со самото преместување осуденото лице ќе мора да се прилагоди на условите кои ги има установата што значи дека нема да може да продолжи од таму каде што застанал додека престојувал во претходната установа. Вака сето тоа што го усвоил како некоја вештина знаење и умеење за одредена работа нема да може истото да го заврши. Доколку би сакал да се вклучи во некаков образовен процес ќе мора да почне од почеток или пак воопшто и да не добие образование поради тоа што установата во која е преместен нема образовни програми. Не секаде во установите каде се издржува казна затвор има соодветни просторни услови и опрема со што би се овозможило непречено одвивање на некаков вид на образование. (во овој дел мора да се даде и едно појанување за тоа дека покрај работилниците со кои располагаат установите потребно е поголемо вложување и опремување на соодветни простории кои би биле адаптирани за едукација). Можеби во ова насока потребно е повеќе да се посвети внимание и да се поработи во делот на поврзување на образовните програми кои би можеле да се понудат во затворите со тоа што ќе бидат на еден линк сите КПУ во Македонија со што ќе се добие една функционалност без разлика на тоа каде осудениот ќе биде преместен.

Ако се има во предвид должината и траењето на малите казни, очигледно е дека не можат да бидат погодни за ефикасна примена на превоспитниот третман. Практиката покажува дека установите во кои се издржуваат кратките казни, не може да се организира процес на ресоцијализација како во установите со долги казни. Во нив е невозможно да се спроведе и организира третман кој одговара на личноста на осуденикот, а би се засновале на нивно претходно изучување. Може да се каже дека кратките казни претставуваат најслаба точка во современата пенолошка теорија и пракса, врз основа на фактот што сериозно ја окупираат пенологијата и криминологијата веќе неколку децении. [26]

---

[26] Milutinovič, M. (1992), *Penologija,* peto izdanje, Beograd: Savremena administracija,стр.156

Со оглед на распространетоста на затворските установи каде се издржува казна затвор, согласно законот во Република Македонија постојат повеќе затворски установи од полуотворен вид во кои се издржуваат кратки казни, наспроти затворските установи од затворен вид каде се издржуваат поголеми казни. За жал сеуште се изрекуваат кратки казни кои осудениот мора да ги издржи во затвор.

Најопшта и најтешка забелешка на краткотрајните казни затвор произлегува од нивното кратко траење поради што не може да се оствари третман за ресоцијализација (било да биде сфатен како превоспитување, било како професионално оспособување, или како стекнување на образование, лекување или севпупно).[27]

И покрај тоа што ваквиот тип на казни не се погодни за некаков третман сепак треба да се обезбедат низа на активности преку кои ќе им се овозможи избор на осудените лица. За сето ова е потребно пронаоѓање на начин како осудените лица со кратки казни да се мотивираат. И покрај краткиот временски период сепак може да се понудат низа на активности кои може да бидат од неформален карактер а да се доста корисни во пеналната средина.

Во текот на извршувањето на кратките казни не може на систематски начин да се спроведе ниту професионално ниту општо образование на осудените лица. Краткиот престој во установата и честата промена на структурата на осудените лица не дозволува отварање на општо училиште а со тоа и стекнување на соодветна диплома.[28]

Евидентно е дека кратките казни претставуваат проблем кога станува збор за образовниот аспект. Сепак и покрај тоа што не може да се спроведе некое систематско образование потребно е поголема флексибилност која може да се спроведе доколку имаме поврзаност на програмата која би била понудена а која би вклучувала низа на образовни активности кои понатаму би можеле без никави проблеми да се продолжи во постпеналниот период. Ваквата организација и структурираност би овозможила подигнување на мотивацијата кај самите осудени лица.

---

[27] Lazarevič, D. (1974), *Kratkotrjane kazne zatvora*, Beograd, Institut za kriminiloška i sociološka istraživanja, стр.54-55

[28] Исто, стр.187

Специјалнопревентивниот ефект на казната со кратко траење е изложен на посебни критики. Најважниот приговор е дека со овие казни не може да се постигне ресоцијализацијата на деликвентите. Тоа произлегува оттаму што со оглед на нивното траење и условите во кои се извршуваат овде ги нема вообичаените облици и методи на превоспитен третман. Ако за еден успешен третман е неопходна опсервација и класификација на осудените лица кои во преполнетите затвори не можат да се остварат тогаш е илузорно и очекувањето за измена на квалитетот на личноста на осудените лица. Во такви услови тие нужно се препуштени сами на себе и единствено им преостанува да го чекаат моментот на излегувањето на слобода со постојано зацврстување на ставот дека затворот е само нешто што треба да се издржи. [29]

Во ова насока Европските затворски правила Согласно правилото “106.3 *Образовните програми за затвореници се одредуваат спрема должината на нивниот престој во затвор*”[30] се спротивни на ваквите размислувања и алудираат на потребата од изготвување на програми кои треба да се усогласат согласно должината на изречената казна и нивниот престој во затворските установи. Кратките казни носат со себе непостојаност кога станува збор за временскиот период кој е потребен за воспитно-образовно делување, што претставува од една страна и проблем, бидејќи делувањето кое би било предвидено за превоспитување, од различни причини не би се остварило во целост. И да се започне било каков третман кај овие непредвидливи казни може во секој момент да биде прекинат што ќе го изгуби посакуваниот ефект. Нема да навлегуваме во расправа дали е неопходно постоење и изрекување на мали казни, таа привилегија ќе им ја оставиме на луѓето кои се задолжени со креирањето на казнената политика и спроведување на истата. Единствено нешто што би не интересирало би било како би се осмислил образовниот третман.

Спротивно на одделни мислења во теоријата, заговорниците на овој вид на казна сметаат дека спрема овие лица е можно да се примени и третман од одреден вид, прилагоден на личноста и на должината на траењето на казната, при што наведуваат дека може да се води разговор со осудените лица за нивните лични проблеми и за објективните околности што влијаеле на извршувањето на

[29] Сулејманов, З. (1999), *Пенологија*, Скопје: второ дополнето и изменето издание, стр.454-455
[30] Европски затворски правила.,(2007), Народен Правобранител на Република Македонија, Скопје, стр.34

казненото дело. Понатаму, убедени се дека програмираните предавања, како и прикажувањето на филмовите и ТВ емисиите на определени теми проследени со слободна дискусија од страна на членовите на третманската група, може да имаат исто така, силно позитивно влијание кај овие осуденици – да ги сфатат социјалните вредности, да ја сфатат нужноста од почитувањето на правилата на организираното општествено живеење како и потребите од дисциплинираното однесување кон социјално-етичките и правните норми во општеството што се заедно, како што истакнуваат, би било во функција на зајакнување на нивното чувство на автодисциплина и автоконтрола во евентуалните провокативни ситуации.[31]

Согледувајќи ги позитивностите и негативностите кои со себе ги носат долгите и кратките казни во овој наш труд се наметнува потребата од селекција и точно дефинирање на истите со цел утврдување кои казни ќе бидат опфатени. Со оглед на тоа дека кај кратките казни може да се применуваат најразлични модели од типот на програмирани предавања, разни едукативни советувања, прикажување на филмови и други активности кои би можеле да го подигнат квалитетот на воспитно-образовниот процес. Сите казни до 1 година би можеле да влезат во ова група со што акцентот на ваквиот модел на едукација повеќе би бил ставен на стекнувањето на вештини од неформален аспект, додека сите казни кои се изречени над 1 година би ги сместиле во долги казни кај кои би можело да се организира некоја образовна-активност од формален аспект кој ќе може и да биде поделен во повеќе етапи доколку е потребно. И во двата случаи кои ги наведовме недостасува иницијативност, материјално-технички средства и нивна операционализација.

[31] Кралев, Т. (2001), *Затворот и ресоцијализацијата*, Скопје: НИП "Студентски збор", стр. 99-100

## 2.1. ПРЕБЛОКИРАНОСТ НА УСТАНОВИТЕ И ПОВРАТНИШТВОТО

Огромни тешкотии во превоспитната работа претставуваат и преблокираните установи со затвореници осудени на долги казни затвор бидејќи таквата состојба го скратува времето за остварување на планираните задачи. Имено, и покрај тоа што потребите на осудениците, посебно на повеќекратните повторници и телесно и психолошко растроените лица, од засилен третман постојано се зголемуваат, таквиот третман, и по обем и по квалитет се намалува. Вакавата состојба доведува до смалување на можностите за ресоцијалиација на осудените лица а ова пак за натамошна последица го има зголемувањето на повторништвото. Од друга страна, порастот на повторот и на криминалитетот, воопшто, најчесто води кон заострување на казнената политика што значи зголемување на бројот на осудениците на казна затвор со релативно подолго времетраење, натамошно преполнување на казнено-поправните установи и натамошно стеснување на можностите на превоспитувањето. [32]

Со одредување на третманот, се определува и програмата во зависност од воспитно-образовните потреби кои треба да допринесат корегирање на поведението на осудениот. Разграничувањето и користењето на разновидни програми кои ќе бидат за најразлични намени, ќе допринесе адекаватно делување во процесот на ресоцијализација. За ефикасно да се спроведе превоспитната работа потребно е и да се деблокираат установите и намали нивната пренатрупаност.

Реална слика, кога е во прашање ова тематика е преблокираноста која е пропратена со многубројни проблеми. Пред се, сиромашната понуда на работа која доведува до неможност за прилагодување на осудените за работните активности во институцијата, која не е согласна со нивните претходни работни способности.[33]

[32] Исто, стр.87
[33] Ђорђевић, М. (2011), *Утицај појединих фактора на процес ресоцијализације осуђених лица*, Социјална мисао бр.2, стр.85

Пренатрупаноста е можеби еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат пенитенцијарните установи. Во таа насока веќе се работи на тој план но потребно е прецизирање и посериозен пристап кон овој проблем. Како најчеста причина за зголемениот број на осудени лица се земаат изречените мали казни. Во контекст на ова како дополнителна и отежнителна околност се и изречените парични казни кои сеуште ги има и се издржуваат во установите од полуотворен вид. Направено е чекор повеќе во поглед на смалување на овие казни но сепак ќе помине доста голем период кога конечно ваквите казни за кои не може да се спроведе никаков третман ќе бидат заменети со некоја алтернатива. Зафаќањето на место и простор на ова категорија на луѓе сериозно го загрозува процесот на превоспитување кај останатите осудени лица. Овие осудени лица едноставно не се многу заинтересирани за активности што дополнително влијае врз демотивирањето на останатите осудени кои се со поголеми затворски казни. Од друга страна пак не постои некоја законска можност овој вид на осудени лица да добијат некакво скратување (осудени лица кои се казнети со парични казни) со што би се скратил временскиот период на престој во установата. Исто така ваквите казни дополнително го оптоваруваат и онака скромниот и недоволен буџет со кои располагаат затворите. Кратките казни се ограничуваат и со можноста за планирање и организирање на некаков вид на образовни активности. Светските и европски искуства кога станува збор за кратките казни се разнолики. Пренатрупаноста во затворите претставува проблем насекаде во светот. Со ова главоболка се соочуваат и високо развиените Европски земји кои од ден на ден се повеќе се зголемува. Многуте европски анализи укажуваат дека затворскот систем е доста скап за одржување, па се повеќе се оди на варијанта за изнаоѓање на алтернативни решенија кои би придонеле за успешност во справувањето со ова категорија на луѓе. Со оглед на многубројните странски искуства може да се види дека кратките казни се повеќе се заменуваат со некоја алтернативна санкција или пробација. Кај нас иако се предвидени, сеуште нема алтернативните казни со што можеби би се допринело конечно да се вклопат и онака според некои автори нефункционалните кратки казни од аспект на неможноста да се спроведе ресоцијализаторски третман. Се предвидува во иднина и овие казни да заживеат преку пробацијата и другите облици на алтернативни казни со што би требало значително да се намали бројот на осудени лица во затворските установи а со

тоа и да се отвори простор за останатите осудени лица кои ќе ја издржуваат казната затвор во установата во која се упатени.

Пенитенцијарното искуство покажува дека многу од осудените лица тешко ги напуштаат своите шаблони на однесување па затоа тешко може да се убедат. Ова е најчесто случај кај професионални деликвенти, мултирецидивисти и деликвенти кои се навикнати на вакви навики и кај нив длабоко се всадува тежнение во правец на асоцијално однесување. [34]

Како фактор во ова насока треба да се земат и различните категории на осудени лица кои доаѓаат на издржување на казна затвор. Покрај примарните сторители се повеќе има осудени лица кои се повеќекратни фиксирани повратници кај кои се има вкоренето криминалното размислување кое не може многу да се корегира и да се очекува успех во ресоцијализацијата со ова категорија на луѓе. Ефикасноста на самиот превоспитен третман е поврзан и се надополнува со постпеналната помош. Спречувањето на повторништвото, зависи од повеќе фактори меѓу кои се и успешниот превоспитен третман. Некои автори објаснувањето на повторништвото го сметаат како неуспех на превоспитниот третман, и ова не може да се земе како главна причина, поради тоа што повратништвото е еден од факторите, но не е и не преставува објективен индикатор за евалуацијата на превоспитниот процес. Доколку превоспитниот третман не ги дал очекуваните резултати во воспитно-образовното корегирање на личноста на осуденикот, процесот на ресоцијализација треба да продолжи во постпеналната средина преку пружање на адекватна помош. Но ние не би навлегувале во ова понатаму туку би се задржале на воспитно образовната работа со осудени лица.

[34] Milutinovič, M. (1992), *Penologija,* peto izdanje, Beograd: Savremena administracija, стр.106

## 2.2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВОЗРАСНИ ДОБИ

Помеѓу теоретичарите постојат различни мислења за тоа до кој период на човековиот живот има ефект воспитно-образовното влијание, додека пак некои од нив сметаат дека воспитувањето и образованието на возрасните е возможно само во периодот на младоста. Меѓутоа, се поголем е бројот на оние, кои на основа на сегашните сознанија, докажуваат дека можноста и ефикасноста на воспитувањето и образованието не е ограничено со календарската возраст на човекот. Поради својата улога во социјализацијата, образованието стана составен дел од третманот на осудените, се со цел да реагира како социјализаторски агенс за поуспешна ресоцијализација.[35]

Секогаш ќе постои дилема околу тоа кој период е попродуктивен во образовна смисла согласно возрасните карактеристики кои ги имаат осудените лица. Сепак голем број на истражувања укажуваат на големата улога на образованието како неизоставен и потребен дел во процесот на превоспитување. Единствено нешто кое може да биде различно е интензитетот на она што треба да се усвои со помош на образовниот процес. Затоа без ралика на возраста добро е сите осудени кои имаат желба и сакаат да се вклучат во некој вид на образование да им се овозможи тоа. Затоа е потребно да се создадат модели кои ќе бидат наменски за повеќе видови на образовни потреби.

Пред да ги споменеме возрасните доби кои се битни во процесот на воспитно-образовната работа кај возрасната категорија на луѓе покрај факторите ќе се осврнеме и на брзината (времето) во учење и менталната кондиција.

Брзината на учењето, подобро да се каже, потребното време за совладување (усвојување) на определени знаења, има крупно значење во образованието на возрасните, во прв ред од гледиштето на планирањето на времето и организацијата на образовно-воспитната работа. Во тој поглед

[35] Ђорђевић, M. (2011), *Утицај појединих фактора на процес ресоцијализације осуђених лица*, Социјална мисао бр.2, стр.82

возрасниот човек е во инфериорна положба спрема оние кои се наоѓаат во така наречениот пластичен период на својот живот.[36]

Како што одминуваат годините така и кај човекот се намалува нивото и капацитетот на усвојување на нови знаења а со тоа и брзината на она што треба да се усвои. Осуденичката средина ја сочинуваат осудени лица со различна возрасна структура па оттука различна е и брзината на усвојувањето на нешто што е ново. Затоа во ваква специфична средина е важно да се земе во предвид планирањето и реализацијата на образовните активности и соодветно да се организираат. Во ова насока потребно е поделба на образовни активности кои би им се понудиле со тоа што би имало точно определување во делот на висините на казните, кои осудени лица, со каква возрасна структура би се одлучиле и вклучиле во некоја образовна активност која би им се понудила. Различноста во возраста од една страна може да се искористи и како комбинација на искуство кое го имат стекнато преку некаков вид на образование некои осудени лица и нивното учесто во некоја група. Ваквиот пристап на образовна интеракција може да се биде корисен за самиот процес на образование.

Улогата на процесот на учењето не зависи само од "образовните" способности на еден субјект, туку, исто така, и од неговата "*ментална кондиција*" од *системот и континуитетот на неговата интелектуална работа*, со други зборови – од потребите, навиките, дисциплината и културата на учењето. Во таа смисла, за жал, многу возрасни луѓе заостануваат зад адолесцентите, било поради оскудното основно образование и подолгите интервали на "мирување" било поради привременото и несистематско учење, без позначајни интелектуални напори. Природните последици на таквото однесување на човекот се – отсуството на секоја мотивираност за учење и губење навики и дисциплна во интелектуалната работа. Со тоа се смалени и шансите успешно да се вклучи во организираната и потрајната образовно-воспитна работа. Во спротивни случаи, кога "менталната кондиција" е присутна успехот во процесот на учење е голем, без оглед на староста на субјектите.[37]

---

[36] Самоловчев, Б. (1981), *Основи на андрагогијата*, Скопје, Универзитет Кирил и Методиј, стр.211

[37] Исто, стр.213

Кај возрасните па и кај осудените лица може да се јави еден дисконтинуитет кој може да биде директен фактор за неуспехот на повторното рестартирање на образованието. Мотивацијата во овој случај треба да биде доста висока со што и самите осудени лица би се вклучиле во некаков вид на образование. Сериозноста, истрајноста, настојувањето треба да бидат столбот кај осудените во намерата да се вклучат во образованието. Секој возрасен па и осудените очекуваат и сакат тоа што би го научиле да може да биде применливо а со тоа и корисно понатаму за нив. Применливоста и практичноста на она што може да го научат ја јакне мотивацијата кај осудените лица. Кога на ова би се надоврзал и материјалниот аспект за повеќето од нив би значело шанса за промена на нивното однесување и размислување и концентрирање на она што треба да го усвојат и од кое понатаму би имале бенефит. Мотивацијата а со тоа и активирање на навиките би биле на уште повисоко ново доколку би имало позитивни примери на осудени кои со учеството во некој вид на образование им помогнало по нивното излегување од затвор и истото го искористиле за да променат доста работи понатаму во животот.

И покрај општите, заедничките психо-социјални својства, битните претпоставки за успешното остварување на секоја образовно-воспитна работа, однесувањето на возрасните во ситуацијата на учењето често значајно се разликуваат. Таа појава, се разбира, ја сретнуваме и во учењето на младите, но таа далеку помалку е изразена. Секое однесување на човекот, па и едукативното (однесување во ситуација на учењето) условено е со дејствувањето на разни фактори, од субјективна и објективна природа, кои се со различна сила, различен карактер и различен ефект.[38]

Покрај објективните и субјективните фактори за успешно остварување на образовно-воспитната работа потребно е пофлексибилен и слободен пристап до можности за образување. Факторите од субејктивна и објективна природа во себе вклучуваат повеќе елементи кои се однесуваат на повеќе полиња од животот. Времето е исто така битен сегмент од целиот овој мозаик. Во надворешната средина времето како фактор ако може така да се каже можеби преставува проблем за било каков вид образовни активности, со оглед на брзината и динамичноста на денешниот живот кој не дозволува многу простор

[38] Исто, стр.259-260

за дообразување поради големиот број на обврски кои ги имаат луѓето било да се од семеен, работен или друг аспект. Спротивно на ова во затворската средина времето тешко поминува кај осудените лица кои се на издржување на казна затвор ако на ова дополнително се додаде и факторот казна каде што имаме осудени лица на кои им е изречена поголема казна. Вклучувањето во образовни активности може да биде од терапевтско значење за времето во затворот кое треба да го помине осудениот. Времето е најголем противник на осудените лица кои издржуваат казна затвор. Затоа организирањето и пополнувањето со разновидни облици на едукација и работа би допринело за олеснување кај осудените лица и надминување на монотонијата и досадата. Започнување на образование во затворската средина и неговото продолжување по издржувањето на казната треба да влијаат во подобрувањето на социјалниот, економски, политички и културен развој кај личноста. Накратко ќе дадеме еден осврт и на факторите од субјективен и објективен карактер со цел согледување на нивната улога во образованието.

Субјективни фактори

1. Физичката состојба на субјектот

1.1 Општата здравствена состојба
1.2 Општата физичка кондиција
1.3 Осетливоста на сетилото за видот
1.4 Осетливоста на сетилото за слух
1.5 Недостатоци од естетска природа [39]

Сето ова што досега беше споменето нема да се оствари доклку не би биле запазени објективните фактори од физчки и ментален аспект. Физичката кондиција е битна за правилно усвојување на некоја воспитно образовна активност. Тргнувајќи најпрво од општата здравствена состојба па се до осетливоста на сетилата сето ова има влијание во квалитетот на она што треба да се усвои.

[39] Исто,стр.261-262

2. Ментална развиеност

2.1 Брзина на концентрацијата и трајноста на вниманието

2.2 Помнењето (сигурноста)

2.3 Мислењето (брзината и нивото)

3.Мотивите на учењето

4. Претходните знаења и искуство [40]

Менталната развиеност се однесува на интензитетот на усвојување на она што се учи. Ова обично е поврзано и со физичката кондинција, капацитетот и можноста да се апсорбира она кое се учи. Не кај сите осудени лица имаме иста концентрација и трајност на вниманието. Во зависност од структурата на личноста кај самото осудено лице и менталната кондиција е со различен степен. Мотивите како што спомнавме и погоре во текстот може да се од најразлична причина. Секое осудено лице заедно со помошта од воспитувачот треба да ги пронајде за него методите од кои би се раководел и преку нивното остварување да ја оствари својата цел. И самата структура на осудени лица во затворската средина е различна. Некои поседуваат знаења, работно искуство, одредени вештини додека пак други воопшто ги немаат овие работи.

Објективни фактори

1. Материјалните и физичките услови

1.1 Материјалниот стандард (паричните приходи, станбената ситуација)

1.2 Физичките услови на работното место

1.3 Оддалеченоста од образовниот центар

Објективните фактори претежно се насочени повеќе кон финансиските услови. Во секојдневниот живот овие фактори се битни и важни за луѓето за реализација на своите цели. Спречувањето и неможноста да се справат со овие фактори преставува сериозен проблем во намерата да се стекнат со некакво

[40] Исто, стр.261-262

дообразување. Во затворската средина осудените лица не можат да се сретнат со таков проблем од причина што самата установа е должна да обезбеди образование кое е бесплатно и да им понуди да учествуваат во истото. Единствено како потешкотија може да се јави проблем со материјалните средства кои нашите установи ги немаат доволно и не се во можност да издвојат вакви средства. Материјалните средства не треба да бидат обезбедени од затворските установи туку од други институции кои во голем дел се надлежни за образование на возрасни. Овде би ги споменале како прво Министерството за образование кое треба заедно во соработка со Министерство за правда – Управа извршување на санкциите повеќе да ја интензивираат соработката и континуирано да работат на постојано подобрување на затворското образование. Друга можност за обезбедување на материјани средства за образовни активности во затворите е итно формирање на посебна ставка во Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите за образование на осудени лица со што континуирано би се обезбедувал дел од потребниот паричен надоместок за финансирање на годишно ниво. Ваквиот пристап би овозможил полесно спроведување на образованието во затворите.

2. Социјални услови

2.1 Семејната ситуација

2.2 Работната организација како образовен стимуланс

2.3 Општествените организации (политичките, културните, спортските) како образовен стимуланс

2.4 Општата социјално-културна клима

2.5 Интимниот социјален круг

Како што е потребно за надвор да има создадено една атмосфера во која ќе бидат застапени сите социјални услови, така и во пеналната средина е потребно да има една позитивна клима која би била поврзана со образовниот процес. Растеретен од овие услови осудениот би бил повеќе мотивиран да се вклучи во некаков вид на образование. Подршката од семејството, комуникацијата, работното ангажирање, можноста за надоградување на образовното ниво претставува можност за позитивно менување кај самата личност.

3. Дидактичките услови

3.1 Амбиентот на учењето

3.2 Техничката основа на наставната работа (наставните средства)

3.3 Образовните содржини

3.4 Личноста на наставникот (општата и професионална култура, однесувањето во животот и во работата)

3.5. Наставните форми и методи на образовно-воспитна работа

3.6 Образовно-воспитната група [41]

За да се воведе неков вид на образование во затворите исто така се потребни и услови. Овде би требало да се поведе сметка на техничко-материјални и просторни услови. Секоја установа треба да биде добро опремена за образованието кое би се изведувало во истата, почнувајќи од простории за настава па се до добро опремени работилници.

Од голема важност е да се споменат и возрасните доби кои се битни во процесот на воспитание и образование на возрасни. Во овој наш труд ќе се обидеме да дадеме еден преглед на карактеристиките на секоја фаза одделно и тоа :

- степен на адулација од 18 - 20 години;
- рано зрела доба од 20 - 30 години;
- зрела доба од 30 – 45 години;
- старо зрела доба од 45 - 60 години
- старосна доба преку 60 години

[41] Самоловчев, Б. (1981), *Основи на андрагогијата*, Скопје, Универзитет Кирил и Методиј, стр.262-263

*Степен на адулација од 18 – 20 години*

За оваа фаза на возрасни (адулација) карактеристични се својства кои се многу значајни за воспитно-образовната работа како што се :

- внатрешен немир
- самонегирање
- нескладност со преокупации и интересирања
- неплашливост
- дисциплина со непромисленост [42]

Ова фаза на возраст е доста проблематична поготово во затворска средина. Со оглед на годините кои ја карактеризираат може да се каже дека осудените и не размислуваат многу за своите постапки кои ги имаат направено, лесно може да бидат изманипулирани од страна на другите осудени лица, и да западнат во проблеми а со тоа и да предизвикаат осцилации во нивното поведение што во процесот на ресоцијализација предизвикуваат потешкотии. Поради ова потребно е позачестена работа и насочување кај ова возрасна категорија на осудени лица во процесот на воспитание и образование.

*Рано зрела доба 20 – 30 години*

Во текот на овој животен интервал речиси сите ментални сили на човекот, освен мислењето и говорот го достигнуваат својот плафон, својата максимална вредност. Веќе на почетокот на дваесетите години се јавува "хармонија на силите" што значи дека релативно се развиени физичките и менталните функции, односно тоталниот организам. До средината на дваесетите години доживувањата се посилно емотивно обоени, со поизразити еротски преокупации кои набрзо им отстапуваат место на егзистенцијалните преокупации – семејството и работата. И во социјален поглед (политичкиот и моралниот) човекот на ова возраст станува "својствена личност". Стремејќи се кон афирмација на својата физичка и социјална зрелост (развиеноста), човекот

---

[42] Јашовиħ, Ж. (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, стр.91

на ова старост засновува семејство а со него се јавува и нова потреба стремеж – за афирмација на сопствената работа како претпоставка за сопствена животна стабилизација. Со самото тоа посилно се манифестирани и интересирањата за социјалниот живот и за образовната активност, свртена особено кон потребите на професионалната работа.[43]

Ова доба ја изразува потребата од докажување и афирмација со она што располага личноста. Амбициозноста и потребата за докажување водат кон потребата од посериозно планирање и размислување за разлика од првата доба. Безгрижноста се заменува со обврските кои во ова доба се понагласени. Како што може да се види во ова фаза се започнува и семејна врска. Во ова доба повеќе е изразена и потребата од професионално издигнување т.е. почеток на градење на кариера.

Во ова доба се врши полно созревање, формирање и стабилизирање на сите физички и психички функции. Во овој период се постигнува највисокото ниво на психички развој. Ова се однесува како на интелигенцијата така и на другите психички функции и процеси. Памтењето во ова фаза станува смисловно и рационално. Се збогатува и емоционалниот живот на човекот, личноста постепено се ослободува од младешкиот живот и не ретките експлозии на различните емоции кои постепено се стабилизираат и урамнотежуваат. Во овој период личноста се бори за добивање на одредено место во процесот на работа. Од сето ова произлегува дека ова фаза овозможува оптимални можности за успех во воспитно образовните активности. [44]

Како што може да видиме во ова фаза е најмногу изразена продуктивноста која може возрасниот да ја искаже преку неговото залагање, осмислување и креативност. Токму овде мотивираноста и амбициите се најголеми со цел самодокажување и унапредување на она што го има замислено како цел. Стабилизирањето на самата личност е позитивна карактеристика која може да помогне во анулирање на манифестирањето на разните реакции и лесната избувливост.

---

[43] Самоловчев, Б. (1981), *Основи на андрагогијата*, Скопје, Универзитет Кирил и Методиј, стр.237

[44] Јашовиħ, Ж. (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, стр.92

*Зрела доба 30 – 45*

Преокупиран со остварувањето на животната цел (идеалот), а со најголем физички, интелектуален и работен капацитет, човекот на ова возраст е свртен кон потребите и проблемите на својата работа (професија) и своето семејство. Во професионалниот подем и просперитет, често во мошне амбициозно зацртани рамки, тој ги гледа и просперитетот и стабилизацијата на својот семеен живот. Поради таа преокупација, човекот на овој степен инклинира кон стручното образование, вклучувајќи ги и постградуелните студии, настојувајќи тие свои потреби и свои стремежи да ги задоволи со индивидуално, а не со групно учење.[45]

Како што одминува времето покрај личното перманентно надоградување се појавуваат и општествените барања кои директно ја тангираат личноста која покрај стекнатото образование на некој начин го предизвикува да се вклучи повторно во некои студии со што би ги задоволил своите потреби. Во ова доба стабилизацијата и посветеноста на животните прашања е на прво место кај човекот.

Ова доба се карактеризира со стабилизиран психички развој, при што некои од физичките функции слабеат но сепак се задржуваат на солидно ниво и овозможуваат таков психички живот. Во овој период човекот рационално ги поставува целите на своите активности, реално ја оценува животната ситуација, луѓето кои се во неговата околина како и рационалниот пристап на извршување на задачите и обврските. И овде може да се заклучи дека лицата на ова возраст можат на квалитетен начин да се вклучат во воспитно образовниот процес и да постигнат солидни резултати.[46]

Иако физичките функции се незначително ослабнати сепак во ова фаза повеќе е изразена рационалноста и реалното согледување на состојбата. Сепак и во ова доба вклучувањето во воспитно-образовниот процес може да даде добри резултати со помош на адекватно структирирана работа и со одмерен интензитет на спроведување на воспитно образовните активности согласно возраста на осудените. Како и да е со оглед на тоа дека различни се структурите

[45] Самоловчев, Б. (1981), *Основи на андрагогијата*, Скопје, Универзитет Кирил и Методиј, стр.238

[46] Јашовиќ, Ж. (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, стр.93

на возрасните доби на осудените кои издржуваат казна затвор оваа доба како и останатите не би требало да допринесува за отежнување на воспитно образовните активности. Единствено како проблем би можело да се појави слабата мотивација на што треба повеќе да се поработи со цел самите осудени да се заинтересираат и да ја сфатат суштината на целиот процес.

*Старо зрела доба 45 – 60*

Во текот на овој старосен интервал човекот достигнува кулминациона точка во својот социјален развој, кој еднакво ја опфаќа професионалната (егзистенцијалната) работа, семејниот и општествено-политичкиот живот. Наспроти таквиот социјален развој, менталниот развој манифестира тенденција кон промени, во педесеттите години нешто со поостро паѓање, особено во функција на помнењето. Од гледиште на учењето - тоа не е голема пречка, бидејќи тоа што човекот го губи во физиолошка смисла, го надоместува со искуството и техниката во учењето, со оглед на помнењето – мнемотехника.[47]

Во ова фаза полека опаѓаат интелектуалните способности но сепак преовладува искуството кое на некој начин го надополнува изгубеното во учењето. И покрај ова кај ова возрасна категорија нема некоја потешкотија за прифаќање на предавањето. Сепак во затворски услови во ова фаза осудените ретко да се заинтересирани за вклучување на некакво образование.

Во ова фаза доаѓа до извесна психичка криза. Воведот се состои од сознанието дека личноста има поминато пола век. Се забележуваат и знаци на стареење, што може да предизвикаат вознемиреност и други непријатни чувства. Во ова доба слабее и интелектуалната мок на човекот. Оние кој се бават со интелектуална работа умните способности остануваат доста солидни, за да кај некои поединци би се задржале дури и во добата на староста. Во ова доба нема брзоплетност, емоциите се потиснати во друг план а разумот има доминантна позиција. Благодарение на богатото животно искуство како и на споменатите карактеристики во оваа фаза на развој единката е во можност да постигнува добри резултати на воспитно образовен план. [48]

[47] Самоловчев, Б. (1981), *Основи на андрагогијата*, Скопје, Универзитет Кирил и Методиј, стр.239
[48] Јашовић, Ж. (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, стр.94

Осудените во ова доба претежно веќе имаат поминато добар дел од животот. Она што го имаат стекнато како искуство е од неминовно значење но сепак за да се задржи потребно е континуирано надоградување на истото.

*Доба на старост над 60 години*

Ова доба со оглед на значајните индивидуални резултати не е хомогена во смисла да сите поединци доживуваат старост на ист начин. Кај оние кој ги употребуваат интелектуалните способности тие се одржуваат така да луѓето на 65 години многу успешно решаваат задачи како и субјектите од 15 или 25 години. Гледано во целост многу од луѓето повлекувањето од активната работа тешко го доживуваат. Во ова доба во тек се опаѓањата на интелектуалните способности, памтењето е се послабо. Но овие квалитети и понатаму остануваат доста поволни поготово во првите години од овој период.[49]

Осудените во ова возрасна доба се застапени со релативно мал процент. Кај овие осудени лица нема некоја голема заинтересираност за вклучување во некој образовен процес иако никогаш и не треба да се исклучат доколку се појави интерес кај нив. Сепак и овде треба да се направи една дистинкција со оглед и на нивните способности и тоа колку може да бидат активни во самиот образовен процес кој би се организирал и за кој би биле заинтересирани. Во ова доба од животот поготово ако личноста се наоѓа на издржување казна затвор треба повеќе да се обрати внимание на нивните чувства и нивното доживување на реалноста. Затоа во вакви услови потребно е поголемо охрабрување поготово за нивната разачараност, враќањето на изгубеното чувство на самодоверба и корисност во општеството и поркај тоа што се во ова доба на живот. Во ваков случај тешко се доаѓа и до мотивација кај истите со цел да бидат вклучени во некоја образовна активност. Нивото на интелектуалниот капацитет е намален што е дополнителна отежнителна околност. Обично ова категорија на луѓе покрај изречената санкција која треба да ја издржува дополнително е оптоварена со тоа дека се неуспешни или напуштени од самото опкружување.

---

[49] Исто, стр.95

## 2.3. УЛОГАТА НА ВОСПИТУВАЧОТ ВО ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА СО ОСУДЕНИ ЛИЦА

Секое лице па и возрасно може да претрпи корекција во својата личност, ако е соочено со успех во работата, и ако се чувствува афирмиран во својата вредност во дадената средина. Навистина овој процес е доста спор и сложен, кога се работи за возрасни лица, бидејќи тешко ги менуваат своите навики, сфаќања и шаблоните на однесување но сепак ги менуваат под дејство на менување на условите под дејство на нови влијанија, ново искуство и други околности.[50]

Секоја интеракциска работа, па и работата со ова категорија на луѓе мора да биде обострана, или со други зборови, осудениот да биде директен партиципиент во целиот процес. Се тргнува од овде, бидејќи секој друг облик на работа нема да може да профункционира. Осудениот само преку "искрено" приоѓање и вклученост во самиот третман, кој би нудел доста поволности кои утре кога ќе излезе од затворот, ќе може без проблем, правилно да ги искористи во општествената средина, би можел правилно да се самоактуелизира. Со ова и мотивацијата како клучен инструмнет би се подигнала на повисоко ниво, со што би се добила и поголема функционалност на програмите кои би биле наменети за ова. Самото чувство на осудениот дека може да допринесе и со својата работа да се промовира како корисен член на општеството, го прави исполнет и полн со ентузијазам. Но самопотврдувањето не треба да се однесува само во затворската средина каде важат правилата и нормите согласно установата и законите на кои осудените мора да се придржуваат, туку треба и општеството да им подаде рака, за да продолжи тоа чувство. Доколку би имало светлина на крајот од тунелот наречен излез, не само од затвор туку и од моменталната состојба во која се наоѓале осудените лица, па поради тоа и направиле кривично дело, сето ова доста би ја олеснило работата како на воспитувачот така и на самото осудено лице, кое честопати поради немањето на излез на овој или на оној начин, одбрал да се најде од другата страна на законот со цел незаконски да оствари некоја цел, која за него изгледа недостижна согласно законите.

[50] Milutinovič, M. (1992), *Penologija,* peto izdanje, Beograd: Savremena administracija, стр.108

Направената опсервација од страна на стручниот тим, и дијагностицирањето на индивидуалните потреби на секое осудено лице, понатаму го сочинуваат третманот кој треба да се спроведе со цел отстранување на негативностите кои кај осудениот довеле до кршење на законот и правење на кривично дело. Воспитувачот е тој кој ја има улогата на спроведување на третманот согласно индивидуалните потреби на секое лице.

Примената на институционалниот третман има за цел да ја измени личноста на осуденикот, да ги промени неговите ставови и навики. Доколку осуденикот ги промени своите погледи, ставови и навики, тој ќе се однесува на друг начин во животот и ќе го промени своето однесување. Ова е процес на воспитување, односно превоспитување, кој треба наместо девијатни вреднувања и ставови спрема работата, знаењето, културата и друго, да всади кај осуденикот друг позитивен начин на гледање на светот како и делување во истиот. Тоа се постигнува преку процесот на комуникација со други лица, водење на дискусија околу општествените проблеми и вредности, анализа на разни проблеми кои се од клучно значење за однесувањето на осуденикот, дебатирања и заклучување врз основа на туѓи искуства. Според ова може да се каже дека воспитанието е интеракциски процес кој има за цел стекнување на правилен став спрема социјално-етичките проблеми и општествени вредности кои ќе послужат како основа за водење на адекватен општествен живот на слобода.[51]

Примерите и успесите на други вакви слични случаи се добар пример за компарација како она што било лошо, може да се поправи и да стане добро. Вака читајќи го сето ова, може да речеме дека е лесно да се каже, но тешко да се спроведе во практика. Многуте фактори кои дитректно или индитректно се поврзани со ова проблематика честопати и не функционираат. Моделот кој мора да внесе свежина во воспитувањето на ова категорија на луѓе мора да биде издржан и применлив во практиката, а резултатите и евалуацјата на истите да допринесат за подобрување на самиот модел.

За да се работи со ваква категорија на луѓе потребно е и познавање на принципите кои се наведени во упатството за определување на видовите и начините на третман на осудени лица а кои се однесуваат на:

---

[51] Исто, стр.125

- ❖ познавање на секое осудено лице
- ❖ непрекинато ангажирање на осуденото лице
- ❖ почитување и доверба спрема осуденото лице
- ❖ активно и доброволно вклучување на осуденото лице во сопствениот третман
- ❖ развивање на позитивни карактерни особини и способности за брзо и успешно враќање во општеството
- ❖ систематичност и постапност во спроведувањето на третманот на единство на третманските влијанија[52]

Секој од овие принципи е важен во процесот на ресоцијализација и се поврзани едни со други со што се добива една целина. Запознавањето на воспитувачот со осудениот е со самото доаѓање на осуденото лице на издржување на казна затвор што преставува еден прв и воведен чекор во процесот на ресоцијализација. Понатаму со интервјуто кое го има воспитувачот осудениот во согласност од неговата желба и интереси се вклучува или не во некој работен ангажман. Работната терапија исто е од големо значење во процесот на ресоцијализација од причина што доѓаат осудени лица кои немаат изградени работни вештини со што добиваат можност да стекнат најразлични вештини додека се на издржување на казна затвор. Сето ова води до градење на една взаемна доверба помеѓу осуденото лице и воспитувачот. Процесот на ресоцијализација за да даде резултати и покрај настојувањата и напорите од воспитувачот треба и самото осудено лице да се вклучи во истиот со што би ја сфатил и суштината на самиот процес а со тоа и самиот здраворазумски би сфатил дека неговото претходно однесување било во погрешна насока. Ваквото негово размислување треба со помош на воспитувачот осудениот да ги активира позитивните особини кои ги поседува со што успешно би се вратил во

[52] Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите, (2011) – Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудени лица,Скопје, стр.3

општествената средина. За сето ова да се реализира потребно е постапно и етапно да се спроведува третманот и да биде по неколку фази. Воспитувачот треба секоја фаза да знае кога треба да ја примени. Ваквата примена на фазите најмногу зависи и е поврзана со остварените превоспитни резултати на индивидуален план кај секое осудено лице.

Покрај споменатите принципи кои треба да ги познава воспитувачот во спроведување на третманот исто така треба да се познаваат и принципите на образовно-воспитната работа со возрасни како што се :

- принципот на динамична наставна комуникација (свесна активност)
- принципот на конкретноста (очигледноста)
- принципот на систематичноста
- принципот на возрасната одмереност
- принципот на трајноста на знаењата и вештините
- принципот на единство на теоријата и практиката
- принципот на корелацијата на образовно-воспитната работа[53]

И покрај тоа што воспитувачот не спроведува некоја наставна активност сепак добро е да ги познава принципите на образовно-воспитна работа со возрасни. Неговата секојдневна комуникација со осудените лица бара од него еден посебно изграден систем кој би бил прилагоден на индивидуалните потреби на осудените лица. Тргнувајќи од ваквата генералност на принципите со оглед на структурата во затворскиот систем и спороведувањето на образовно-воспитниот третман кај осудените лица воспитувачот треба да ги прилагоди дадените принципи согласно средината, потребите, спецификата на категоријата на возрасни за кои се наменетни. Од осуденото лице се бара еден активен однос и залагање во процесот на ресоцијализација. Воспитувачот е тој кој треба да ја води целата ситуација и постојано да праќа позитивни имплуси кои кај осудениот ќе предизвикат зголемување на мотивацијата а со тоа и поголема вклученост на осудените во нивната само-ресоцијализација.

---

[53] Самоловчев, Б. (1981), *Основи на андрагогијата*, Скопје, Универзитет Кирил и Методиј, стр.273

Затворскиот конзерватизам, стравот од општествените реакции и последиците од хиерархиска одговорност, често ги спречуваат практичарите слободно да се опуштат во експериментирањето и ризиците.[54]

Согледувајќи го целокупниот процес на ресоцијализација, од самиот негов почеток па се до денес, може да кажеме дека е составен од повеќе периоди, кои се битни за ова проблематика. Сепак секогаш од пресудно значење се истражувањата кои се направени токму во ова област за подобрување на превоспитувањето. Но за да се смени нешто кое ќе биде подобро од старото и кое ќе доведе до внесување на новитет мора да се прават постојани анализи и евалуации кои ќе допринесат за подобро работење. Слободното истражување во ова подрачје не е на исто ниво како што е во останатите подрачја, од причина што пред се, се работи за вештачка средина, каде важат посебни закони. Но тоа не треба да значи дека не треба да се истражува напротив, треба да биде уште поголем мотив. Како што кажавме воспитувачите се тие кои се директни учесници и спроведувачи на процесот на ресоцијализација и затоа е потребно нивно поголемо залагање и истражување во насока на подобрување на процесот на ресоцијализација. За ова е потребно и поголема вклученост не само на затворските установи туку и на другите надлежни институции кои работат на ова проблематика. Само на овој начин преку давање на поголем приоритет на воспитувачите во креирањето на процесот на ресоцијализација може да се унапреди истиот. Воспитувачот со неговата работа и посветеност најдобро може да ги детектира недостатоците и потребите за поефективен процес на ресоцијализација.

Поголемите проблеми може да се решат со мотивација на осудените за образование каде голема улога играат воспитувачите, наставниците кои на основа на своите педагошки методи може да допринесат осудените да се вклучат во образовниот процес. Во тој правец мора да се најдат нови облици, видови на наставни и вон наставни активности, кои ќе бидат поразлични од оние во кои осудените своевремено покажале неуспех. (Атанацковић, 1988).[55]

[54] Стевановић, М., З. (2006), *Ниво остарених међународних стандарда у затворском системима Италије и Србије,* Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, Branič – časopis Advokatske komore Srbije, стр.44
[55] Ђorђevih, M. (2011), *Утицај појединих фактора на процес ресоцијализације осуђених лица,* Социјална мисао бр.2, стр.84

Можеби една од најтешката задача на воспитувачите е како да ги мотивираат осудените лица. Иако погоре во нашиот труд дадовме образложение за повеќето видови на мотиви кои се однесуваа на повеќе сфери. Секој мотив е битен во зависност од приоритетите кои ги имаме. Во нашиот случај воспитната работа со осудените лица бара комбинирање на она што преставува мотив кај осудените лица, за она што најмногу имаат интерес, и она што треба да се постигне преку превоспитувањето а тоа е спречување на вршење на криминал и враќање како корисни членови во општеството.

Потребата од изнаоѓање и спроведување на нови разновидни третмани, примената на одредени категории кои се во согласност со потребите на осудените лица, како и видовите на затвори, е современ пристап кој се повеќе се форсира во развиените земји во светот.[56]

Мора постојано да се следи напредокот и можностите кои се нудат со цел да се подобри процесот на ресоцијализација. Само преку изнаоѓањето на современ пристап и методи за работа би можело да се дојде до напредок. Состојбата во затворите некако е препуштена сама на себе, долго време не се превземени чекори кои би ја подобриле и унапределе работата со ова категорија на луѓе која често за некои е небитна, што напротив не треба да е така. Веќе се прават напори и се работи на изработка на повеќе програми од страна на Министерството за правда, со што би требало да се допринесе до подигање на квалитетот на воспитна работа со ова категорија на луѓе. И покрај напорите сето ова оди некако споро и затоа е потребна поголема операционализација, и навремено воведување на програмите кои се во насока за подобрување на процесот на ресоцијализација.

Во воспитувањето се тргнува од познавање на психичките и социјалните карактеристики на поединецот кои одговараат на нивната возраст во целина. Нема причина во превоспитувањето на осудените да не се тргнува од изучување на психофизичките, образовните и посебно социјалните и моралните карактеристики на осудените. Напротив потребата за укажување на овие карактеристики е уште поголема кога се знае дека воспитно-образовната работа

---

[56] Исто, стр.39

со осудениците истовремено значи поправање и понатамошно надоградување и развивање на нивната личност. [57]

Воспитувачот познавајќи ги индивидуалните карактеристики на секое осудено лице кое го има во својата воспитна група, мора одделно да постапува за секој, кога станува збор за воспитно-образовната работа. Само така би допринел кон задоволување на индивидуалните потреби кои во воспитно-образовниот процес се од клучно значење. Начинот на комуницирање, користењето на разновидни современи методи во работата, изноѓање на адекватен и прифатлив начин за решавање на разни проблеми и конфликти на кои може да наиде осудениот, го прават воспитувачот успешен во работата. Иако не може секаде да се допринесе и да се оствари полн ефкет, сепак неговата улога и работа во процесот на ресоцијализација е од големо значење, бидејќи токму тој е личноста која е секојдневно со овие луѓе.

Процесот на превоспитување мора секогаш да биде пропратен со истражувачки активности кои ќе допринесат за воведување на нови елементи за корекција во третманските проблеми и акција. Пенолошкото искуство говори дека експериметирањето на истражувачки односи е најдобар начин за ефикасен третман во пенитенцијарната пракса.[58]

Постојаната едукација на вработените како и изнаоѓањето и примената на современите методи во работата на воспитувачот, се елементи на кои треба да им се даде приоритетно значење. Само преку почестите истражувачки активности, доаѓањето до одредени сознанија кои би ја унапределе работата може да се постигне прогрес. За жал кај нас слабо се посветува внимание на ова, а тоа се должи пред се на повеќе фактори како што се немотивираноста, спреченоста во истражувањето, немањето доволни финансиски средства кои се потребни за ова, незаинтересираноста од страна на некои надлежни институции кои со својата работа би требало да допринесат за да се подобри состојбата.

Работата на воспитувачите во пенитенцијарните установи се врши во две фази кои сочинуваат единство. Со оглед на тоа дека пенитенцијарниот третман треба да ја менува личноста, а не средината, нејзиното претходно запознавање е битна околност за покренување на осуденикот во општествени полезни насоки.

---

[57] Јашовић, Ж. (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, стр.204
[58] Milutinovič, M. (1992), *Penologija,* peto izdanje, Beograd: Savremena administracija, стр.169

Тоа значи дека воспитувачот во казнено-поправната установа како прва и основна задача се поставува запознавањето на личноста на осуденикот. За таа цел воспитувачот го проучува минатото на осуденикот, неговите материјални и семејни прилики, здравствената состојба нивото и квалитетот на општото и стручното образование што осуденикот го имал пред стапувањето во установата, неговите способности, факторите кои се однесуваат на причините и мотивите на неговото кривично дело и сите други околности од значење на личноста на осуденикот. До такви податоци воспитувачот доаѓа проучувајќи ја судската и психолошката документација како и наодот на приемното одделение. Врз основа на тој материјал тој е должен да го изврши првиот разговор (интервју) со осуденикот.[59]

Преку направената опсервација од страна на стручниот тим изготвениот степен на ризик, утврдените потреби распоредувањето во соодветна група и извршената класификација стручното досие преминува кај воспитувачот. Во него се содржани сите потребни информации со кои треба да се запознае воспитувачот кој понатаму треба да продолжи со следењето на однесувањето на осудениот, неговото поведение и.т.н. Се разбира и покрај тоа што приемното одделение го предава стручното досие на воспитувачот нивната улога како стручни лица од повеќе области постојано е присутна во процесот на ресоцијализација, поготово кога станува збор за дополнителната класификација. Со новиот куќен ред кој е унифициран за сите затворски установи каде во член 14 е наведено следново :

Раководителот на секторот за ресоцијализација може да предложи на стручниот тим од приемно одделение дополнителна класификација на осудено лице доколку настанале промени во критериумите за класификација од Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудени лица. Под дополнителна класификација на осудени лица се подразбира промена на претходно утврдената класификација и програма за третман. Стручниот тим од приемното одделение доколку утврди дека настанале значителни промени од став 1 на овој член, доставува образложен предлог на директорот на установата.

---

[59] Сулејманов, З. (1999), *Пенологија*, Скопје: второ дополнето и изменето издание, стр.576-577

Директорот на установата донесува решение за дополнителна класификација на осуденото лице.[60]

Ваква можност порано не беше предвидена во куќниот ред. Исто така порано секоја установа си имаше посебно свој куќен ред, за разлика од сегашниот кој е унифициран и важи за сите казнено поправни установи. Можеби кога станува збор за куќниот ред стариот пристап со посебен куќен ред за секоја установа беше и подобра опција со оглед на тоа дека установите се разликуваат помеѓу себе според повеќе критеруими, но ние нема да навлегуваме и да се впуштаме во расправа за ова туку ќе се задржиме на дополнителната класификација која преставува една дополнителна можност која порано ја немаше и која е од голема помош во третманот. Ревидирањето на класификацијата и програмата за третман од страна на приемното одделение отвара простор за преиспитување на првичната класификација и изготвување на нов предлог. Воведувањето на еден ваков чекор преставува свежина и позитивност во процесот на ресоцијализација.

По запознавањето на личноста на осуденикот воспитувачот треба да создаде план и програма за постапување што ќе го спроведува користејќи ги педагошко-андрагошките методи и средства за работа. Воспитувачот треба да го следи осуденикот за време на издржувањето на казната, треба да го советува во врска со општото и стручното образование, во врска со неговото адаптирање на новата средина, избегнувањето на конфлектните ситуации и нарушување на дисциплината, да го следи осуденикот на неговото работно место, да му пружа помош во решавањето на личните проблеми, да ги подготвува дисциплинските рапорти и да дава свое мислење за поведението на осудениците, да ги прима сите молби, жалби и други поддавки од осуденинициите, да подготвува податоци за предлози за помилување, условен отпуст, погодности, дисциплински казни, рекласификација и сл., да ја следи здравствената состојба на осудените, да присуствува на состаноците на осудените со своите блиски, да ја прегледува нивната кореспонденција, да го подготвува осудениот за отпуштање, да учествува во групните методи на третман, да развива определен интерес кај

[60] Куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено - поправна установа, Јануари (2012), Министерство за правда, член 14 стр.7

осудените за нивните активности во слободно време, да води чести разговори со нив итн.[61]

Како што може да се види улогата на воспитувачот и неговата работа во процесот на ресоцијализација е од големо значење. По дадените насоки и параметри од страна на приемното одделение воспитувачот е тој кој ја превзема главната улога околу спроведувањето на превоспитниот третман. Сепак многу е важно и со какви карактеристики би требало воспитувачот да располага. Накратко ќе се обидеме да дадеме објаснување на одредени карактеристики кои се потребни и корисни во работата со ваква категорија на луѓе а тоа се :

- трпение;
- способност за квалитетно планирање;
- одлучност;
- објективност;
- одговорност;

Во работа со осудени лица секогаш има најразлични ситуациони моменти кои можат да бидат од различна природа. Во секојдневното комуницирање со осудените лица, воспитувачот наидува на различни препреки кои може да бидат предизвикани од повеќе причини како што се на пример различни депривации, напнатост која ја чувствуваат осудените предизвикана од некој проблем, меѓусебни конфликти, неприлагоденост во некој сегмент од нивното поведение, семејни проблеми и.т.н. Комуникацијата во вакви ситуации е од големо значење. Секогаш треба да се избере правиот пристап за да се отстранат и да се сведат на минимум ваквите препреки во комуникацијата. Поседувањето на вакава карактеристика бара од самиот воспитувач да не избрзува со носењето на одлуки, балансирање на ситуацијата, каде и во кој дел да биде поумерен, да ја има контролата над ситуацијата во која се наоѓа и да може во секој момент да реагира навремено. Во вакви моменти каде осудениот манифестира негативно однесување предизвикано од најразлични фактори кои ги споменавме, воспитувачот е личноста која ја решава проблемската ситуација.

---

[61]Исто, стр.577

Воспитувачот треба да знае добро да ја планира својата работа. Од планирањето во најголем дел зависи и остварување на предвидениот третман а со тоа и остварените превоспитни резултати. Треба да се избегнува или да се намали конфузијата која може да се појави со оглед на разните ситуации во кои секојдневно може да се најде. Затоа е потребно концентрацијата да биде на потребно ниво. Не секогаш во текот на денот во зависност од моментните ситуации било тоа да се од позитивен или негативен карактер се случува да се задржи истото ниво на концентрација. Со самото паѓање на нивото на концентрација честопати може да дојде и до грешки во работењето. Во текот на воспитната работа со осудени лица некаде е потребно поголемо темпо и интензитет во работата. Сето ова остава простор воспитувачот да процени и да одлучи како ќе го испланира сето ова.

Одлучноста е повеќе карактеристика за раководење на процесот на ресоцијализација. Воспитувачот во комуникацијата понекогаш се наложува да биде конкретен и недвосмислен во своето излагање. Колебливоста и двосмисленоста на воспитувачот може кај осудените лица да доведе до погрешно сфаќање и интерпретирање на работите. Во некои ситуации потребно е јасно да се стави до знаење дека тоа е последниот став кој го кажал самиот воспитувач. Со ваквиот однос би се избегнале погрешните перцепции кои би се јавиле кај осудените лица. Одлучноста треба пред се да биде насочена кон навремено и правилно реагирање во дадени моментни ситуации за решавање на работните проблеми во процесот на ресоцијализација.

Воспитувачот во носењето на своите одлуки треба да се води од објективноста. Честопати кај воспитувачот понекогаш знае да дојде до израз субјективноста која може да се јави од повеќе причини како што е кривичното дело за кое е осудено осуденото лице, претходно негово поведение и други причини кои влијаат во донесувањето на одлуки. Затоа при носењето на некои одлуки или решенија треба да се тргнува од објективноста која во процесот на ресоцијализација може да се согледа низ повеќе аспекти било тоа да се однесува на некоја проценка која се прави во приемно одделение или пак проценка при прогресирање на осудено лице од едно во друго одделение.

Секоја работа па и работата со осудени лица си носи со себе одговорност. Воспитувачот пред се треба да биде свесен за одговорноста за своето работење. Ова пред се се однесува на вниманието за законско работење, почитување и водење како од законските акти така и од подзаконските. Исто така одговорноста се однесува и на исполнување на работните задачи кои му се дадени, почитување на предвидените рокови за некои работи кои треба да се извршат.

И покрај сето ова воспитувачот има уште една неизоставна компонента а тоа е неговото перманентно надоградување. Со самата своја работа воспитувачот не треба да размислува само на она што го работи и тука да застане, туку напротив треба и да допринесе за подобрување на процесот на ресоцијализација преку свои истражувања, анализи, постојано да ги прати пенолошките трендови и да предлага подобри решенија во процесот на ресоцијализација. За сето ова да се реализира потребно е да им се даде малку повеќе слобода и флексибилност на воспитувачите кои директно се вклучени во реализирањето на процесот на ресоцијализација. Потребно е и да се поведе сметка пред се за зголемување на нивната мотивација, пред се од аспект на специфичноста на работата која ја работат.

# 3. ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ КАЈ ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА

Образовните содржини, начините и средствата за задоволување на образовните потреби ќе ја исполнат својата задача ако тргнуваат од човекот и ако служат за "подлабоко" разбирање на животот и живеачката.[62]

Многу е важно дали вложените напори на осудениот во затворот за задоволување на своите образовни потреби понатаму ќе може адекватно да ги употреби во општествената средина. Врз основа на тоа треба да следи и вклучување во некој програм, било тоа да е образовен или работен. Но за жал ова не функционира и затоа треба да се поработи повеќе на ова проблематика со цел да им се овозможи на осудените некаков избор на разновидни програми во кои би се вклучиле а со тоа би се влијаело и врз негативностите кои ги чувствуваат и кои треба да се отстранат понатаму во текот на процесот на ресоцијализација.

Образованието и усовршувањето воопшто, а посебно образованието на возрасните, денеска се смета како услов за опстанок и развој на модерното општество.[63]

Секое општество се стреми кон подобрување на условите за живот. Континуираното усовршување, постојаното надоградување на знаењата, вештините, без разлика на возрасната граница се двигателот на тоа општество. Голем дел од луѓето не ги следат, или не се во можност да се преквалификуваат согласно потребните светски текови кои ги бара пазарот на трудот кој е доста динамичен и бара поголеми влогови, кои треба да одговорат на пребрзиот развој на технолошката револуција.

Осуденичката популација живее и работи во една специфична заедница, обградена со ѕидови и решетки од која се очекува дополнително да ги прифати нормите и вредностите кои се одредени од општествената група, како повторно би се вратила и вклучила во животот на слобода. Меѓутоа од оној кој е принудно доведен во затвор тешко може да се очекува да ги прифати сите форми кои се во насока на "поправање" на личноста. Положбата на возрасниот

[62] Кнежиќ, Б. (1996), *Образованието – потреба на осудените лица*, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр.1-2, стр.147

[63] *Celoživotno učenje i neformalno obrazovanje.*,(2007), Reč više, Decembar, br.03

човек, поготово на возрасниот човек во затвор е многу поразлична од положбата на децата и младите во образовниот процес. Организирањето на образованието во пеналните установи претставува проблем за разлика од организирањето на образованието во други установи кои се различни од затворите. Групите на осудени лица се составени од различни нивоа на образование и стручно знаење, различна интелигенција и способности, различни мотиви, интереси и погледи на живот.[64]

И покрај специфичностите кои ги носи со себе пеналната средина и нејзината структура сепак образованието претставува форма која не се и не би требало да се разликува од онаа која е во општеството. Потребите кои се јавуваат кај осудените лица се исти како и потребите на останатите возрасни кои се од "другата страна на ѕидот" во општествената средина. Една од појдовните основи е и утврдувањето на индивидуалните потреби кај осудениот. Утврдувањето на различните нивоа на образование подоцна овозможуваат селектирање на пристапот во понатамошната работа во процесот на ресоцијализација. Несоменено образованието е вклучено во процесот на ресоцијализација како битен фактор во процесот на ресоцијализација преку кој треба да се придонесе за смалување на асоцијалното поведение. Со текот на времето и промените кои пропратно го пратат општеството потребата од промени и посовремено образование во затворите е повеќе од потребно. Постојаниот пораст на криминалот ја активира потребата од изнаоѓање на разни методи кои би се покажале ефикасни во борбата против ваквата појава. Образованието кое е во склоп на процесот на ресоцијализација мора постојано да се надоградува и да се изнаоѓаат пофункционални модули кои би одговориле на потребите на осудените лица. Самата функционалност и брзата применливост би допринела за смалување на повратништвото а со тоа би се заштедиле големи финансиски средства. Осудените лица со самото доаѓање на издржување на казна затвор се со различен степен на образование. Некои од нив поседуваат вештини знаења и умеења додека пак други воопшто ги немаат. Затоа и во изготвувањето на програмата за ресоцијализација се тргнува индивидуално да се утврдат разните потреби на кои треба да се поработи со што би се постигнале посакуваните резултати.

---

[64] Knežić, B. (2001), *Obrazovanje i resocijalizacija metode merenja*, Beograd, Zavod za udžbenika i nastavna sredstva, стр.80-81

Накратко ќе се осврнеме на стандардните минимални правила за постапување со затвореници и затворските европски правила во делот на :

*Образование и рекреација*

77. (1) Ќе се овозможи продолжување на образованието за оние затвореници кои од тоа ќе имаат корист, вклучувајќи и верско образование во земјите каде тоа е можно. Образованието на неписмените и младите затвореници ќе биде задолжително и управата на нив ќе посвети посебно внимание.

(2) Колку што е тоа возможно, образованието на затворениците ќе се интегрира во образовниот систем на земјата со цел по нивното отпуштање од затвор да можат да го продолжат своето образование без потешкотии.

78. Во секоја установа ќе се обезбедат рекреативни и културни активности заради душевно и физичкото здравје на затворениците.[65]

*Образование на затворениците - (затворските европски правила)*

106.1 Систематска програма за образование, вклучително и оспособување за стекнување вештини заради унапредување на севкупното ниво на образование и припрема за водење одговорен живот без криминал претставува клучен дел од режимот за затвореници.

106.2 Сите затвореници ќе бидат поттикнувани да учествуваат во образовните програми и во програмите за обука.

106.3 Образовните програми за затвореници се одредуваат спрема должината на нивниот престој во затвор.[66]

Овде исто така мора да се води сметка и за проблемите на периодизација на развојните периоди. Опфаќањето на што поголема категорија на осудени лица би придонело да се подигне и нивото на образование во овие установи.

[65] Стандардни минимални правила за постапување со затвореници, усвоени на на Првиот конгрес на Обединетите Нации за спречување на криминалот и третман на прекршителите, одржан во Женева во 1955 и одобрен од Економско – социјалниот совет со неговите резулуции 663C (XXIV) од 31 јули 1957 и 2076 (LXII) од 13 мај 1977.

[66] Европски затворски правила.,(2007), Народен Правобранител на Република Македонија, Скопје, стр.34

Сепак моделот кој ќе се понуди мора да биде добро осмислен кој нема да биде периодичен, туку напротив ќе треба да овозможи континуитет и надоградување на истиот. Изречените казни мора да се селектираат со тоа што ќе се направи една поделба која понатаму ќе имплицира создавање на интензитет на програмите кои би требало да бидат предвидени за воспитно – образовна работа со осудените лица. Во ова насока треба да се понудат повеќе видови на модули кои ќе придонесат за позитивно придвижување на воспитно-образовниот процес во затворските установи. Мора да се напомене дека исто така насоката е да се опфатат различни казни на траење. Во контекст на ова се и препораките и конвенциите од страна на Совет на Европа во врска со пенитенцијарните прашања кои покрај разните области опфатено е и образованието каде се истакнати следните препораки :

1. Сите затвореници имаат пристап до образование, коешто се состои од предавања во училница, стручно оспособување, креативни и културни активности, физичко образование и спортови, општествено образование и обезбедување на библиотека;
2. Образованието за затворениците треба да биде слично на образованието коешто им се обезбедува на слични возрасни групи во надворешниот свет, а спектарот на можности за учење на затворените лица треба да биде што е можно поширок;
3. Образованието во затворот има за цел комплетно развивање на личноста, имајќи ги предвид општествениот, економскиот и културниот контекст во кој таа живее;
4. Сите коишто се вклучени во управувањето со затворските системи и раководењето со затворите треба да го олеснат и поддржуваат образованието што е можно повеќе;
5. Образованието не смее да има понизок статус од работното ангажирање во рамки на затворскиот режим, и затворениците не треба да трпат финансиски или други загуби поради нивното учество во образовните активности;
6. Треба да се превземат напори за да се поттикнат затворениците да учествуваат во сите аспекти на образованието;

7. Треба да се обезбедат програми за развој за да се обезбеди едукаторите во затворите да применуваат соодветни образовни методи за учење на возрасните;
8. Особено внимание треба да се посвети на оние затвореници коишто имаат посебни потешкотии, а посебно на оние кои што имаат проблеми со читањето и пишувањето;
9. Стручното оспособување треба да биде насочено кон пошироко развивање на поединецот, но исто така треба да биде чувствителна кон развојните тенденции на пазарот на труд;
10. Затворениците треба да имаат директен пристап до добро опремена библиотека, најмалку еднаш неделно;
11. Треба да се нагласува и да се поттикнува физичкото образование и спортот кај затворениците;
12. Креативните и културните активности треба да имаат значајна улога бидејќи овие активности имаат посебен потенцијал, овозможувајќи им на затворениците да се развиваат и да се изразуваат себеси;
13. Општественото образование треба да вклучува практични елементи со кои што затвореникот се оспособува да се справи со секојдневниот живот во затворот, а со цел негово враќање во општеството;
14. Секогаш кога тоа е можно, на затворениците треба да им се дозволи да учествуваат во образовниот процес надвор од затворот;
15. Кога образованието мора да се одвива во затворот, во спроведувањето на образовниот процес треба да се инволвира, што е можно повеќе, заедницата надвор од затворот;
16. Треба да се преземат мерки со кои на затворениците ќе им се овозможи да го продолжат образованието по нивното пуштањето на слобода;
17. Треба да се обезбедат неопходни средства, опрема и образовни кадри за да затворениците се стекнат со соодветно образование;[67]

Сето ова укажува на тоа дека се потребни големи промени во делот на начинот како функционира или каков е во моментот образовниот процес во пенитенцијарните установи. Ваквата поставеност во моментот каде имаме некој

[67] Зборник на конвенции, препораки и резолуции во врска со пенитенцијарните прашања, (2007), Стразбур, стр.184-185-186

минимален процес на образование кој не е во сите затвори не кореспондира со препораките кои се посочени од страна на Совет на Европа.

За вклучување на осудените во образовни активности многу битен и неизоставен елемент од сето ова е мотивираноста која е клучна за возрасната категорија на луѓе. Во ова наше истражување ќе се обидеме накратко да издвоиме неколку мотиви кои би требало кај осудените лица да помогнат околу вклучување во образовниот процес.

Бошије наведува дека возрасните учествуваат во образовните активности поради следниве причини :

- потреба за социјален контакт
- потреба за социјална стимулација
- потреба за професионално напредување
- потреба за корисност во општеството
- потреба за надворешни очекувања
- когнитивен интерес[68]

Секој човек во својот живот има најразлични потреби кои му се неопходни во секојдневието и животот воопшто. Вклучувањето во образовните активности првично може да се смета како лична сатисфакција. Во затворска средина ваквото вклучување може многу да ја зголеми самодовербата кај осудениот. Неговото вложување и настојување да ја подобри сликата и да докаже дека може да биде повторно добар човек каков што бил пред да го стори делото треба да го мотивира и да создаде една истрајност. Образованието како фактор има голема улога во помагање, преобразба и подготовка на осудените за општествената средина понатаму. Прашање е дали осудениот, сака е подготвен и спремен да го прифати предизвикот и самосвесно да се обиде да смени нешто кај самиот себе. Оттука се наметнува и една друга многу важна работа која е неизоставен дел од целокупниот процес и не може да се негира а тоа е применливоста и практичната реализација во реалноста која кај нас доста недостасува а која директно влијае на губењето на вербата кај самите осудени лица за поставеноста на системот, што дополнително се јавува како оптоварување во делот на мотивацијата кај истите. Доколку би имало пофункционални програми кои реално во општеството би функционирале и

[68] Knežić, B. (2001), *Obrazovanje i resocijalizacija metode merenja*, Beograd, Zavod za udžbenika i nastavna sredstva, стр.82-83

самите осудени лица би биле доста позаинтересирани за можностите кои би им се понудиле.

Од групата на мотивите се издвојуваат:

- мотиви кои потекнуваат од егзистенцијални потреби : повисока квалификација и преквалификација поради поволна материјална положба;
- мотиви кои потекнуваат од потребата за самореализација: поголема афирмација во струката и пошироко;
- мотиви кои се под влијание на пошироката социјална средина
- мотив на сензационални појави или подрачја на знаења;[69]

Човекот како живо битие нормално е да има најразовидни мотиви од кои се раководи а се во функција на задоволување на некоја потреба која ја чувствува во одреден период од животот или некоја моментна ситуација во која би се нашол. Како што може да се види од групата на мотивите кои се споменати може да се каже дека се однесуваат на една целисходност од повеќе аспекти. Во затворската средина е тешко да се подигне нивото на мотивација од причина што осудените лице кои доаѓаат на издржување на казна затвор во поголем дел слабо се мотивираат. Во мотивацијата голема улога игра воспитувачот кој треба во ова ситуација да им помогне на осудените лица во справувањето со овој проблем. Нереализирањето на мотивите во голема мера се одразува негативно кај луѓето па дури и честопати се доаѓа во колизија со општествените норми. Вакви одредени отстапувања понекогаш се и причината за вршење на кривичните дела. Решавањето на ваквите проблеми кои ги има осудениот преку разни вештини предизвикува на некој начин и промена во неговото размислување што е битен елемент во процесот на ресоцијализација. Потребата од поголем принцип на очигледност преку кој осудениот ќе може да се увери дека навистина во голема мера програмите во кои би се вклучил се ефективни би ја раздвижил неговата љубопитност за вклучување во некој образовен модул преку кој би ги задоволил своите потреби и мотиви.

[69] Јашовић, Ж. (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, стр.88-89

Звонаревиќ ги наведува следните мотиви поради кои возрасните се вклучуваат во образованието :

- желба за понатамошно напредување во работата и звањето
- желба за понатамошно стручно усовршување, без обзир на евентуалната корист
- желба за општествено-економско и политичко образование
- желба за културно издигнување
- аматерски интерес за некое подрачје
- принуда и директива
- угледување на знаењето и пријателите
- случајно (пример човек кога нема карти за кино па има навратено на предавање да убие време)
- интервални мотиви ( пример човек се вклучува во образовни активности бидејќи таму ќе сретне девојка која му се допаѓа)

Може да се констатира дека возрасниот човек се одлучува да се вклучи во образованието од три причини : да би ја задоволил општествената средина, да се задоволи самиот себе и да добие почитување од другите. Ако на момент ги заборавиме специфичните услови во затворот како образовна средина може да се каже дека и осудените имаат исти потреби и желби.[70]

Очигледно е дека нема некоја разлика во потребите и желбите на осудените и останатите возрасни луѓе кои не спаѓаат во затворска популација. Целта на постигнување на овие потреби и желби е како осуденото лице кое се наоѓа во незавидна и специфична ситуација и средина да може да ги оствари своите намери. Сето ова дава до знаење дека неминовна е потребата од пофункционален пристап. Втор и неизоставен елемент во ваквиот пристап треба да биде поврзаноста на понудените програми со општествената средина и стурктурирање на истите.

---

[70] Knežić, B. (2001), *Obrazovanje i resocijalizacija metode merenja*, Beograd, Zavod za udžbenika i nastavna sredstva, стр.83

## 3.1. ФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Организацијата на образование во затворите е од големо значење за третманот на осудените кои се на издржување казна затвор. Согласно потребите кои се дефинираат и кои ги има осуденото лице уште со самото доаѓање на издржување казна затвор осудениот доколку сака, може да се вклучи во формално или неформално образование. Од големо значење за вклучување во облиците на образование се и вработените во казнено поправните установи кои имаат за цел негово мотивирање.

Формалното образование пред се се одвива во институционализиран, хронолошки подреден и хиерархиски структуиран образовен систем кој води кон стекнување одредена титула и диплома. Ова би значело дека истото е организирано во институции кои може да бидат државни или приватни и специјализирани за таа намена. Тука спаѓаат институциите од примарно, секундарно и терцијално ниво т.е. основните училишта, средните училишта и факултетите. Ваквиот тип на образование е регулиран со повеќе закони и подзаконски акти и го сочинува образовниот ситем на една држава. Наставните содржини во рамки на овие институции се изведуваат по прецизно утврдени наставни планови и програми од страна на наставници и професори кои поседуваат соодветно образование и стручна подготовка. На крајот на образовниот процес во овие институции секое лице кое успешно го завршува се здобива со официјален документ (свидетелство, сертификат, диплома). Ваквиот документ ги потврдува стекнатите знаења и квалификации кои ги стекнало одредено лице и тие му овозможуваат одредени права.[71]

Можноста за вклучување на осудените во програма за образование додека се на издржување казна затвор претставува одлична можност. Понудата од формално образование, можноста за стекнување како на примарно така и на секундарно образование во установите треба да влијае доста позитивно од аспект на програма која има за цел да го подигне образовното ниво на осудениот кое е утврдено со потребите. Образовните пропусти кои настанале

---

[71] Види : Бојаџиевска, А. и др. (2009), Локална младинска иницијатива, *Прирачник за младински активизам, неформално образование, дебата и организација на настани,* Скопје, Младински образовен форум, стр.33

кај осудениот и за кои не имал можност или пак мотив да ги задоволи во минатото, сега преку повторно структуриран пристап може повторно да го стори. Значењето од формалното образование во затворите е големо и неизоставен дел од процесот на ресоцијализација.

Средното, односно професионалното образование на осудените лица претставува силно средство во ресоцијализацијата. Преку овој облик на образование осудените лица се оспособуваат за општествено-корисна работа и успешно вклучување во процесот на работа на слобода, а истовремено спречува и повторно враќање на криминалното однесување. (Ковач, 2009).[72]

Кај нас во затворите нема понудено средно, односно професионално образование. Во КПД – Идризово има можност само за основно образование. Осудените имаат можност да се стекнат со образование по занимање преку изучувањето на некој занает па евентуално така да се стекнат со диплома. Не би требало да преставува пречка осудените да можат да се запишат и да завршат некое средно образование. Можеби треба да се дефинира и прецизира начинот на кој тоа треба да се спроведе.

Се поставува прашањето колку "образованието" со оглед на формираните вредности и ставови кои ги имаат осудените лица ќе бидат во можност лесно да прифатат било каков вид на образование. Имено дали образованието е начин на решавање на проблемите, деприվациите, притисоците кои произлегуваат со самото доаѓање во затворот. Сето ова доведува да се запрашаме што е тоа што осудeникот треба да го постигне со учењето и што тој самиот сака да постигне.[73]

Доколку сето ова добро е осмислено со што и самите осудени лица би стекнале доверба во процесот на образование преку кој би можеле да започнат една нова страница во нивниот живот која нема да биде поврзана со нивното криминално минато, образованието може да биде мотиватор на промените кај осудените и овозможување на нови можности кои би им користеле понатаму во животот.

[72] Ђорђевић, M. (2011), *Утицај појединих фактора на процес ресоцијализације осуђених лица*, Социјална мисао бр.2, стр.82-83

[73] Knežić, B. (2001), *Obrazovanje i resocijalizacija metode merenja*, Beograd, Zavod za udžbenika i nastavna sredstva, стр.82

Затворската средина како училница тешко може да се постигне и премине ако кај човекот нема јака мотивација и интересирање за стекнување на знаења и стручно звање кое по излегувањето од затвор ќе му помогне во остварување на егзистенцијата.[74]

За да постои јака мотивација потребно е да се создадат образовни понуди кои ќе бидат поврзани со нешто корисни. За да се мотивират осудените треба да постои систем на бенефит. Ваквиот пристап ќе овозможи воочување на корисноста која би ја имале од вклучувањето во некој образовен модел.

## 3.2. НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Освен класичните, институционалните форми на образование, теоријата и практиката за образование на возрасни, па и кога се осудени, познаваат многу начини и видови на неформално образование кои не завршуваат со дипломи, но имаат субјективна (внатрешна) поткрепа. Предавањата трибините, курсевите, разговорите со повод и слично може да се одржуваат и во затворска средина и на тој начин да ги задоволат образовните потреби на голем број на осудени лица. Подобрата организација на образованието во затвор ќе ги смали празното вегетирање и здодевноста што владеат меѓу осудените, а деновите ќе бидат поподносливи и за осудените и за персоналот. Репресијата, често, не може да направи многу, а далеку поголеми ефекти ќе се постигнат со поразновидна организација на културно-образовната работа.[75]

Организирањето на предавања, преку избор на теми кои би биле интересни за осудените лица, би биле од големо значење кога станува збор за надминувањето на одредени стереотипни размислувања. Сознанијата кои може да ги слушнат би делувале потикнувачи и мотивирачки кај нив да се развие правилното размислување и расудување во одредени ситуации, а со тоа извесно би се делувало и во менувањето на нивната свест.

Секоја животна ситуација па и затворска, подразбира и учење, односно стекнување на некое знаење, вештини и искуства важни за животот. Ако ни

[74] Исто, стр.84
[75] Кнежиќ, Б. (1996), *Образованието – потреба на осудените лица*, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр.1-2, стр.146

еден дел од ова не е организиран од страна на државата и професионалните институции тогаш на осудените лица им преостанува затворското опкружување кое може битно да влијае на содржините и исходот од учење како и промена на однесувањето. За жал има многу причини за загриженост бидејќи осудените лица своите "образовни" потреби ги задоволуват преку различни видови на неформално и информално образование и обучување. Научените "занаети" и усовршените вештини може многу лесно да ги вратат во затвор. Кога недостига образование и работа која е организирана од страна на надлежните институции и стручњаци тогаш тој простор останува слободен за искусните "ментори" од осуденичкиот колектив.[76]

Организацијата и планирањето на времето во затвор исполнето со разни активности кои комбинирано можат да допринесат за подобрување на процесот на ресоцијализација треба да се сфатат сериозно од надлежните и засегнати страни во ова проблематика. Исполнетиот ден со активности кај осуденото лице не остава простор за безделничење и размислување како повторно да го заобиколи системот. Нашата држава овозможи преку бесплатни курсеви од IT – област, луѓето да можат преку неформално образование да се стекнат со потребните вештини и знаења. Сепак во затворите неформалното образование е делумно и треба да се посвети повеќе внимание преку изнаоѓањето на можности како осудените лица ќе можат да се стекнат со потребните знаења и вештини. Сето ова би било во корист на процесот на ресоцијализација.

Неколкуте основни концепти врз кое се темели неформалното образование се : овозможување на еднакви можности за сите, општествена вклученост, рамноправност, доброволност, флексибилност на програмите но со јасен оквир и програми. Неформалното образование е образование кое трае цел живот, односно процес на доживотно учење и лично усовршување. Поради ова тоа е многу важно кога е во прашање образованието на возрасните, сиромашните и маргинализираните општествени групи.[77]

*Неформалното образование* овозможува лицата да се стекнат со потребните социјални вештини како и унапредување на личниот развој. Покрај формалното и информалното образование на кое во Европа му се придава се

[76] Knežić, B. (2011), *Nesklad zakona i mogućnosti osposobljavanja osuđenika,* Strain pravni život, Institut za uporedno pravo, Beograd, br.3, стр.147
[77] *Celoživotno učenje i neformalno obrazovanje.*,(2007), Reč više, Decembar, br.03

поголемо значење, важноста на неформалното образование е голема од причина што овозможува да се стекнуваат современи знаења, вештини и умеења кои би нашле примена во современто општество а со тоа на лицата би им се овозможило преквалификација и можност за работа. Со оглед на предвидените казни неформалното образование е од битно значење кога станува збор за помалите казни, каде образовното дејствување е специфично и временски ограничено. Стекнувањето на одредени знаења, умеења и практични вештини од одредени области преку неформално образование можат да се реализираат полесно а со тоа и да се постигне саканата цел. Насочувањето на осудените кон изборот на некој вид на неформално образование кое може да им се понуди видно ќе допринесе да се делува врз нивната личност што би се подобрила и ресоцијализацијата.

Содржината на образованието не може да се сведи само на давање на конкретни стручни знаења и вештини ( што и постои во машките затвори) туку и оспособување на поединецот да се соочи со проблемите во новите околности како во затворот така и по неговото излегување на слобода.[78]

Треба да се поведе сметка образованието во затворите да биде повеќе организирано на снаоѓање на осудените во проблемски ситуации. Ваквите насоки, вештини, знаења и умеења кои ќе можат осудените да ги усвојат да можат практично да ги применат и да им помогнат по излегувањето од затвор.

[78] Исто, стр.85

## 3.3. ИНФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

*Информалното образование* е привлечно затоа што на тој што учи му овозможува препознавање на сопствените вредности во окружувањето во кое се наоѓа каде може да го контролира темпото и начинот на учење. Преку информалното образование се овозможува да се изгради чувство на сигурност, самопочитување и клучни персонални, социјални и практични вештини кои понатаму можат да пружат доверба и надеж за продолжување со образованието. Особините на овој облик на образование како што се флексибилност, креативност и пристапност можат да ја отворат вратата на ангажирање во другите образовни форми. Според ова информалното образование допринесува за постигање во личниот идентитет, мотивација и промена во персоналниот живот, отварање на можности за ангажирање и понатаму за учење.[79]

Согледувајќи ги сите карактеристики на формалното, неформалното и информалното образование може да се увиди дека тие меѓусебно се тесно поврзани со што не би можело да се увиде и некоја голема разлика. Сите овие три вида на образование се надополнуваат едно со друго. Сознанијата кои можат да се добијат од еден вид на образование придонесуваат да се активира внатрешната мотивација која кај осудените сама по себе отвара простор за интерес за усвојување на нешто ново а со тоа се активираат и мисловните процеси со што се добива една различна димензија на гледање на работите. Информалното образование може да допринесе осудениот сам да се заинтересира за дополнување на вештините кои претходно ги стекнал по пат на формално или неформалното образование. Ова негова заинтересираност е проследена и со неговата слобода во изборот на начинот на кој и како би дошол до сознанијата кои му се потребни за надоградување на претходното знаење. Кога станува збор за информалното образование на располагање им се библиотеките кои сепак и не можат да се пофалат со голем фонд на книги.

[79] Milutinović, Jovana, J. (2003), *Informalno obrazovanje - pojmovni okvir i karakteristike*, Pedagoška stvarnost, бр.5-6, стр.401

## 3.4. ВОЗРАСНИТЕ КАКО УЧЕНИЦИ

Со оглед на тоа дека превоспитувањето на осудени лица спаѓа во ова категорија на возрасни сите овие набројани можности за кои ќе дадеме подолу во текстот посебно образложение се битни во процесот на ресоцијализација. Осудените лица кои доаѓаат на издржување на казна затвор се со различна возрасна структра и степен на образование. Очигледно е дека сите не можат да бидат на еднакво почетно ниво и да стартуваат исто кога станува збор за усвојување на некакво образование. Можностите со кои располагаат осудените можат да бидат од различен карактер. Накратко ќе ги споменеме неколкуте својства кои имаат посебно значење во учењето кај возрасните.

*Сензорно – перцептивните својства* кај возрасните имаат посебно значење во учењето. Тоа значи дека можностите за учење на возрасните не зависат само од нивниот ментален потенцијал туку и од општата физичка кондиција, состојбата на организмот и неговото фунционирање. Промените во физичка и физиолошка смисла кои возрасните во процесот на стареење ги доживуваат несомнено неповолно се одразуваат во нивниот успех во воспитно – образовните активности посебно на темпото и конечниот исход. Меѓу овие промени посебно е значајно слабеење на сетилните фукнции посебно видот и слухот, како и целокупното здравје на човекот.[80]

Од битно значење е со каква сензорно перцептивна моќ располагаат возрасните. Сето ова допринесува за квалитетот, интензитетот и нивото на концентрација кое може да се задржи. Доколку не се со доволна физичка кондиција интензитетот на усвојување на воспитно-образовните активности е помал за што е потребно и повеќе време за истиот да се оствари.

Доста долго преовладувало мислењето дека *интелектуално-сознајните* можности за учење и образование на возрасни се доста слаби. Сепак во ова насока се направени повеќе истражувања од повеќе научници кои недвосмислено покажуваат дека постојат солидни потенцијали за постигање на успех во воспитно образовната работа со возрасни. Во која мера ќе бидат овие

[80] Исто, стр.85

можности искористени зависи од интензитетот на нивната употреба односно од мотивационоемотивната димензија на возрасните.[81]

Искористувањето на интелектуалните способности зависат од тоа колку самата личност се залага истите да ги искористи. Перманентно искористување на интелектуалниот потенцијал води кон континуиран процес на усвојување на нови знаења, умеења и вештини. Во успешноста на овој процес многу е битна мотивацијата која ја имаат возрасните. Мотивацијата е првиот чекор кон успехот и преставува двигател на потикнувањето кај самата личност. Подигнувањето на самодовербата во сопствениот потенцијал треба да го сфатат како нешто што би им било корисно понатаму во животот.

*Емоционалната димензија* на личноста има значајна улога во учењето како и во животот воопшто. Се јавува како извор на потреби, ставови и мотиви а често е и примарен извор на сознание поготово кога сознанието без емоционално доживување е невозможно како во музиката, сликарството поезијата и уметноста воопшто. Возрасните по правило поседуваат емоционална стабилност и одмерени адекватни реагирања, што им овозможува успешна комуникација и поголем ефект во работата и учењето. Во тесна врска со емоционалноста е и мотивационото определување за учење на возрасните. Нивните потреби ставови интереси и мотиви за учество во воспитно-образовната работа пропратени се и неретко поткрепени со одредени емоционални доживувања.[82]

Емоционалноста игра голема улога кај возрасните поготово ако се работи за осудени лица кои доаѓат на издржување на казна затвор. Нивните гледишта и начин на адаптација на таква средина може да предизвикаат проблеми во процесот на воспитно-образовните активности. Разните емоционални доживувања како што се првичниот контакт со затворот како установа, депривациите, фрустрациите, отфрленост или напуштеност од нивните семејства имаат негативно влијание во усвојувањето на нови знаења вештини и умеења. Затоа со самото доаѓање на осудените во затвор потребно е уште на самиот почеток да се отстранат сите овие негативни појави со што би можело да се создаде адекватен емоционален простор кој понатаму би користел за учење. Дополнувањето со разни форми на мотивација би допринело кај самата личност

[81] Исто, стр.85-87
[82] Исто, стр.87-88

пројавување на интерес и чувство на потреба која понатаму би можел да ја искористи во зависност од ситуацијата во која би се нашол. Нормално е да секој човек има најразлични потреби кои сака да ги оствари, почнувајќи од егзитенцијалните кои можеби и му се најбитни, самореализацијата, вложувањето во самиот себе, напредување во тоа што го работи. Затоа е потрено и да му се даде можност и услови за да се обиде да го оствари сето она за кое смета дека ќе му биде од голема корист понатаму во животот.

# 4. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА КАЗНЕНО ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Во Република Македонија согласно законот за Извршување на санкциите постојат мрежи на казнено поправни установи. Казнено поправните установи може да бидат казнено-поправни домови и затвори. Казнено-поправни установи се : Казнено-поправен дом Идризово со Отворено одделение во Велес, Казнено-поправен дом Штип, Казнено-поправен дом од отворен вид Струга, Затвор Битола, Затвор Гевгелија, Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, Затвор Охрид, Затвор Прилеп, Затвор Скопје, Затвор Струмица и Затвор Тетово.[83]

Поделбата на казнено-поправните установи сама по себе носи и поделба на должината на казните. Планирањето на казната и утврдувањето на третманот во голема мера се поврзани и со казната. Образовниот третман како составен дел од третманот е условен и со казната и нејзиното планирање уште со самото доаѓање на осудениот на издржување на казна затвор во установата било таа да е од затворен, полуотворен или отворен вид.

Освен тоа што казнено-поправните установи се поделени на домови и затвори и на установи од затворен, полуотворен и отворен вид, поделба има и во степенот на обезбедување. Установите од затворен вид имаат физичко и материјано обезбедување, како што се служба за обезбедување, оградни ѕидови,

[83] Види: *Закон за извршување на санкциите,* Сл.Весник на Р.Македонија бр.2 од 09.01.2006 стр.4-5

технички средства и други мерки за обезбедување со кои се спречува бегство на осудените лица. Кај установите од полуотворен вид имаме служба за обезбедување која ја обезбедува дисциплината и го контролира движењето на осудените лица, додека установите од отворен вид немаат физичко и материјално обезбедување и организацијата на животот и работата на осудените лица се заснова врз самодисциплината, а контролата врз нивното движење и работа ја вршат воспитувачи и инструктори. Исто така во овие установи од отворен вид може да се организира служба за обезбедување но првенствено заради обезбедување на објектот.[84]

Поделеноста според поголемиот степен на безбедност укажува на тоа дека и осудените лица кои се упатуваат на издржување казна затвор се со поголеми казни за разлика од установите кои имаат понизок степен на безбедност или пак установите кои воопшто го немаат, каде преовладуваат помали казни.

Поделеност постои и во надлежност на установите за извршување на казната затвор. Во установите од затворен вид се извршуваат казни затвор во траење подолго од три години како и казна затвор над шест месеци спрема повторници порано осудувани на казни затвор. Кај установите од полуотворен вид се извршува казна затвор до три години кога, со оглед на кривичното дело, побудите од кои тоа е извршено и личноста на сторителот, може да се оцени дека и со извршувањето на казната во установа од полуотворен вид ќе се постигне целта на извршувањето на казната затвор, како и казна затвор до шест месеци спрема осудени лица за кривични дела извршени во повраћ, додека пак кај установите од отворен вид се извршува казна затвор за осудени лица за сите кривични дела извршени од небрежност и за други кривични дела за осудени лица на казна затвор од три до пет години, доколку основано може да се очекува дека со постапувањето во овие установи одговара на карактерот на кривичното дело и личноста и дека во овој вид установа со чувството на личната одговорност ќе ги извршуваат своите обврски и нема да со злоупотребат престојувањето. [85]

[84] Исто: *Закон за извршување на санкциите,* Сл.Весник на Р.Македонија бр.2 од 09.01.2006 стр.5
[85] Исто: *Закон за извршување на санкциите,* Сл.Весник на Р.Македонија бр.2 од 09.01.2006 стр.11-12

Може да се види дека постои разлика и во спроведувањето на казните согласно нивната висина и статусот кој го има лицето во зависност од тоа дали е примарен или повеќекратен сторител на кривични дела. Судот со оглед на висината на казната и статусот на осуденото лице на примарен или повторник го упатува осудениот во потребната установа каде најпрво се врши прием утврдување на идентитет и пронаоѓање на упатниот акт со кој осудениот се јавил на издржување на казна затвор. По ова осудениот се упатува во приемно одделение каде му се изготвува потребниот третман кој треба да влијае на отклонување на негативностите кои довеле до сторување на кривичното дело, но и во иднина да помогне во понатамошно спречување и одвраќање од повторни криминални дејствија. Во склоп на установите се и работилниците и другите работни организациони единици од типот на сточарство и земјоделие преку кои осудените може да стекнат работни навики. За овозможување на работната атмосфера одговорни се самите казнено поправни установи. Понатаму во нашата дисертација ке дадеме еден осврт на третманите кои се применуваат и се во насока на процесот на ресоцијализација.

За да добиема една јасна слика на сето ова што досега го споменавме погоре во текстот, шематски ќе ја претставиме организациската поставеност на мрежата на затворите во Република Македонија од која може да се види дека на прво место се наоѓа Министерството за правда па следи Управата за извршување на санкциите која е надлежана за сите затвори било да се работи за казнено поравни домови или установи.




Шематски приказ 1 :
**КПУ во Република Македонија**

* КПУ – казнено поправна установа

* КПД – казнено поправен дом [86]

[86] Република Македонија Министерство за правда на Влада на Република Македонија – Управа за извршување на санкции – Стратегија за Ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор 2010-2012, стр.11

## 4.1. ПЛАНИРАЊЕ НА КАЗНАТА

Во установите каде што има приемни одделенија престојот на осудените лица во истите зависи од установата во која е упатен осудениот да ја издржува казната затвор. "*Согласно ЗИС - чл.98 ст.2 по приемот осуденото лице се упатува во одделението за испитување на личноста и за утврдување на третманот и постапувањето со него (приемно одделение). Во ова одделение осуденото лице останува најмногу 30 дена, додека ставот 3 од истиот член се однесува на установи каде се извршува казна затвор до три години каде осудениот престојува во приемно одделение до 15 дена.*"

За овој временски период стручниот тим во затворската установа врши опсервација, дава насоки како осудениот понатаму би се движел со оглед на утврдените индивидуални потреби и добиените резултати. Како новина од неодамна е воведен инструмент за проценка од ризик кој е составен дел од целокупната проценка и кој помага при класифицирањето на осудените лица. По спроведената опсервација како и добиените резултати од инструментот за проценка на ризик и потреби на осудени лица осудениот се класифицира а со тоа му се одредува и третман.

Треба да се сфати дека индивидуализацијата не е цел сама за себе туку таа треба да биде подредена на основната цел на казнување, т.е. да овозможи постигнување на оптималните можности на ресоцијализација на осудените. Преку анализата на содржина на документацијата за осудениот, интервјуто како варијанта на метод на разговор, тестирање на осудените, биографскиот метод и набљудување, се добиваат податоци за осудените кои претставуваат хоризонтален и вертикален пресек на личноста, односно, услови и фактори на нејзиното формирање и дијагноза на акутната состојба и проблемите кај личноста.[87]

Пресекот на личноста користејќи ги сите овие споменати методи и форми на работа во голема мера го олеснува потамошниот тек на спроведување на третманот. Во ова фаза битно е да се детектираат сите потреби на кои треба

[87] Ђорђевић, М. (2011), *Утицај појединих фактора на процес ресоцијализације осуђених лица*, Социјална мисао бр.2, стр.78

во текот на казната да се работи со цел отклонување на причините кои довеле до појава на такво однесување кај осуденото лице. Сепак како и да е никогаш не може се да се предвиди како понатаму ќе се одвива однесувањето на осудениот бидејќи се работи за жива материја која може постојано да варира. Се она што ќе биде детектирано кај осуденото лице без разлика дали се работи за образовни, семејни или други потреби претставува една појдовна основа од која понатаму ќе се продолжи во ресоцијализацијата кај осуденото лице.

Третманот подразбира поврзан систем на методи, мерки, постапки и однесувања спрема осудените во фазата на извршување на кривичните санкции што имаат за цел да обезбедат ресоцијализација социјална адаптација на осуденото лице. Исто така преку третманот се дејствува кон насочување и развивање на позитивните особини со кои располага личноста, како и употреба на методи мерки и постапки кои осуденото лице постојано ќе го ставаат во активен однос и положба спрема себе. Ваквиот однос се карактеризира со постепеност, динамичност и упорност пред се на превоспитниот персонал а потоа и на осуденото лице кое издржува казна затвор.[88]

Квалитетот на превоспитувањето е условен од утврдениот третман затоа е многу значајно колку и во каква мера, успешно утврдениот третман ќе може да оствари добри резултати во процесот на ресоцијализација. Ова е почетниот и најважен дел во почетокот на процесот на ресоцијализација од причин што се тргнува од тука и продолжува понатаму. Затоа е битно одредувањето на третманот да биде што повеќе концентриран на разновидна понуда и опфатеност на најсовремени методи, мерки и програми за работа со осудени лица кои издржуваат казна затвор. Квалитетната и навремена употреба на методи и мерки би придонела да се постигнат добри резултати во превоспитувањето на осудените лица кои издржуваат казна затвор. За секој од облиците на третман ќе дадеме подетално објаснување понатаму во нашиот труд. Од страна на Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите е донесено упатство кое се однесува на определување на видовите и начините на видовите на третман. Исто така воведени се и протоколи за работа и постапување преку кои се претставени чекорите на постапување за секоја

[88] Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевски, А. (2013), *Пенологија наука за извршување на кривичните санкции со извршно казнено право на Република Македонија*, (прв дел), Скопје: стр.309-310

работа поединечно со цел олеснување во работењето со осудени лица. По извршената класификацијата осуденото лице преоѓа кај воспитувачот кој ја продолжува работата понатаму со осудениот врз основа на веќе изготвениот третман. Поради преголемиот број на осудени лица кои ги имаат воспитувачите во своите воспитни групи, скоро невозможно е подеднакво да се посветува доволно внимание на индивидуалните потреби на осудените лица, со оглед на фактот дека целата работа се состои повеќе во административни работи од типот на молби од судени лица, пишување на предлози за викенд, условен отпуст, помилување и друго. Организирањето на слободното време, спортско рекреативните, културно уметничите и другите активности многу малку се организираат во установите. За надминување на овој проблем со кој се соочува пенолошкиот процес потребно е растеретување на обврските на воспитувачите со цел поконцентриран пристап во работата со осудените лица. Поголем дел нема многу измени од порано до сега, стариот систем на воспитно образовен третман во поголем дел е задржан и нема многу новитети, кога станува збор за нудењето на програми за работа кои подетално ќе допринесат за подобрување на процесот на ресоцијалзација. Третманот што се предвидува во затворите дава минимални резултати со оглед на активностите кои може да се понудат. Покрај почитувањето на куќниот ред, одржување на дисциплината што е од клучно значење во вакви установи, работното ангажирање во кое можат осудените да се вклучат доколку сакаат согласно можностите и понудата која ја дава установата, потребно е поголемо и пошироко продлабочување на образовните активности кои треба да се опфатени но ги нема.

## 4.2. ВИДОВИ НА ТРЕТМАН И НАЧИНОТ НА НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ

Со самото доаѓање на издржување казна затвор осудените лица се сместуваат во приемното одделение. Во Република Македонија за жал нема оформено и комплетирано приемни одделенија по сите затвори, па некаде осудените поединечно се класифицираат од страна на секој воспитувач посебно кој го изработува третманот и планот на казната. Можеби во иднина ќе се направи еден опсервационен центар каде ќе се врши комплетна опсервација на осудените лице пред да почнат да ја издржуваат предвидената казна затвор, од каде потоа ќе се препраќаат по останатите затвори, согласно утврдената класификација, третманот и планот на казната според индивидуалните особености на осуденото лице. Овде можеби ќе треба да се поработи и на поконкретна специјализација и опременување на КПУ за спроведување на третманот и планот на одредени програми.

Во согласност со настојувањата во современата пенологија условите за живот и работа во казнено-поправните установи да се приближат што повеќе кон условите на живот и работа на слобода, развојот на општеството во целина, посебно во областа на средствата на производство, напредокот што со себе го носи науката и технолошката револуција, врши силно влијание и врз облиците на третман што се применуваат спрема осудените лица. Во пенитенцијарните системи овие длабоки промени во општествените односи, се одразуваат на тој начин што силно се изразени тенденциите за надминување на класичните облици на третман и извршување на кривичните санкции по пат на поставување на нова организација, категоризација на пенитенцијарните установи, обезбедување на подобри услови за живот и работа за осудените лица со одраз на нивно функционирање во целина. Кон овие настојувања се надоврзува и напредокот на науките за човекот кои дојдоа до нови сознанија кои во пенологијата се применуваат преку новите методолошки постапки и техники во изучувањето на личноста на деликвентот и во нови облици на третман. [89]

---

[89] Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевски, А. (2013), *Пенологија наука за извршување на кривичните санкции со извршно казнено право на Република Македонија*, (прв дел), Скопје: стр.326

Во работата со осудените лица се употребуваат повеќе методи на третман. Со самото класифицирање на осуденото лице понатаму се одредува и видот на третманот во зависност од одделението во кое ќе престојува. Најзастапени третмани во казнено поправните установи се индивидуалниот, групниот, работата како третман, воспитно-образовниот, организирање на слободното време и осуденичкото самоорганизирање.

Секој од овие третмани се карактеризира со свои особености и делува соодветно на целите кои треба да ги оствари.

*Индивидуалниот третман* тргнува од индивидуалните потреби на секое осудено лице. Ваквиот индивидуален пристап во третманот може да има значајна предност во однос на другите методи на треман. Осуденото лице може да се опушти доколку разговорот се води без присуство на трети лица. Сето ова отвара простор за понатамошна успешна корекција. [90]

Детектирањето на индивидуалните потреби уште на самиот почеток ја дава насоката во која треба понатаму да се интервенира во превенирањето на појавите кои предизвикале отстапувања во однесувањето на личноста. Во овој третман од голема важност е довербата која треба осудениот да ја стекне и верувањето дека навистина со помошта од воспитувачот може да се надминат неговите проблеми кои ги има.

Според *М. Милутиновиќ* групниот третман има за цел, извршителите на кривични дела да ги одвои од криминогените групи и да ги насочи кон просоцијални групи во кои се стекнуваат позитивни навики и начини на однесување. Но во пенитенцијарните установи е тешко да се постигне овој ефект на групен третман, поради карактерот на групите кои се формираат во затворската осуденичка средина како и самата атмосфера која владее во нив.

Групниот третман бара постудиозен пристап за разлика од индивидуалниот. Самите методи, форми и потребни услови за работа за групен третман ја прават изведбата на овој метод тешка за работа. Друга потешкотија е тоа што ваквиот вид на третман кај помалите казни не може да се спроведува, бидејќи малиот и непостојан временски период на траење на казната не може да се вклопи временски и да има ефект во фазите кои се предвидени за групниот третман. Затоа кај малите казни повеќе се користи индивидуалниот метод,

[90] Milutinovič, M. (1992), *Penologija,* peto izdanje, Beograd: Savremena administracija, стр.98

педагошкото советување и други методи и форми на работа кои се соодветни за ваков пристап на работа.

Кон *работата* на осудените лица како *облик на третман* се пристапува главно од два аспекта :

1. низ работата да се создадат работни навики кои кај осуденото лице понатаму можат да му обезбедат достоен, чесен и среќен живот;
2. низ работата може да се стекне со професионални квалификации кои ќе му обезбедат поголема материјална и социјална сигурност во животот на слобода;[91]

Работата како третман е составен дел од процесот на ресоцијализација на осудените лица. Во секоја установа има работни единици каде осудените може да се вклучат во истите и да се стекнат со практични вештини од одредени области. Осудените лица на издржување на казна затвор доаѓаат со различни степени на работни навики. Некои поседуваат делумно, некои веќе ги имаат во добар дел усвоено а некои пак воопшто и не поседуваат работни навики. Можноста која им се нуди за да се вклучат во некој работен процес преку кој би стекнале некоја работна навика е важна од повеќе причини. Работата освен тоа што овозможува изградување на работни навики, усвојување на практични вештини, професионално надоградување му помага на осудениот да го исполни своето време со корисни активности, заборавање на момент на проблемските или депримирачките ситуации кои ги имал претходно, полесно отслужување на предвидената затворска казна, помагање во безделничењето и разбивање на досада. Освен ова со вклучување во некој работен ангажман осудениот добива и извесен паричен надоместок. Оттука може да се каже дека работата има големо позитивно влијание во процесот на ресоцијализација бидејќи помага осудениот да се почувствува корисен и да сфати дека и преку некриминално асоцијално поведение може да се справи надвор со проблемите во општеството.

За тоа какви работни можности им се нудат на осудените лица и како се постапува со истите накратко ќе го погледнеме упатството за определување на

[91] Арнаудовски, Љ. (1989), *Пенологија наука за извршување на кривичните санкции*, Скопје: стр.245

видовите и начините на третман на осудени лица кое е донесено од страна на Управата за извршување на санкциите.

Со работата осудените лица образовно, стручно и професионално се оспособуваат за самостоен и корисен живот на слобода, ги развиваат сопствените потенцијали и работните навики.

Вклучувањето на осудените лица во работниот процес се остварува со целосно почитување на следните начела:

- работата не треба да има понижувачки карактер;
- земање во предвид на физичките и психичките способности на осудените лица при остварувањето на правото на работа;
- овозможување на осудените лица да го избираат видот на работата согласно нивниот интерес за одреден вид на работа;
- ангажирање на осудените лица на продуктивна работа во определено работно време;
- професионално, стручно и корисно оспособување и
- овозможување на еднакви услови за работа како на слобода.

За вклучување на осудените лица во работниот процес, потребно е:

- овозможување на работно ангажирање на сите осудени лица кои се способни за работа и сакаат да работат;
- систем на работилници од различен вид;
- работно ангажирање на осудени лица во согласност со стратегии за понудување на производите на пазарот;
- работа во просториите во кои се сместени осудените лица во установи од затворен тип;
- земјоделско-сточарски активности;
- работа надвор од установата;
- одржување на општата и личната хигиена и
- работа во кујна

Работното оспособување се врши од страна на инструктори и други оспособени лица кои со своето влијание придонесуваат за остварување на конкретните цели дефинирани во индивидуалната програма за третман на осуденото лице и тоа: промена на негативните ставови кон работата, развивање

и поттикнување на интересот за работа, почитување на општата дисциплина во работата, соработка со другите осудени лица во работната група, како и соработка со другите стручни лица во спроведување на третманот.[92]

Може да се види дека на осудените им се нуди можност да се вклучат во работниот процес без притоа да се бара од нив задолжително да го сторат тоа. Во изборот на работни активности имаат можност да одберат активност согласно нивниот интерес и согласно можностите на установата која би сакале најмногу да ја работат. Сепак и овде се соочуваме со проблем на операционализација на некои од понудените работни активности. Осудените кои се класифицирани во затворено одделение во некои КПУ, или по некоја друга причина се нашле во тоа одделение ја немаат таа можност иако работата претставува право и доколку осудениот изрази желба да работи треба тоа да му се овозможи. Поради неможноста да им се овозможи било каква работа, кај ова одделение единствено нешто на што се заинтересирани осудените е нивното конформистичко однесување и стекнување на право за прогресирање во полиберално одделение. Неможноста да се овозможи некаков работен ангажман за овие осудени лица кои се наоѓаат во затворено одделение во некои казнено поправни установи ги осиромашува и онака оскудните методи и форми на работа кои можат да се применат во процесот на ресоцијализација. Овде осудените поголем дел од времето го поминуваат во безделничење и досада чекајќи да го издржат законски предвидениот дел за промена на третман и со тоа да прогресираат во одделение од полиберален вид. Во вакви услови превоспитното делување е минимално и е сведено повеќе на почитување на одредбите од куќниот ред отколку усвојување на некои вештини, знаења и умеења. Во ваква средина каде нема активности во кои би биле вклучени осудените често доаѓа и до прекршувања на куќниот ред на установата. Причината за неможноста работно да се ангажираат осудени лица кои се со престој во затворено одделение во поголем дел од казнено поправните установи е од инфраструктурен карактер. Немањето на соодветно предвидени простории каде би биле сместени работилници е еден од главните проблеми.

---

92 Види: Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудени лица, ("Службен весник на Република Македонија" ), чл.17,18 и 19, стр.5-6

Покрај работата како третман, неизоставен дел е и *образованието на осудените лица.* Во работниот третман кој го разгледавме погоре во текстот видовме дека осудените преку работата и учат. Затоа може да се каже дека овие два третмани се и на некој начин нераздвојни.

Образовно-воспитниот процес, под кој се подразбира сознавање на предметите и појавите на објективната реалност и менување на човекот и стварноста (на оној кој сознава и она што се сознава) е постојан и жив процес, по сите манифестации мошне богат и разновиден. Човекот сознава така да се каже на секој чекор, на секое место, во секоја ситуација, во текот на целиот свој живот, и кога безгрижно оди по улица, застанувајќи само кај некој привлечен излог, оглас или реклама, кога набљудува некоја природна појава, кога гледа кино-претстава или слуша концерт, кога размислува за она што го перцепирал и сознал како и кога е дел на една организирана работна група или аудиторија, во сала или училиште. Во секоја таква и слична ситуација човекот нешто сознава – за предметите и појавите, за себе си и другите, и секое такво сознавање претставува образовен-воспитен процес кој се заснова врз определени законитости (психолошки, гносеолошки, дидактички), врз определени принципи и патишта и остварување на различни степени на сетилната и мисловната активност. Во исто време, сите тие се разни форми на образовно-воспитното влијание кои со оглед на својата природа можат да се групираат во два вида:

- во спонтано или ненамерно образовно-воспитно влијание
- во високо организирана или намерна образовно-воспитна активност [93]

Секоја ситација во која би се нашол човекот преставува можност за усвојување на нешто ново било тоа да е со намера или не. Ваквиот облик на перманентност му е достапен на човекот насекаде каде и да се наоѓа. Сето ова се сведува на тоа дали сака или не да се вклучи било тоа да е организирано од некого или пак негова самоиницијатива да научи нешто. И покрај тоа што затворската средина преставува една средина каде може да е оптоварен и од

[93] Самоловчев, Б. (1981), *Основи на андрагогијата*, Скопје, Универзитет Кирил и Методиј, стр.267

други фактори сепак образовно-воспитното влијание има значајна улога во промената на личноста на осудените лица.

Преку образованието осудените лица стекнуваат знаења, кои треба понатаму да им помогнат да ги разберат условите на живот во кој се наоѓаат, сфаќање на битните агенси и конфликти кои криминално можат да делуваат на нив, како и пронаоѓање на вистинскиот пат кој треба да биде во склад со општеството.[94]

Отргнувањето од криминалното размислување преку активно партиципирање во образовните активности преку кои осудените би увиделе дека имаат можност да го подобрат образовниот степен, а со тоа понатаму и да имаат некои бенефит кога ќе се вратат повторно во општествената средина. Но не секогаш може да се решат за оваа солуција од причина што пристапуваат со недоверба на кон ова, нефункционирањето на постпеналната помош како и тешкиот начин да се дојде до некоја пристапна работа која би им овозможила еден нормален живот.

Возрасниот човек (па дури и кога е осуденик), се вклучува во образованието од три причини : да ја задоволи општествената средина, да се задоволи себе си и да добие почитување од другите. Традиционалното образование е систем на образование за школски облици кои се и денес доминантни поготово кога се работи за образованието како третман во затворската средина. Образованието не е процес кој е поврзан само со училиштето и ограничен само за младоста, туку процес кој се одвива на секое место и во сите животни доби. Образованието е општествена појава, па без неа и човечкото општество нема ни образование ни образовни потреби.[95]

Самореализацијата и задоволување на образовните потреби на човекот му помоганат полесно да стекне одредени знаења кои понатаму би му помогнале во животот. Во сето ова мотивацијата игра многу голема улога, но доколку на крајот од замисленото се оствари посакуваната проекција.

Образовните имплуси го пратат човекот низ целиот негов живот и истите се подржани не само за потребите на човекот, туку и за неговите вредносни ориентации. Вредностите го управуваат текот на човековиот живот и работа, ја

---

[94] Milutinovič, M. (1992), *Penologija,* peto izdanje, Beograd: Savremena administracija, стр.126

[95] Кнежиќ, Б. (1996), *Obrazovne potrebe osuđenih lica*, Jugoslovenska revija za kriminologiju I krivično pravo, Бр.1-2, str.121-128

одредуваат смислата на образовниот процес, и претставуваат основна идеја на негова непрекинатост и континуитет.[96]

Сето она што ќе се стекне преку образовниот процес се реализира преку работењето и доприносот. Континуитетот на учење и надоградување дава постојано следење и унапредување на знаењето кое во денешно време е доста потребно за да одговори на општествените потреби.

Образованието во процесот на ресоцијализација е од големо значење бидејќи токму преку него се подига свеста и културата кај осудените и треба да послужи како блокатор за девијантното однесување.[97]

Поретки се осудените кои се одлучуваат да започнат со некакво образование иако, насекаде во светот се укажува на големата улога и значењето на образованието, без разлика на старосната граница, единствено модерно општество е она општество во кое постојано се пратат, надоградуваат и унапредуваат образовните потреби кои се нераздвоен дел од технолошката револуција која се случува во светот и на која треба соодветно да се одговори со цел навремено фаќање на чекорот со современото општество.

Образованието на осудените лица како и нивното професионално оспособување не може да биде апсолутна брана на сите негативни влијанија во процесот на ресоцијализација, бидејќи образованието е само еден од агенсите на тој процес.[98]

Кога станува збор за ресоцијализацијата на осудените лица, честопати се добиваат критики дека е нефункционална, бидејќи како објективен идикатор за успешноста на самиот процес го земаат токму институционалниот третман, што е само сегмент од целиот процес кој е доста сложен и обемен и кој во себе вклучува многу повеќе фактори кои се зависни едни со други и ја прават целината успешна од кога сите би си ги оствариле своите улоги за што се наменети. Во тој контекст се наоѓа и образованието во самиот процес на ресоцијализација, како еден дел од процесот и не може да се земе во предвид само неговата успешност или неуспешност, со цел да се носат понатаму конечни одлуки за евалуација околу превоспитниот третман. Затоа

[96] Ђорђевић, Ј. (2007), Циљеви васпитања и образовања и моралне вредности, Београд : Српска Академија,стр.12
[97] Milutinovič, M. (1992), *Penologija,* peto izdanje, Beograd: Savremena administracija, стр.126
[98] Николић, З. (1985), *Sociologija kaznano-popravnog delovanja sa osnovama metodike resocijalizacije*, Niš: Gradina, стр.95

образованието како составен дел од процесот на ресоцијализација треба заедно со другите сегменти кои се вклучени во ресоцијализацијата да се надополнуваат едни со други, се со цел успешност во процесот на ресоцијализација. Покрај формалното образование кое може осудениот да го стекне во затворот подеднакво важни и значајни за придонес во воспитно образовниот процес на осудени лица се и неформалното и информалното образование. Сепак значењето на образованието е големо во ресоцијализацијата на осудените лица. Реалзизацијата треба да биде правилно организирано за да може во средината во потполност да одговори на поставените барања.

Со непостојаното организирано образование се ускратува еден од битните фактори на оспособувањето на осудените лица за живот по истекот на нивната казна. Во овој контекст е потребно да се истакне опаѓањето на образовноста додека престојуваат осудените лица поготово ако се со подолга казна. Наместо преку образование и обука да се оспособат, квалификуваат, преквалификуваат или доквалификуваат за некоја работа и самостоен живот, напротив во затворот условите можат да се продлабочат во негативна смисла за да по нивното излегување на слобода да продолжат со она што го научиле во затворот. Работата и образованието би требало да се заснова на објективните потреби и можности на осудените лица со што би имало ефект, бидејќи секоја присилна работа и образование како ни било која друга принуда нема да биде успешна.[99]

Ваквиот пристап го потенцира значењето на образованието во процесот на ресоцијализација. Потребата од посериозен пристап и организираност на образовниот процес во пеналната средина го намалува влијанието на неформалниот систем кој осудените лица го градат меѓу себе и кој сам по себе е негативен за нив. Станува збор за внатрешен “криминален ситем” на вредности кои честопати доминира и се усвојува од страна на осудените лица. Така честопати се случува наместо да се усвојат правилни форми на однесување, размислување и делување да доминира спротивното кое подоцна во постпеналната средина ќе кулминира со сторување на ново кривично дело а со тоа и враќање во затвор. Ова пред се се должи на отсуството на иницијатива и потребата од изнаоѓање образовни модели на спроведување кои би ги вклучиле

[99] Knežić, B. (2011), *Nesklad zakona i mogućnosti osposobljavanja osuđenika,* Strain pravni život, Institut za uporedno pravo, Beograd, br.3, str.145

осудените лица. Правото на избор останува на нив, но не можеме да очекуваме и да знаеме дали би се вклучиле било да е работен процес или образование доколку не им понудиме некаков избор.

Образованието како облик на третман има огромна важност за спречување на идното криминално поведение на осудените лица и за нивното успешно вклучување во животот на слобода. Ова сознание од криминолошките укажувања дека нискиот степен на образование и примитивизмот водат кон нарушување на критерумите за оценка на дозволеното поведение што во содејство со другите криминогени фактори има значајна улога во генезата на кривичното дело. Тој факт секојдневно го потврдуваат и пенолошките истражувања за образовно ниво на осуденичката популација кое насекаде во светот е мошне ниско изразено. Според тоа една од битните задачи на пенитенцијарните установи е вложување континуирани усилби за подигање на образовното ниво на сите, а особено на помладите осуденици. Во таа смисла огромна е улогата на училиштето како основна клетка каде намерно и организирано може да се врши образовниот процес. Со помош на наставата што се организира во него осудените лица можат да се стекнат со знаења од различни подрачја на човековата дејност. Тие знаења од своја страна им овозможуваат да се интериоризираат социјално прифатливи мислења, ставови, уверувања, морални норми и такви навики што во основа го менуваат односот кон трудот, смејството, другите луѓе, туѓите материјални и духовни добра и елементарните општествени вредности и интереси. Стекнатите знаења се натаму во состојба да извршат промени во психолошката структура на личноста заштo врз нив најчесто се гради емоционалниот и афективниот живот на човекот. Во текот на образовниот процес кај личноста на човекот се развиваат и бројни особености како на пример : способност за внимание, набљудување, помнење, судење, заклучување, генерализација, критичко расудување и сл. Таквата способност во семејството со стекнатите знаења и умеења го овозможуваат снаоѓањето во слободното општество и успешното совладување на деструктивните пориви и мотиви што обично се јавуваат кога во животот ќе се наиде на потешки проблеми.[100]

---

[100] Сулејманов, З. (1998), *Коментар на законот за извршување на санкциите*, Скопје,стр.226

Образованието може видно да помогне и допринесе во процесот на ресоцијализација. Тргнувајќи од фактот дека со усвојувањето на разни форми на образование самото осудено лице може да ја збогати својата личност и да го смени концептот на перцепција и расудување кој понатаму би се движел во позитивна насока, од големо значење е активирањето на изгубените особености кај осудениот кој дотогаш не успеал или не знаел како да ги развие. Целокупниот процес на превоспитување треба на осудениот со оглед на неговиот вложен труд во стекнувањето на вештини знаења и умеења, да му укаже дека и без сторување на кривични дела со малку повеќе самореализирање може да биде корисен член на општеството. Сепак во усвојувањето на нови знаења мора да се земат во предвид можностите и способностите кои ги поседуваат возрасните.

Факт е дека не им се излегува во пресрет на осудените за стекнување на осудените стручни квалификации, па така голем процент од оние кои се на издржување на казна доаѓаат без стручни квалификации, а исто така и од затворот излегуваат еднакво нестручни и необразовани. За ваквата состојба секогаш се наведува оправдувањето кое не е поткрепено со факти а тоа се : "краток период во кој не може да дојде до стручно оспособување и друго" (Јованић, 2010). Во затворот и најголемите оптимисти кои го конституирале формалниот систем како образованието така и работното оспособување, нема да подлегнат на нереалната амбиција дека секој ќе заврши четиригодишно средно образование и работно ќе се оспособи за ВК работник, но може да очекуваат дека ќе усвојат одредени знаења и вештини како за некои општи знаења така и за одредени занаети, кои просечно траат до три месеца. Ова секако ќе овозможи полесно вработување по излегувањето од затвор. (Јованић, 2010).[101]

Очигледно е дека и она што е посочено и предвидено како образование кое треба да им се понуди на осудените лица во пракса не функционира. Самиот престој во затворот наместо да обезбеди стекнување на некое знаење, вештини кои ќе може да им користат по излегувањето не допринесува за тоа. Изгубена е намената и функцијата на образованието во процесот на ресоцијализација. Секогаш се наоѓаат разни изговори без притоа да се направат детални анализи од кои подоцна ќе произлезат реални потреби и насоки за подобрување на

[101] Đorђević, M. (2011), *Утицај појединих фактора на процес ресоцијализације осуђених лица*, Социјална мисао бр.2, стр.85

процесот на ресоцијализација. Изнаоѓањето на лесно применливи модули и форми на образование кои би биле функционални доста би помогнале во процесот на ресоцијализација.

Бидејќи воспитанието и образованието, односно учењето тежнее кон развој на личните особини и другите процеси кои пропратно се со нив, како и усвојување на нови знаења и умеења, се поставува прашањето колку возрасните се погодни за учење односно колкави се нивните способности за постигнување на успех во воспитно образовниот процес. Во проценувањето на ваквите можности мора да се земат во предвид нивните :

- сензорно – перцептивни можности
- интелектуално – сознајните можности
- емотивно – сознајните можности [102]

Стекнувањето на образование и развој на лични особини кај осудените во голема мера зависи од нивното вклучување и активност во текот на целиот процес на ресоцијализација со цел надоградување и подигање на нивото на личните особини. Ваквиот пристап бара големи вложувања како од оние кои се задолжени за спроведување на процесот така и од самите партиципиенти во истиот. Соодветната прилагоденост и дозирањето на интензитетот во работата во спроведување на програмите кои треба да допринесат подигање на образовното ниво како и за развој на личните особини кај осудените се од голема важност и треба да се обрати доста внимание поготово за возраста на осудените лица кои се вклучени во него. Различниот степен на можности кои ги поседуваат го диктираат и темпото на работа во усвојување на новите знаења и умеења.

[102] Јашовић, Ж. (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, стр.84

## 4.2.1 ВИДОВИ НА ПРОГРАМИ

Покрај гореспоменатите третмански пристапи, примената на современи облици на работа допринесуваат за реализирање на дополнителни содржини кои помагаат во спроведувањето на процесот на ресоцијализација. Во секојдневната работа на ресоцијализација на осудените лица може да сретнеме повеќе програми.

Спроведувањето на програмите може да се подели на општи и специфични. Општите се однесуваат на редовните програми во кои спаѓаат :

- работа на осудени лица
- образование на осудени лица
- образование на осудени лица по занимање
- морално-етичко воспитување и осуденичко самоорганизирање
- слободни активности, спорт и рекреација на осудени лица [103]

Од изложеното може да се види дека редовните програми опфаќаат повеќе области кои се од голема корист во процесот на ресоцијализација. Преку вклучувањето на осудените во програмите се отвара можност за унапредување и збогатување на човечкиот капитал. Кај некои осудени лица овој капитал може да биде поизразен и да е потребно само негово надоградување, додека пак кај други да биде потребно повеќе време и напор во спроведување на програмските активности.

Покрај редовните програми на третман од страна на Управата за извршување на санкциите согласно упатството за определување на видовите и начините на третман на осудени лица а врз основа на утврдените потреби во индивидуалната програма за третман, покрај општите третмански мерки може да се спроведуваат и специфични третмански мерки за одделни категории на осудени лица и тоа:

- третман на осудени лица кои злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции;
- третман на осудени лица кои злоупотребуваат алкохол;
- третман на осудени лица сторители на сексуални деликти;

[103] Види: Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудени лица, ("Службен весник на Република Македонија" ), чл.14 и 15, стр.5

- третман на насилни осудени лица во затвор;
- третман на осудени лица за кривични дела со елементи на насилство;
- третман на помлади полнолетни осудени лица;
- третман на малолетни лица;
- третман на осудени лица жени;
- третман на осудени лица на казна доживотен затвор и
- медицинско – психолошки третман на осудени лица (за определено време или за целиот период од извршувањето на казната).[104]

Овие специфични програми на третман имаат за цел да одговорат во превоспитувањето на осудени лица каде имам поголеми отстапувања кои се разликуваат од редовните постапки за третман и за кои е потребно сериозен и поспецифичен пристап. И кај овие програми во зависност од групата во која се наоѓа осудениот се остварува процес на учење. Овде осудените пред се изучуваат одредени вештини како да се справат со она што им преставува голем проблем. За жал овие програми сеуште не се во фукција поради материјално-технички пречки и не може да се согледа нивната евалуација. За сите овие набројани горенаведени третмани потребни се програми според кои би се спроведувале. За жал сеуште нема адаптирани и изготвено програми за сите третмани кои се наведени и сеуште се работи на нив. Добро би било што побрзо овие програми да заживеат со што ќе може да се направи една евалуација преку која ќе можат да се согледаат позитивните и негативните резултати.

Курсевите претставуваат еден континуран процес на предавања и вежби од еден тематски комплекс или еден дел на широка тематска целина. Целта на курсот е усвојување на нови знаења како и проширување на постоечките со цел зацврстување на одредени ставови кои произлегуваат од конкретни тематски области. По својата содржина, целта и задачите на курсевите можат да бидат различни според нивото на аспирација односно целта која сака да се оствари. Врз основа на ова може да се формираат основни, дополнителни и напредни (специјални курсеви). Основните курсеви содржат стекнување на елементарни знаења од некој предмет или област (курс за описменување, курс за странски јазик). Дополнителните се курсеви кои се организираат со цел дополнително

[104] Министерство за правда – Управа за извршување на санкциите, (2011) – Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудени лица,Скопје, стр.9

совладување на некои знаења, вештини и навики што значи продлабочување на постоечките знаења и нивно иновирање. Напредните или специјални курсеви се организираат за стекнување на специјални занаења од некоја струка или за подигање на нивото на природно техничката или технолошката култура на учесникот во некој работен процес. [105]

Мора да постојат секогаш достапни кусеви или модели на образование кои ќе бидат со постојана финансиска поткрепа со што би се избегнал "почетокот и крајот" на овие програми. Од секогаш во затворите се започнувале многу проекти но поради недоволната конкретизација, финансиски и други фактори секогаш го доживувале крајот. Затоа кај овие видови на казна добро би било организирање на некои кракти флексибилни курсеви, организирање на предавања на различни теми, преквалификација и доквалификација, стекнување на вештини знаења и умеења согласно должината и времето на нивната казна. Затоа треба да се изработат модули за работа преку кои сето ова ќе може да се реализира. Од сето ова може да видиме дека треба да се вложат доста напори за да се подобри процесот на ресоцијализација во нашите затвори. Можеби една од најважните работи што треба да се превземат и на која нашата држава веќе работи е реновирање на установите, намалување на пренатрупаноста на осудените лица преку изградба на нови затворски установи, изрекување на алтернативни мерки. Сето ова преставува еден долготраен процес кој би требало постепено да се реализира. Со повеќето истражувања и дијагностицирања на состојбата ќе се направат значајни анализи од кои ќе произлезат потребите за подобрување на состојбите во секоја сфера од затворската проблематика. Сепак како единствен проблем останува решавањето на финасиските аспекти кои се од битно значење во секој домен кога станува збор за воведувањето на новитети.

Моделите на образование кои би се понудиле во затворот би можеле да ги поделиме во повеќе групи и тоа :

- модел на образование за кратки казни;
- модел на образование за подолги казни;
- модел на образование на далечина;

[105] Јашовић, Ж. (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, стр.232-233

Првиот модел или моделот за кратки казни во себе би содржал два дела и тоа:

1. учење на вештини како што се :

   - вештини за самоконтрола;
   - вештини за комуникација;
   - вештини за справување со проблемски и конфликтни ситуации;
   - просоцијални вештини;
   - вештини за донесување на одлуки;
   - вештини за справување со стрес;

Ваквиот модел со учење на вештини би можел да се применува кај осудени лица со кратки казни. Вештините би можеле да се користат и како задолжителни во третманот. Функционалноста и флексибилност на ваквиот модел исто така би овозможил комбинација со секаков вид на казни.

2. можност за вклучување во формалниот систем на образование (кој би бил поврзан со надворешните образовни институции

Опцијата за вклучување во формалниот систем на образование и покрај кратките казни кои би ги имале осудените лица треба да функционира на принципот на поврзаност и јака подршка од сите инволвирани страни. Ваквиот пристап би овозможил осудените по излегувањето да го продолжат започнатото образование во затворот. Вториот дел од ова опција треба да биде поврзан со отпустот и постпеналното прифаќање. Осуденото лице кое додека бил на издржување на казна затвор и се вклучил во формалното образование ќе треба да се обрати кај надлежната институција за спроведување на постпеналната помош (ова задача припаѓа на ЦСР кои мора да имаат формирано одделениа за таа намена кои сеуште ги нема). Со самото отпуштање во заклучниот извештај (кој и сега се праќа до надлежните институции вклучувајќи го и ЦСР) се известува за остварениот степен на ресоцијализација, но тука застанува се и понатаму нема никакво постпенално дејствување и помагање на осудениот. Извештајот кој ќе се поднесе до ЦСР покрај останатите информации ќе содржи и информации за степенот на образование со кое се стекнал или пак до кое ниво

стигнал осудениот додека бил на издржување на казна затвор. Од тука па натаму би требал да продолжи со образованието и во тој поглед би требало да му се помогне доколку изрази желба и заинтересираност.

Моделот на образование за подолги казни во себе би вклучувал можност за основно, средно и образование по занимање. И кај овој модел би важела истата функционална примена. Кај овие казни со оглед на временскиот период не би требало да има голема потреба од постпенално довршување на образованието како во првиот модел.

Моделот на образование на далечина би функционирал како и кај останатите земји кои го применуваат. Иако е доста иновативно ваквиот модел на образование во голема мера би можел да користи за осудените лица кои се осудени на доживотни казни, осудени лица кои сакаат да се образуваат а ја нема понудено таа образовна програма во затворот каде издржува казна затвор. Преку ваквиот пристап може да се направи и една листа на образовни понуди која би била иста за сите затворски установи преку која ќе може да се погледнат образовните можностите кои се нудат.

Во образованието на осудените посебно внимание се посветува на континуитет на самите содржини. Првенствено се води сметка за функционалноста на тие програми, односно мора да бидат во функција што побрза а со тоа и поуспешна реинтеграција во општеството. Стекнувањето на дипломи за одредено занимање не е доволен гарант за успешна ресоцијализација. Во установите е потребно да се направи промена во смисла на поместување на тежиштето на барањата кои му се даваат на осудениот. Во ова насока потребно е инсистирање на функционалност на образовните програми, прилагодување на индивидуалните потреби и вклучување во специфичните програми. На овој начин ќе се зголемат шансите за настанување на позитивни промени кај осудените, кои не треба да се набљудуваат само низ стекнување на одредени дипломи или слични сертификати за учество и низ смалување и стопирање на рецидивизмот, туку повеќе од аспект на субејкти кои учествуваат во образовниот процес. (Јованиħ, 2008).[106]

Потребата од функционални програми кои реално ќе можат да бидат од голема корист во процесот на ресоцијализација е очигледна. Досега постоечките

[106] Đorđević, M. (2011), *Утицај појединих фактора на процес ресоцијализације осуђених лица*, Социјална мисао бр.2, стр.84

понуди и можности во голем дел се нефункционални и не можат да одговорат на потребите кои се наметнуваат како приоритет со тек на времето кое со себе носи доста промени за кои треба да се интервенира навремено. Веќе подолг временски период во ова област нема внесено некоја свежина која може да резултира со унапредување на процесот на ресоцијализација. Се се сведува на она што беше од порано спроведувано. За да се промени лошата слика потребно е поголемо вложување во овој дел од ресоцијализацијата како од материјално-финансиски аспект така и од меѓуинстутиционален. Само на тој начин ќе може да се придонесе за квалитетен образовен процес во затворите. Потребно е да се допринесе стекнатите дипломи, знаења, вештини и умеења кои осудените лица навистина ќе можат да ги добијат преку квалитетна едукација понатаму да може да им користат по излегувањето од затвор.

## 4.3. ОБРАЗОВНИОТ ТРЕТМАН ВО КАЗНЕНО ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Видовме каква е организациската поставеност на установите и нивните надлежности за спроведување на казните. Образовниот третман треба да биде застапен во сите програми за ресоцијализација. Во самото планирање на казната се отвара можноста за вклучување во некој образовен модел кој би одговорил согласно потребите на осуденото лице утврдени со помош на инструментот за проценка на ризик.

И во упатството за определување на видовите на третман стои дека во установите се обезбедуваат материјални, просторни и кадровски услови за реализирање на образованието како дел од редовните програми. Образовниот процес на осудените лица поаѓа од индивидуалните потреби во зависност од тоа дали е на почетно ниво и е потребно описменување или пак е потребно дооформување на образованието.[107]

[107] Види: Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудени лица, ("Службен весник на Република Македонија" ), чл.20 и 21, стр.6-7

Сето ова укажува на потребата од еден соодветен пристап кога станува збор за организација на образованието во затворите. Припремата и подготовката за спроведување на образовниот процес како и обезбедување на материјални и човечки ресурси се од големо значење за испораката на потребното ниво на образование.

Видот и степенот на образованието зависи од бројот и структурата на осудените лица на кои им е неопходен образовниот процес при што се земаат во предвид психофизичките својства, потенцијали и интереси за стекнување на образование во рамките на можностите на установата, како и претходно стекнатиот степен на образование.[108]

Секое осудено лица со доаѓањето да ја издржува казната затвор поседува некое образовно ниво. Проценката за тоа какви образовни интервенции се потребни кај осудениот се анализираат веднаш на самиот почеток додека престојува во приемно одделение. Потикнувањето и интересот за да се вклучат осудените во образовниот процес додека ја издржуваат казната исто така е важен аспект во самиот процес на ресоцијализација. Сепак спроведувањето на образовниот процес во најголем дел зависи од можностите на установата и условите кои треба да се создадат за непречено одвивање на процесот.

Установата обезбедува задолжителна настава за неписмени и помлади полнолетни осудени лица кои согласно нивните психофизички особини, лични карактеристики, потреби и желби за стекнување на одреден вид на образование во рамки на можностите на установата. Во установата се обезбедува настава согласно позитивните законски прописи од областа на образованието.[109]

Од голема помош е овозможувањето на осудените лица кои се неписмени да се вклучат во образовниот процес и со тоа да стекнат одредено образовно ниво. Ваквата можност би овозможила да стекнат една самодоверба а со тоа и можност за повиоко котирање на пазарот на трудот по нивното излегување од затвор. Можеби во овој дел е потребно поголемо залагање на Министерството за образование за подобрување, континуираност и застапеност на спроведување на образовните активности во сите затвори. Образованието на осудените лица е опфатено и во стратегијата за ресоцијализација и социјална адаптација каде е предвидено следното :

[108] Исто: чл.22 стр.7
[109] Исто: чл.23 стр.7

**Резултат 2:** Организирано образование на осудени лица кои имаат желба да се образуваат и стекнување со валидна диплома.

**Активности:**

- Обезбедување на просторни и материјални услови заради непречено одвивање на активностите

- Поврзани со образовниот процес во установите

- Обезбедување на соодветен наставен кадар кој ќе ја спроведува наставата.
- Стекнување со дипломи кои ќе бидат валидни и надвор од затворот.

**Носители:** Министерство за образование и наука, Управа за извршување на санкции , КПУ и други установи кои извршуваат воспитно-образовна дејност.

**Временска рамка:** Континуирано.[110]

Организирањето на образование во затворите треба да биде достапно во сите затвори без оглед на висината на казната, што е можеби и проблем на некој начин. Сеуште нема рамномерна застапеност на образовни активности по затворите во Македонија. Во некои установи недостасува просторни услови каде би се реализирала наставата кој иако се предвидени во стратегијата сеуште нема конкретна операционализација која можеби во блиска иднина ќе се спроведе. Застапеноста на курсевите и стручно-практичната обука треба да се подигне на повисоко ниво. Затоа носителите на овој дел од стратегијата треба да помогнат во релизирањето на предвидените активности и обезбедување на услови кои ќе помогнат за полесно спроведување на истите.

[110] Република Македонија Министерство за правда на Влада на Република Македонија – Управа за извршување на санкции – Стратегија за Ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор 2010-2012, стр.18

## 4.4. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВНАТА КОМПОНЕНТА ВО КАЗНЕНО – ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Реализацијата на образовната компонента во сите установи не е застапена насекаде исто. Во некои установи имаме поизразен интензитет додека кај други пак воопшто и да нема реализација на образованието. И покрај законските одредби, правилниците и упатствата кои укажуваат на тоа како треба да се одвива и реализира образовниот процес подеднакво во сите установи согласно можностите и интересите на осудените лица сепак сето ова нема голема функционалност. Спроведувањето на образовната компонента може да се одвива на повеќе начини во установите во зависност од тоа за каков вид на образование станува збор. Оттука и вклучените актери може да бидат различни во зависност од тоа дали би имало потреба од описменување и спроведување на формален вид на образование или пак би се јавила потреба од неформало образование.

Во установите задолжително се организира основно образование како како дел на општиот систем на образование и воспитание. Реализацијата на образованието на осудените лица се организира во самата установа или во местото на седиштето на установата. Задолжен за ограниизирање и финансирање на основното образование на осудените лица по предлог на Управата за извршување на санкциите е Министерството за образование и наука.[111]

Самата установа треба да води сметка за овозможувањето и реализирањето на образованието кое треба да го добијат осудените лица со што во голема мера би ја зголемила можноста на осудените за вклучување во програмата за образование. Но овде мора да се потенцира дека треба да има и голема помош од страната на Министерството за образование, кој заедно со Управата за извршување на санкциите сето ова би можеле да го покријат финансиски со што би се овозможил непречено одвивање и спроведување на образованието.

Наставата за основно образование се организира за сите осудени лица кои се лишени од слобода над една година и по правило во самата установа.

[111] Види: *Закон за извршување на санкциите,* Сл.Весник на Р.Македонија бр.2 од 09.01.2006, чл.135

Начинот на кој се организира основното образование за осудени лица зависи од условите со кои располага установата во кои се сместени овие лица. Доколку постојат неопходните предуслови за сето ова, наставата за основно образование се организира во самата установа со користење на внатрешен и надворешен кадар. Доколку таквите предуслови не се обезбедени, наставата може да се организира и надвор од установата. За тоа се склучува соодветен договор со основното училиште на слобода, кое по можност треба да се наоѓа во најнепосредна близина на казнено-поправниот дом или на казнено-поправната установа. Наставата треба да се одржува во време кое се поклопува со периодот на работното време.[112]

Основното образованието како што можеме да видиме е достапно за сите. И покрај ова можноста за вклучување на осудените лица во образовниот процес евидентно е дека има одредено ограничување во однос на висината на казната. Осудените кои се осудени на казни над една година, имаат потреба и сакаат да се вклучат може тоа да го сторат, додека останатите поради помалите казни не се опфатени. Условите како битен елемент се на товар на установите кои треба да ги обезбедат за да може да се обезбеди непречено функционирање на образовниот процес. Позитивно е и тоа што е дадена и можност која исто е во насока за остварување на образовниот процес а тоа е склучување на договор со основно училиште кое е во близина на казнено – поправната установа се со цел овозможување на осудените да ги задоволат образовните потреби. Ваквата поставеност отвара добра можност за спроведување на образованието а со тоа и подобрување и збогатување на процесот на ресоцијализација за осудените лица кои се на издржување на казна затвор. Во установите каде се издржуваат подолги казни има организирано настава но само до основно образование, додека средно образование нема. Исто така се нуди и изучување на занаети, така на пример во КПД Идризово доста познато е резбарството каде се изработуваат квалитетни резбарски дела.

[112] Сулејманов, З. (1998), *Коментар на законот за извршување на санкциите*, Скопје,стр.228

# 4.5. ПРОБЛЕМИ ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОБРАЗОВНИОТ ТРЕТМАН ВО УСТАНОВИТЕ

И покрај предвидените можности кои ги споменавме како начин на спроведување на образовниот процес, треба да се каже и збор два околу проблемите на кои се наидува и кои ги имаат установите а се поврзани со спроведување на образовниот процес во установите. Обезбедувањето на средства за организација на настава за неписмени и помлади осудени лица претставува проблем иако сето ова е предвидено да функционира заедно со помош на Министерството за образование. Проблеми во реализацијата се јавуваат и во нееднаквост на застапената образовна компонента од причина што нема реализација на образование подеднакво во сите казнено – поправни установи, што можеби се должи на фактот дека поголем број од установите се од полуотворен тип каде се издржува казна затвор до три години и казна во траење од 6 месеци во поврат. И покрај тоа што овие установи имаат и казни кои се над една година сепак во голем дел има и казни кои се под една година па од таа причина можеби се сметаат дека не се соодветни за организирање на образовен процес со оглед на временската рамка која на некој начин претставува бариера и го спречува реализирањето на образованието.

Во скоп на третманот кој би требало да биде планиран за секој осуденик посебно мора да постои и дел кој директно се однесува на образованието, кој има за цел лесно вработување на осуденикот на слобода. Најголемо внимание треба да се посвети на оние кои имаат завршено само основно училиште или пак нецелосно завршено основно образование кај кои нема ни основни елементи на писменост. Други лица се дефицитарни во смисла на функционалност на своето образование кое го поседуваат, па дури и тоа што го поседуваат не може да се искористи во секојдневниот живот. Врз основа на ова установите се должни да им овозможат завршување или доврување на образованието.[113]

Потребата од поголемо вложување во образовниот процес на осудените лица е повеќе од потребна. Немањето одговор на овој проблем само повеќе го

[113] Ђорђевић, М. (2011), *Утицај појединих фактора на процес ресоцијализације осуђених лица*, Социјална мисао бр.2, стр.83

продлабочува и онака просечниот процес на ресоцијализација. Затоа потребно е изнаоѓање на пофункционален пристап кој ќе овозможи :

- поголема мотивираност и заинтересираност на осудените лица за вклучување во некој образовен модул;
- поголема палета на образовни активности за кои осудениот може да се определи;
- можност за самодокажување и потврдување преку што ќе може да ја изрази својата креативност;
- лесно вклопување во некој образовен модул (доколку има завршено одреден степен на образование а сака да го надгради);
- можност да научи нешто современо кое е во склоп со пазарот на трудот кое по излегувањето ќе може да го примени;
- можност за усвојување на разни животни вештини;
- можност за продолжување на образованието и по излегувањето од затворот (поврзаност на затворското образование со образование во локалната средина);
- можност за образование на далечина (доколку во установата не е застапено образование, можност за вклучување на оние осудени лица кои се осудени на подолги казни или доживотен затвор;

Многу малата вложеност во модернизација и производство како и неможноста за следење на новите технолошки достигнувања, без разлика на ефтината работна сила, не допринесува да се одржува конкурентност на производите, што значи дека тој производ што произлегувал од затворските институции повеќе не постои или е сведен на минимум. Во многу земји овој проблем се решава со влегување на приватни лица во партнерски односи со затворот, што има и предности и слабости. Предноста се состои во модернизација на производството врз основа на тоа што исите услови кои ги има во установата ги има и надвор од неа, но од друга страна постои можност од експлоатација на ефтина работна рака. Она што најчесто го прават затворите е склучување на договор со поедини фирми за привремени работи за потребите на приватните фирми во локалната заедница, а некогаш во некои случаи

доколку има погон внатре во установата ангажирање на осудените лица за конкретен производен производ.[114]

Ненавременото реформирање и модернизирање на веќе постоечките работнички погони кои беа во склоп на затворите допринесе за уназадување и уништување на процесот на ресоцијализација кога станува збор за работниот процес. И покрај профитабилноста и конкурентноста на пзарот како и големиот број на ангажирани осудени лица во минатото денес сликата за ова состојба е бледа. Мал број на осудени лице се ангажирани а тоа пред се се должи на повеќе аспекти како што се неможноста за ангажирање, немањето на материјали за работа, прескапото одржување на погоните, нерентабилното работење и друго. Можеби во овој дел потребно е државата да помогне во справувањето со субвенционирање и помагање на затворските институции. Во делот околку конкурентноста и рентабилното работење на работните погони и покрај тоа што овие единици пред се не се првенствено основани за остварување на профит туку за ресоцијализација каде осудените ќе можат да се стекнуваат со одредени знаења, вештини и умеења. Исто така потребна е и соработка со факултети кои со нивната помош можат доста да помогнат во изнаоѓањето на соодветни, применливи и одржливи програми за работа било тоа да се однесува на економски дел наменет за работниот процес или пак за процесот на ресоцијализација. Потребата од вакава соработка може да биде од големо значење за унапредување на процесот на ресоцијализација. Можноста за ангажирање на осудните лица надвор од установата како што има позитивности така има и доста негативности кои ги носи со себе. Сепак како и да е не може сите осудени лица да работат надвор од установата во некоја фирма во локалната заедница. Поголемиот дел од осудените лица кои издржуваат казна затвор остануваат во затворот и затоа е потребно нивно што е можно подобро оспособување и зацврстување на линкот помеѓу затворот и надлежните институции за постпенално прифаќање по нивното излегување надвор.

Сето ова наведено укажува дека работата на осудените лица е минимизирана, дека не се користи во доволна мера како во процесот на третман, превоспитување, стручно оспособување, така и во процесот на производство, па

---

[114] Исто, стр.86

се поставува прашањето која е целта на казната затвор и дали може да се исполни крајната цел на ресоцијализацијата.[115]

Во затворите има работни единици каде може да се изучуваат одредени занаети а со тоа и осудените да се стекнат со некоја практична вештина што претставува и еден вид на образование. Сето ова е опфатено со одредувањето на индивидуалниот третман каде покрај останатите методи и форми на работа спаѓа и работното ангажирање на осудените кои издржуваат казна затвор. Сепак и покрај ова можност која ја имаат осудените на располагање потребно е поразновидна понуда на активности со што би се добило и на квалитет во процесот на ресоцијализација.

Единствено што треба да се подобри кај нас во овој дел е зголемување на можностите и предвидените активности кои треба да ги имаат осудените во текот на нивниот престој додека ја издржуваат казната затвор. Затоа затворските работилници мора да бидат добро опремени, осовремени и поврзани со она што се учи. Во ова насока е и стратешкиот план на нашата држава за подобрување на процесот на ресоцијализација преку изнаоѓање на подобри решенија кои ќе го подигнат квалитетот на работа во затворите. Во стратегијата која е донесена 2010 година во однос на работниот ангажман е предвидено следново :

**Резултат 1:** Обезбеден работен ангажман на осудените лица во согласност со општествените текови и капацитетите на установите, психофизичките способности и интересот на осудените лица.

**Активности :**

- Обезбедување на работно ангажирање за осудени лица во и надвор од установата.
- Изнаоѓање и воведување на работен ангажман во установите и одделенијата од затворен тип.

---

[115] Исто, стр.86

- Зајакнување на контролата при работен ангажман на осудени лица надвор од установата.

**Носители:** КПУ, Управа за извршување на санкции.

**Временска рамка:** Континуирано.[116]

Реализирањето на зацртаните цели од стратегијата внесоа една свежина во затворите и поместување на одредени работи во процесот на ресоцијализација, но не во доволна мера. Изоставувањето на евалуацискиот процес е делот кој фали и кој секогаш треба да ни биде водич за подобрување или анулирање на пропустите и проблемите кои може да се појават, а кои се разбира реално ги има и постојат.

Прашање е колку овие работни единици допринесуваат за осудените да се вклучат во работниот процес а со тоа и да усвојат и научат нешто ново кои подоцна би можело да им биде од корист. Овде може да се направи една поделба од повеќе аспекти и тоа :

- незаинтересираност на осудените и покрај тоа што се работно ангажирани во некоја работна единица
- немањето на доволно репроматеријал за обработка
- застарени машини за работа
- нефункционалност на веќе постоечките работилници кои се склоп на установата

Релативно мал е бројот на осудени лица кои вистински се трудат да научат нешто. Останатите кои воопшто не се заинтересирани а се работно ангажирани во некоја работна единица поголемиот дел од денот го поминуваат во безделничење и исчекувње да им заврши казната.

Голем дел од нив поради слабата мотивираност не се трудат да научат нешто. Можеби незаинтересираноста на дел од осудените лица се должи и токму на неатрактивноста на занаетите кои се нудат во установите кои не соодветствуваат или пак не се конкурентни на современите потреби на пазарот на трудот што е дополнителна отежнителна околност кога станува збор за

[116] Република Македонија Министерство за правда на Влада на Република Македонија – Управа за извршување на санкции – Стратегија за Ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор 2010-2012, стр.18

мотивацијата на осудените лица за вклучување во истите. Неможноста по излегувањето од затвор поради неатрактивноста на пазарот на труд да се применат стекнатите работни вештини, не некој начин ги фрустира осудените кои се повеќе се на мислење и неверување во системот од кој очекуваат да добијат втора шанса која за жал ја нема.

Друг дел од затворениците пак, махинално ја прифаќаат работата која им служи како алатка која кај одговорните треба да создаде впечаток дека се посветени на работата и дека со тоа треба да добијат подобри погодности за разлика од останатите осудени лица. Секако дека погодностите се предвидени согласно законот и тука нема ништо спорно.

Сето ова допринесува само извршување на работите во затворот но не и унапредување и надоградување на работните вештини, кои впрочем и треба да се доста застапени преку учење на нови знаења и вештини се со цел да помогнат во процесот на ресоцијализација. Се разбира покрај споменативе примери има и исклучоци кај одредени осудени лица кои добро имаат совладано некој одреден занает или работна активност но пред да дојдат на издржување на казна затвор. И овде изостанува можноста за надоградувањето доколку се заинтересираат да усвојат или научат нешто дополнително. Сето ова е показател дека треба да се обрати внимание и во иднина да се поработи на изготвување на современи и атрактивни програми кои би ја подигнале мотивацијата кај осудените. Многу помал број се оние осудени кои сметаат дека надоградувањето на своите практични вештини е корисно и дека во иднина би им користело сето тоа знаење. Но и во овој случај и да сакаат осудените да научат нешто современо би биле ограничени од причина што во установите не е направен ниту еден чекор за модернизирање и ревидирање на веќе постоечките капацитети каде треба да се остварува практичната настава.

# 5. СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ОБРАЗОВНАТА РЕПРОДУКЦИЈА

Активностите на слободното време може да се поделат во три групи и тоа :

1. активности чија функција е одмор
2. рекреативни активности
3. активности за развој на личноста

*Првата група* на активности каде што функцијата им е одмор не бара некои посебни големи физички и пихички напори и намената им е релаксирање на индивидуата. Осудените така најчесто го поминуваат времето сончајќи се на сонцето ако времето е добро се разбира, или пак начин да заборават на секојдневните затворски проблеми. Најголем број на осудени лица дел од слободното време го поминуваат во шетање и разговор едни со други или пак доколку времето е непогодно остануваат во просториите за дневен престој.

*Втората група* на активност е со рекреативен карактер преку кои осудениот непосредно самоиницијативно се вклучува. Во казнено поправните установи ваквите активности се спроведуваат претежно преку спортски натпревари помеѓу самите осудени лица, гледање на телевизија, радио преноси и репортажи, ќино проекции, и сл.

*Третата група* на активности е насочена кон развој на личноста и како таква има посебно место во одредени категории на осудени лица во казнено поправните установи. Во ова група покрај спортските игри спаѓаат и разните секции.[117]

*Организирањето на слободното време* претставува активност преку која се овозможува да се сфати затворот како недепримирачка средина и олеснување во издржување на казната затвор. Единствено нешто што е најдолго од се во затворите е времето кое споро поминува кое за осудените можеби е најважна работи во целата казна. Проблемот како да се справат и организираат со цел што побрзо да им поминат деновите од казната е важен сегмент за секое

[117] Николић, З. (2005), *Пенолошка андрагогија са методиком преваспитање*, Београд: стр.218-221

осудено лице. Превоспитувањето не се состои само во работни, образовни и други активности кои ги има осудениот во текот на денот туку и во организација на слободното време. Во сите овие групи на активности кои ги споменавме досега освен секторот за обезбедување мора да бидат вклучени и воспитувачите.

Преку осуденичкото самоорганизирање се создаваат одредени навики кои треба да служат како основа за понатамошното однесување на осуденото лице. Осудените знаат дека им е дадено доверба и дека тоа ја зголемува нивната одговорност за добро поведение. Така се градат нивните конструктивни ставови и навики во однос на елементарните животни имплуси и манифестации. Ова всушност е посебен процес на интеракционен механизам кој стимулативно делува кај осудените лица во правец на развивање на саморганизирање во своето превоспитување. Освен ова развивањето на осуденичкото самоорганизирање му помага на осудениот да се приближи кон животните услови на слобода, што е посебно значајно кога се работи за припрема и за вклучување во процесот на самоорганизирањето на слобода.[118]

Осуденичкото самоорганизирање е послободен третман кој го имаат осудените лица во установите. Кај овој третман се оди кон тоа да им се даде можност на осудените на некој начин сами да се поправат со тоа што ќе ја сфатат направената грешка и сами ќе дојдат до она потребното кое треба да го анулираат а кое допринело за негативност во нивното поведение. Обично со вакви третмани се осудените лица кои се наоѓаат во отворените одделенија каде им е дадена доверба на самите осудени лица кои треба да ја оправдат со нивното однесување во средината. Самите правила кои важат кај овој третман се разликуваат од другите останати во установите. Повеќето поволности кои ги имаат делуваат стимулирачки и се примамливи за сите осудени лица да работат на своето поведение и да докажат дека може да се стекнат со ваков третман.

[118] Milutinovič, M. (1992), *Penologija,* peto izdanje, Beograd: Savremena administracija, стр.135

# 6. ВЛИЈАНИЕТО И ЗНАЧЕЊЕТО НА РАЗЛИЧНИТЕ ВИДОВИ НА ВОСПИТАНИЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Во воспитанието и образованието на ова категорија на луѓе од битно зачење се најралзичните воспитаниа како што се морално, естететско, физичко, интелектуалното и социјално-етичкото. Ова универзална концепција е битна карактеристика за успешна работа во делот на ресоцијализацијата.

*Физичкото* или телесното воспитување претставува свесна и систематска активност која влијае на човековиот организам но истовремено и на неговиот психички живот. Физичкото воспитание има значајна улога за правилен телесен развој, унапредување на телесното здравје и промена на другите димензии на личноста како што се морални, естетски и други квалитети. Образовно-воспитните задачи на физичкото воспитание се преку истото кај осудените да се усвојат и зацврстат и понатаму да се развиваат одредени знаења вештини и навики кои се поврзани не само со телесните активности туку и со извршување на извесни работни и други активности. Физичкото воспитување од аспект на рекреативен карактер има за цел да ги развие и зацврсти позитивните карактеристики на секој поединец. Така преку учеството во некоја спортска активност се доаѓа до развивање на одредени квалитети како што се другарство, соработка со други, самоконтрола скромност и.т.н.[119]

Физичкото воспитание делува како еден вид и на превенција во зачувување на здравјето на осудените лица. Разните телесни активности кои осудениот може да ги оствари помагаат многу и во смирување на неговата напнатост од самата средина, празнење на негативните емоции и континуирано одржување на физичката кондиција. Голема улога во воспитниот третман на осудените лица има и интелектуалното воспитание. Накратко ќе се обидеме да го согледаме значењето и функцијата на ова воспитание и образование.

[119] Јашовиħ, Ж. (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, стр.221-223

# 6.1. РАЗВОЈ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ИНДИВИДУИТЕ

Генеречкиот сегмент на развој на индивидуите заправо преставува интелектуален развој, кој се означува како и когнитивен развој, односно како развој на когнитивни способности и вештини, кој трае, во одредена смисла, од самото раѓање па низ целиот животен тек на индивидуата. Ова пред се се однесува на развој на интелектуалните способности и совладување на различни когнитивни вештини како значаен аспект од личноста на секоја индивидуа. Заправо секоја личност поседува своја индивидуалност и на основа на индивидуално условната развиеност на когнитивните способности и вештини. Во тој процес посебна улога има интелектуалното воспитание кое треба како организирано делување да овозможи достигнување на оптимално ниво на развој на когнитивните способности и вештини, односно достигнување на највисоките можни нивоа на развиеност во квалитетна смисла.[120]

*Интелектуалното* воспитание претставува процес преку кој човекот може да ги развива своите интелектуални можности знаења и вештини. Ваквата форма на воспитание на осудените може доста да им помогне во активирањето на мисловните процеси. Престојот во затворот надополнет со вакво воспитание преку кое може да се стекнат разните знаења, вештини, навики, одредени сознанија од некоја област, развивање на позитивни особини, подигање на нивото на култура, можат понатаму да им помогнат во збогатување и развој на интелектуалниот потенцијал. Развојната улога која ја има ова воспитание допринесува да се активира осудениот повеќе во размислувањето, расудувањето и погледите на светот кои претходно од негова страна биле восприемани на различен начин при што дошло до асоцијалност во неговото поведение. Овој вид на воспитание го среќаваме во сите форми на образовна работа која е присутна во казнено поправните установи. Затоа и неговата улога е од големо значење во менување на концептот на размислување кај осудените лица.

[120] Antonijević, R, (2013), *Andragoške studije Časopis za proučavanje obrazovanja i učenja odraslih broj 2*, Univerzitet u Beogradu, Filozofski fakultet, Institut za pedagogiju i andragogiju, стр.88

## 6.2. НАМАЛУВАЊЕ И ОПАЃАЊЕ НА ДОСТИГНАТОТО НИВО НА РАЗВИЕНОСТ НА КОГНИТИВНИТЕ СПОСОБНОСТИ И ВЕШТИНИ

И покрај то што го прифаќаме ставот дека интелектуалниот развој е доживотен процес, овој процес не подразбира во секој дел на својот тек присуство само на развојните својства кои значат напредок во развојот. По достигнувањето на некој оптимално ниво на развиеност на поедини когнитивни способности и вештини, настапува процес на опаѓање на нивото на развиеност, односно одреден вид на регресивни процеси. Ова исто така претставува една законитост на човековиот развој во целина, а се однесува и на областа на интелектуалниот развој. Воспитанието, образованието, учењето и другите видови на активности заправо имаат улога да ги успорат регресивните процеси. Секоја интелектуална активност во текот на човековиот живот може да има одредена улога во овој процес. Ова посебно се однесува на интелектуалните активности кои не им се наметнати на индивидуите во било која смисла, и кои се извршуваат на сопствена иницијатива, кои допринесуваат за лична сатисфакција само поради спроведувањето на такви активности.[121]

Низ текот на годините кај човекот нормално е да опаѓаат одредени процеси вклучувајќи го тука и интелектуалниот развој. Затворската популација не располага со доволно развиено ниво на способности и вештини. Затоа понудата на образованието во затворите, од страна на осудените треба да биде сфатено како можност и шанса за подигнување на нивото на интелектуалност а со тоа и отргнување од штетните влијанија и размислувања. Појавувањето на регресивните процеси во ваква средина и кај ова категорија на луѓе се надополнети со фактори кои дополнително го отежнуваат нивото на когнитивните вештини и способности. Повторното активирање на интелектуалниот развој заправо кај затворската популација бара поголеми вложувања и напори за активирање пред се на сопствениот интерес и бенефитот кој може да го имаат од вклучувањето и настојувањето во подигањето на интелектуалното ниво.

[121] Исто, стр.88

## 6.3. РАЗВОЈ НА РАЗЛИЧНИ СОЗНАЈНИ СКЛОНОСТИ И ИНТЕРЕСИРАЊА

Склоноста спрема постојаното учење и осознавање, како и сознајните интересирања во различни области се составен дел од професионалните активности во секојдневниот живот на современиот човек, кој се соочува со потребата да ги задоволи своите различни образовни потреби. Секојдневното учење и сознавање, усвојување на нови знаења и поими, трагање по нови решенија, се остварува се повеќе на ниво на разбирање на она што претставува предмет на учење и сознавање, трагање по нови информации и слично, претставува дел од секојдневните активности на современиот човек. Поради тоа неопходно е во процесот на интелектуално воспитување да се овозможи создавање на различни структури на сознајни склоности и сознајни интереси, што треба да овозможи полесно снаоѓање на возрасните личности во соочувањето со предизвиците и созанавање на новото во било која ситуација.[122]

Целта на интелектуалното воспитание и образование не е само развивање на вештини туку создавање и на една навика за потребата од постојано надоградување на усвоеното. Структурите кои може да се создадат преку интелектуалното воспитание и образование, можат кај осудените да помогнат околу изнаоѓањето на адекватни решенија кои би го зајакнале индивидуалниот капацитет кај самата личност а со тоа и би ја подигнале самодовербата за соочување со проблемите кои ги имаат.

[122] Исто, стр.89

## 6.4. РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА САМООБРАЗОВАНИЕ И САМОСТОЈНО УЧЕЊЕ

Секоја индивидуа низ текот на целиот живот, во училишната и во возрасната доба, има потреба за усвојување на различни организирани или самостојни активности во образованието и учењето, кои меѓу другото се одвиваат и по моделот на информативно образование (Uggla, 2008). Овие облици на активности подразбираат присуство на делумна или потполна самостојност во нивното усвојување во однос на активностите кои се однесуваат на подучување во наставата или надвор од неа од страна на наставник или друг експерт. Од друга страна самообразованието и самостојното учење не мора да се одвива независно од некоја форма на формално и неформално образование, туку напротив овие два облика може да се појават во однос на компелментарност, односно меѓусебно фукнционално и содржајно надополнување. Нивото на ефикаснот и ефективност во процесот на самообразување и самостојно учење зависи од квалитетно развиените компетенции во ова област.[123]

Осудените потребата од образование не треба да ја сфатат само како потреба додека се во затвор и ја издржуваат предвидената казна. Треба да сфатат дека постојаното надоградување им оди во корист со оглед на општествените потреби кои се повеќе и повеќе се менуваат.

## 6.5. РАЗВОЈ НА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ПЕРМАНЕНТНО (ДОЖИВОТНО) ОБРАЗОВАНИЕ И УЧЕЊЕ

Модерниот свет на работа бара секој поединец да поседува современи знаења и вештини со цел што поефикасно извршување на сите работни обврски и задачи, карактеристични за секоја професија, односно за секое работно место. Во современи услови на работа незамисливо е некој да може ефикасно да ги извршува своите професионални обврски без задоволување на потребите во ова област. На пример Eason (2010) смета дека во професијата медицинска сестра неопходно е постојано унапредување на различни знаења и вештини поради

[123] Исто, стр.89-90

успешно совладувања на различни здравствени сценарија. За да би се одвивал процесот на доживотно образование и учење на оптимално ниво, неопходно е секоја индивидуа во процесот на интелектуалното воспитување да биде на адекватен начин оспособена за ефикасно усвојување на различни активности во овој процес, што заправо треба да се одвива низ развој и унапредување на различни компетенции за доживотно образование и учење.[124]

Потребно е во затворите да се внесат современи знаења и вештини кои константно ќе се надоградуваат преку флексибилен модел со што соодветно би одговориле на потребите на модерниот свет.

## 6.6. МОРАЛНО ВОСПИТАНИЕ

Преку сторување на кривичното дело осуденото лице покажува дека поседува систем на вредности, навики, сфаќања и критериуми за моралните вредности што се различни од оние кои владеат во општеството. Со сторувањето на делото тие покажуваат дека во процесот на нивна социјализација недостасуваат, не се исполнети или се прескокнати одредени фази и процеси на нивно правилно воспитување, на изградување на морални и етички норми на однесување.[125]

Моралното воспитание има важна улога во повторно враќање на осудениот на вистинскиот пат но овој пат со обновени морално–етички вредности во склад со општествените норми на однесување. Допринесот на моралното воспитание во средина како што е затворската треба да биде насочена кон менување и отстранување на негативните појави и градење на систем на разни позитивни особини кои ќе придонесат промена кај личноста преку вклучување и корегирање и развој на осуденикот како личност.

[124] Исто, стр.90

[125] Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевски, А. (2013), *Пенологија наука за извршување на кривичните санкции со извршно казнено право на Република Македонија*, (прв дел), Скопје: стр.333

## 6.7. ЕСТЕТСКО ВОСПИТАНИЕ

Поаѓајки од специфичниот затворски живот и имајќи ја во предвид и организцијата на работата и живот во затворските установи тешко може да стане збор за некои облици на естетско воспитување. Но меѓутоа ова не ја исклучува можноста да се искористат разни облици и средства на естетското воспитување кои можат да се обезбедат во склоп на секојдневните активности на осудените лица. Сите средства на естетско воспитување можат да се остварат во три основни подрачја и тоа :

- живот и работен простор
- остварување на поединечни облици на стекнување на знаења
- слободни активности[126]

Естетското воспитание може во голема мера да ја зголеми креативноста кај осудените лица. Преку вклучување во работниот процес осудените лица можат да изработуваат најразлични предмети и со тоа да ја искажат својата творечка особина. Преку сликањето и цртањето осудените може да ја искажат својата креативност. Сето ова не бара премногу средства и може да се постигне само ако се вложи малку повеќе напор во превоспитната работа со ова категорија на луѓе. Како позитивен пример за ова може да се издвојат сликарските мотиви од осудени лица во Затвор Скопје, со што се потврдува дека позитивното изразување поготово во ваква средина е од големо значење не само за оној кој твори туку и за останатите осудени лица кои гледајќи го сето ова сакаат и имаат желба да се вклучат и да научат нешто повеќе. Преку сликарството осудените наоѓаат една хармонија и отргнување од негативните мисли на моменти. Сепак како и да е не можат сите да имаат афинитет кон сликарството но доволно е само едно осудено лице кое поседува такво знаење да ги активира и останатите осудени да се вклучат и да научат барем нешто. Уредувањето на просторот каде живееат исто е дел од ова воспитание со тоа што ова се смета како погодност која осудените лица ја заслужуваат со своето поведение.

[126] Јашовић, Ж. (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, стр.270-271

## 6.8. СОЦИЈАЛНО-ЕТИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ

Во современата педагошка и андрагошка литература поимот социјално-етичко воспитување најчесто се определува како севкупност на организирани, систематични влијанија засновани врз општествени и индивидуални усилби за позитивно формирање на личноста, на нејзините сознанија и творечки способности и нејзиниот активен однос спрема објективната стварност. Тоа е свесна и планска општествена дејност насочена кон позитивно структурирање на личноста и нејзиното менување во смисла на социјализација и збогатување на нејзините духовни, физички, морални и општествени својства. Преку воспитувањето кое се наоѓа во нужна дијалектичка врска со образованието човекот прифаќа сосема други, поисправни погледи и вредности за општествената стварност, за општествените норми на поведение, а во тие рамки и за своето сопствено однесување. Со негова помош човекот ги разгледува своите негативни ставови и навики и станува сестрана личност што во крајна линија е и целта на ресоцијализацијата тогаш кога овие процеси се насочени кон осудените лица што издржуваат казна лишување од слобода.[127]

Преку социјалното-етичко воспитување се настојува да се развијат потребните вредности кај личноста почнувајќи од социјалните, интелектуалните, морално-етичките особини кај личноста кои се неопходни за функционирање во општествената средина. Овој вид на воспитување треба да допринесе за помагање кај осудените за решавање на проблемски ситуации преку дијалог наместо други негативни пристапи, намалување на насилничко однесување, внимателност, воздржаност и непромисленост во некои нивни постапки, потикнување кон добро однесување, намалување на конфликтите, подигнување на нивото на комуникација итн. Усвојувањето на вакви особини треба да помогне во спречувањето на впуштање во ново криминално поведение на осудените лица по нивното повторно враќање во општествената средина.

[127] Сулејманов, З. (1999), *Пенологија*, Скопје: второ дополнето и изменето издание, стр.573

# 7. МОДЕЛИ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВЕН ТРЕТМАН НА ОСУДЕНИ ЛИЦА ВО ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ

Затворскиот систем и неговата улога во секое развиено општество зазема важна улога. Секоја држава се труди што е можно повеќе да ги подобрат методите на работа, условите за престој и издржување на казната затвор. Креирањето на функционални модели на работа се наметнува како повеќе од потребно од причина што од ден на ден се повеќе и повеќе се зголемува бројката на осудени лица. Успешноста во справувањето со овој проблем е од голема важност со што се допринесува спречување на турбуленции во општеството. Во зависност од политиката и начинот на спроведување на казната согласно законите и меѓународните документи и конвенции секоја земја на свој начин го има организирано воспитно – образовниот третман на осудени лица кои се наоѓаат на издржување на казна затвор. Различностите во понудените формални, неформални и информални модели на образование зависат од моделот на образование во секоја земја посебно во зависнот од тоа дали се работи за деветгодишен, десетгодишен или некој модел за стекнување на средно образование, вложувањето и настојувањето осудените да имаат можности за стекнување на некакво образование.

Сепак образованието што е понудено во затворите е многу различно од она во училишниот систем. Како негативни аспекти за затворениците се затворски ѕидови, и контроли како и фактот дека педагошките размислувања секогаш се втора виолина поради безбедносни причини. Во најлош случај поради ваквите причини затворската средина може да еродира многу карактеристики на затворско образование кое понатаму би се градело. Од друга страна пак затворското образование би можело да има ефект на промоција на способностите на учење за затворениците. За некои затвореници кои издржуваат казна затвор образованието може да обезбеди стабилизирачка структура која ќе им понуди повеќе образовни можности, додека за други пак можност за создавање на позитивна слика кај нивните семејства и пријатели. Затоа од суштинско значење е да им бидат понудени едукативни активности кои

би одговарале на нивните потреби. Зголемените инвестиции во затворското образование би придонеле за социо-економски придобивки за општеството.[128]

Потребата од поголема заложба пред се во вложените инвестици во затворско образование е од големо значење. Како што може да се види затворската средина е специфична од аспект на функционалност кога станува збор за воведување на разновидна понуда на образование кој секогаш претставува проблем околу спроведувањето. Образовните можности би го исполниле времето на затворениците со корисни активности и би делувале мотивирачки. Европските земји посветуваат доста големо внимание на овој проблем со оглед на порастот на криминалот кој од година во година е се поголем. Справувањето со ова категорија на луѓе е потребна на сите полиња од општественото живеење. Еден дел од ресоцијализацијата е перманентното образование кое во денешно време е се повеќе вреднувано.

Доказ за тоа колку доживотно учење би можело да придонесе за намалување на криминалното однесување е многу променливо. Механизмите преку кои учењето влијае врз социјалните резултати како што е криминалот се сложени. Човечкиот капитал е економско средство на личните вештини и квалификации кои се обезбедени главно преку индивидуалното образование и обука. Општествениот капитал е збир на мрежи и заеднички норми, често засилени и проширени преку учеството во образованието. Осудените имаат понизок човечки капитал. Тие се соочени со недостиг на потребните квалификации со кои би можеле да добијат некое вработување, како и потребни вештини за да работат продуктивно. Сето ова допринесува да бидат исклучени од пазарот на трудот како и од можноста за напредок во конвенционалната работа.[129]

Потребата од образование и постојаното надоградување на истото во време на брзи промени е чекор напред во справувањето со предизвиците. Осудените лица често во неможноста да се справат со општествените случувања за кои им се потребни одредени квалификации ја губат самодовербата.

---

[128] Ole-Johan Eikeland, Terje Manger og Arve Asbjørnsen, (2009), *Prisoners' Educational Backgrounds, Preferences and Motivation*, Nordic Council of Ministers, Copenhagen,стр.18
[129] Schuller, T. (2009), *Crime and Lifelong learning,* IFLL Thematic Paper 5, стр.10-11

Потребата од подобрување на условите и практично применливи решенија кои би се донеле со цел подигање на квалитетот на образованието би делувале позитивно во насока на зголемување на вредносниот капацитет кај осудените лица кои се на издржување на казна затвор со што и кај самите нив би се развило чувство на корисност.

Постојат повеќе начини како да се подобри атрактивноста и квалитетот на затворското образование и обука. Тие вклучуваат зголемување на соработката во затворот помеѓу различни актери, како и помеѓу затворите и локалните заедници со цел да се осигура дека образованието и обуката кои се предвидени во затворите се подржани и може да продолжат понатаму и по ослободувањето. Иновативните методи на учење кои акцентот го ставаат на оној кој учи, стекнување на знаења и искуства, претставуваат потреба која може да помогне да се привлечат затворениците за учење. Вклучувањето и употребата на ICT како и учењето на далечина не само што можат да го прошират опсегот на можностите за учење туку и да помогне во ситуација кога затвореникот може да биде преместен од еден затвор во друг.[130]

Секогаш за да функционира нешто што е замислено мора најпрво да се постават и создадат услови. Изнаоѓањето на современи и квалитетни модели на работа директно влијаат и на зголемување на квалитетот на понудата која може да се испорача во затворите. Воведувањето на ICT и учењето на далечина се само една алатка која внесува свежина и помош околу спроведувањето на образованието во затворите. Многубројните истражувања кои се направени во ова насока резултираат со голем број на искуства кои можат понатаму функционално да се искористат, се со цел затворениците да имаат бенефит од сето тоа. Повеќето европски земји сериозно размислуваат и се во фаза на спроведување на многубројните придобивки на техниката, кои бараат големи финансиски вложувања. Во секој случај потребата од поквалитетни знаења, вештини и умеења е неминовна во секој поглед.

[130] Jo Hawley Ilona Murphy, Manuel Souto-Otero, (2013), *Prison education and training in Europe Current state – of - play and challenges* A summary report authored for the European Commission by GHK Consulting, стр.5

Како Европа се движи кон вреднување на знаењето, така постои и поголема побарувачка на високо ниво на вештини. До 2020 година, 16 милиони работни места ќе се бараат со високо ниво на квалификации, додека пак пониското ниво на вештини ќе се намали за 12 милиони работни места. Луѓето со пониски вештини се со поголема веројатност да се соочаат со невработеност. Стапката на вработеност на ниско-квалификувани (ниво на образование ISCED – International Standard Classification of Education 0-2) е речиси 80% пониска од стапката на вработеност на лицата со универзитетско ниво на квалификации (ISCED 5-6). Во ова група со ниски квалификации се и поранешни затвореници кои се соочуваат со голем број на други бариери за обезбедување на вработување, како што се недостаток на работно искуство кое им е потребно во животната средина, но и предрасудите за нивното криминално минато што е и клучна пречка за добивање на работа.[131]

Конкурентноста на пазарот на трудот бара и потреба од обновливост на знаења, вештини и компетенции. Во секој случај, најзасегнати се оние кои нема да успеат континуирано да се надоградуваат. Затворениците претставуваат посебна маргинализирана група за која општеството иако треба да води сметка за нивното успешно враќање како нормални граѓани, сепак во реалноста статистиките и големиот број на анализи го покажуваат спротивното. Пред се ова се должи на крутоста на институционалниот систем кој не е во можност да одговори на предизвикот кој е дел од целосниот мозаик. Стереотипноста во размислувањата и неукажувањето на втора шанса по излегувањето од затвор на затворениците секогаш се во негативна насока кои директно ги чувствуваат самите осудени лица кои се сметаат како отфрлени од општеството.

Накратко пред да ги претставиме образовните модели и нивното спроведување во некои европски земји, ќе презентираме еден извештај од Нордиските земји а се однесува на тоа какви образовни потреби им се потребни на осудените лица.

[131] Исто, стр.12-13

На прашањето кое гласи :

Каков вид на затворско образование им е потребно на затворската популација направен е графикон каде циклично се презентирани потребите за осудените лица. [132]




[133]

Од ова јасно се гледа дека прво и основно е правото на образование кое како кај нас така и во нордиските земји е законски регулирано. Доживотното учење како и подобрување и изучување на животни вештини се важен дел во образованието на осудените лица. Потребата од нивна поголема афирмација и застапеност во затворските системи овозможуваат да се понудат повеќе опции.

На ниво на Европска унија како и на други поединечни европски земји прават напори младите и возрасните да се здобијат со потребните знаења и вештини кои би им помогнале да се соочат со новите ситуации на вработување во општеството кое е во постојана состојба на промени. Јасно е дека без ова знаење и овие вештини поедници ќе бидат исклучени од обичните образовни системи и пазар на трудот. Затворската популација е ранлива во овој поглед. Еден предуслов за задоволување на потребите на различните

[132] Torfinn Langelid, Marianne Mäki, Kaj Raundrup, и други (2009), *Nordic Prison Education A Lifelong Learning Perspective*, стр.14
[133] Исто, стр.14

групи затвореници за образование и обука е дека образовните власти поседуваат алатки за проценка на нивните потреби и опции на располагање за нив.[134]

Потребата од постојано унапредување на вештините знаењата, способностите и умеењата се само еден мал чекор во трката со времето и предизвиците кои допрва престојат. Брзите промени насекаде во светот како и доаѓањето до информации, постојано наметнуват нови вложувања во образованието. Проблемот не е во граѓаните на кои им се на дофат и можат во секое време да увојат нови знаења кои би биле соодветни на веќе поставениот предизвик од општеството, туку како сето ова да биде функционално и применливо кај специфична категорија на луѓе во која се и осудените лица. Потребата од поголема заинтересираност и вложување во овој дел од страна на соодветните органи задолжени за спроведување на образовната политика треба да биде сфатена посериозно и да сето она што е предвидено согласно законите да биде применливо и во пракса. На осудените лица мора да им се понудат разновидни образовни опции.

Регулирањето и надлежностите околу тоа кој ќе ја врши наставата во нордиските земји е различно дефинирано. Од графикот во делот кој се однесува на улогата на наставникот и методите на работа нордиските земји овој дел го имаат различно дефинирано кога станува збор за работниот статус на наставниците кои се задолжени за спроведување на наставата. Некаде тоа се наставници кои работат полно работно време а се вработени во затворска управа, други пак се водат како вработени во Министерство за правда или Министерство за образование. Кај нас во установите кај што се организира настава од формален вид се ангажирани наставници од надвор кои го спроведуваат образованието за возрасни. Курсевите се организираат со склучување на договори заедно со работничките универзитети. Единствен проблем со кој се среќаваат затворите во овој дел е паричниот надоместок кој затворските установи не можат да го платат, што впрочем ова треба да претставува задолжение на Министерството за правда и образование кои треба да го обезбедат финансискиот дел.

[134] Исто, стр.15

Покрај овој вид на образование сите актери кои учествуваат во процесот на ресоцијализација тргнувајќи од воспитувачи, инструктори по работни единици секојдневно обавуваат некаков вид на неформално образование, кое е изразено преку некоја работна форма или некое организирано предавање од одредена област.

Инструментите кои им се на располагање им овозможуваат соодветно да одговорат на реакциите кои произлегуваат од затворот. Меѓуинстутиционалната поврзаност и улогата на секој учесник во процесот на ресоцијализација и повторна реинтеграција на осудениот во општеството допринесуваат за подобра кординираност, планирање и остварување на зацртаните цели а со тоа и подобро искористување на можностите кои се нудат а се во насока за подобрување на образованието во затворите. Во Македонија меѓуинституционалната соработка на затворите со останатите засегнати и инволвирани страни не е на потребното ниво. И покрај тоа што е предвидено како да функционираат разните облици на образование и стекнување на разни вештини и компетенции, сепак тоа во пракса не се спроведува до крај. Во овој дел потребна е поголема заложба и операционализација на целите на образование од страна на сите субјекти кои на некој начин се директно или индиректно влучени во образованието на осудените лица кои издржуваат казна затвор. Планирањето и унапредувањето на процесот на ресоцијализација а со тоа и образованието како потреба на 21 век секогаш треба да биде приоритет. Со оглед на тоа дека ICT зема се поголем замав повеќе од јасно е дека во иднина треба да се размислува на воведување и на ваков вид на образование. Во таа насока европските земји се трудат да посветат поголемо внимание а со тоа и да овозможат пристап во затворите за овој вид на технологија.

Целтта на воведувањето на ICT технологијата во затворите е да се развие технологија на педагошки активности со тоа што осудените ќе имаат корист од овој вид на технологија и ќе бидат подготвени за општествените предизвици на 21 век.[135]

Настојувањата за воведување на ICT технологија, развивањето и прилагодувањето сето тоа да биде адаптирано и применливо за осудени лица претставува олеснување и модернизирање во методот на образовна работа со

[135] *www.pipeline-project.org*

осудените лица кои издржуваат казна затвор. Веќе во повеќе држави се настојува да се спроведе учење на далечина што ќе им овозможи на затворениците кои издржуваат казна затвор да можат без проблем да следат и одредени курсеви или предавања on line. Ваквиот тип на настава може да помогне околу справувањето со преместувањето на осудени лица од еден затвор во друг. Но и покрај позитивностите што ги носи овој облик на работа истиот е пропратен и со некои негативности кои можат да се појават а за кои ќе дадеме согледување понатаму во нашиот труд. Последните неколку наслови од графикот се однесуваат на финансискиот аспект и препораките кои се дадени а се во насока на спроведување и унапредување на недостатоците кои биле присутни од претходно. И покрај многуте препораки и стратегии недостатокот на финансии во нашата држава претставува еден од сериозните проблеми во спроведувањето на образованието во затворите.

## 7.1. ЗАТВОРСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ДАНСКА

Во Данска како и останатите нордиски земји со оглед на направените анализи и извештаи предложени се насоки како понатаму да се одвиваат образовните активности кои би требало да допринесат околу помагањето во процесот на ресоцијализација. Главните точки на кое е посветено поголемо внимание се :

- Овозможување на стекнување на пониско и повисоко ниво на образование
- Флексибилност и адаптираност на предавањето
- Интеграција на ICT во наставата и овозможување на курсеви на далечина
- Давање приоритет на ICT како посебен наставен предмет [136]

[136] Torfinn Langelid, Marianne Mäki, Kaj Raundrup, и други (2009), *Nordic Prison Education A Lifelong Learning Perspective*, стр.30

Како и кај нас така и во Данска е предвидено согласно законот за извршување на санкции правото на образование на осудените лица кои издржуваат казна затвор. Реализирањето на образованието во затворот мора да биде испланирано со оглед на времето кое го поминуваат осудените лица а кое е проследено со разни активности. Работниот ангажман за кој секој осуденик добива паричен надоместок треба да биде еднаков со времето кое осудениот би го поминал доколку сака да заврши основно или средно образование.

Ова треба добро да се осмисли и доколку има можности теоретското образование што би го стекнале да биде надополнето со практично преку разните работилници кои се наоѓаат во самата затворска установа. Водењето сметка и воведувањето на флексибилни образовни програми и курсеви со оглед на брзите промени согласно пазарот на трудот исто така е приоритет на кој се обраќа внимание. Користењето на ICT во наставата е проблем кога станува збор за затвори. Сето ова во Данска е предвидено и се препорачува што повеќе да се оди кон воведување на ICT со цел олеснување на самиот образовен процес но сеуште не е во целосна реализација. Воведувањето на ICT зависи од структурата на самата установа т.е. дали се работи за затвори каде е потребна поголема безбедност или затвори со полиберален третман. Целта на воведувањето на ICT е преку истата да се воведат курсеви на образование на далечина преку кои осудените ќе можат да се здобијат со одредени знаења со оглед на нивната намена. Издвојувањето на ICT како посебен и независен наставен предмет вклучен во образовните активности би им помогнало на осудените лица да се стекнат со ваков вид на вештини кои се повеќе се бараат на пазарот на трудот. Секако дека курсевите на образование на далечина нудат многу можности во поглед на разни курсеви кои би биле интересни за осудените лица. Ваквите курсеви би можеле да понудат разновидност за разлика од она што го нуди установата. Една од клучните работи за спроведување на образованието е затворската средина да одговара што повеќе на надворешната природна средина. Впрочем и целта на самиот процес на ресоцијализација не е во основа репресивен туку напротив треба да е прилично идентичен како надворешната средина.

Вака и полесно би се спроведувале планираните образовни активности. Промената на условите како и нивно подобрување значи и анулирање на одредени деприванции и негативни ефекти кај самите затвореници. Во Данска

големо внимание се посветува на меѓуинстуционалната соработка на затворите и пробациската служба и следење на државниот образовен систем, со цел овозможување и вклучување во образовна интеграција на затворениците преку стручни и образовни можности.

Ова е изразено и вметнато во прогрма и принципи за затвори и пробациска работа во Данска од 1993 година а се однесуваат на :

- нормализација
- отвореност
- вежбање на одговорност
- безбедност
- најмала можна интервенција
- оптимална употреба на ресурсите [137]

Сите овие принципи се надополнуваат едни со други. Како и во Данска така и кај нас се води сметка за почитувањето на основните принципи согласно Законот за извршување на санкциите, како и сите други пропратни и поврзани документи кои се однесуваат во ова насока. Во принципите кои се наведени во Данска покрај останатите работи на кои се однесуваат во нив се содржани и педагошки аспекти. Првиот принцип или нормализација се однесува можностите кои им се даваат на осудените лица кои издржуваат казна затвор а се однесуваат на образование, социјална и здравствена заштита, соодветни простории за сместување. Вториот принцип е во насока на одржување на контактите со надворешниот свет.

[137] A Programme of Principles for Prison and Probation Work in Denmark, (1993)

Исто така во овој принцип се води сметка и за соработката на затворските установи со другите инволвирани страни во овој процес. Третиот принцип се однесува на развивање на чувство на одговорност кај осудените лица што кај нас е и основна појдовна точка во процесот на ресоцијализација. Последните три принципи се однесуваат повеќе на безбедносниот аспект и начинот на кој како треба да се справат затворите во случај на предизвикани проблемски ситуации. И во овој дел кај нас се почитуваат и употребуваат правилниците кои се донесени во ова насока и се согласно меѓународните стандарди и препораки. Во поглед на поделеноста на затворите во Данска се издојуваат затвори од отворен вид и од затворен. Со оглед на нивната намена во затворите од отворен вид има поголема слобода што е и нормално па тука и се овозможени поголеми услови за образование на осудените лица.

Покрај останатите образовни програми кои се нудат и се во склоп на образовниот систем за образование на возрасни, затворениците имаат можност во последниот дел од казната да ги интезивираат контактите со локалната средина и да продолжат со образованието и понатаму во континуитет додека се сеуште во затвор така и по нивното излегување. Што се однесува до ова и кај нас е предвидено да се интензивираат при крајот од казната контактите со локалната средина како на пример слободни движења кои осудените би ги искористиле да бараат работа. Меѓутоа кај нас во пракса некако слабо функционираат овие часови на слободно движење. Потребно е нагласување на потребата од овие часови од причина што претставуваат добра алка во целиот процес поготово пред истекот на предвидената казна кога осудениот додека престојува во отпусно одделение може да ја интензивира комуникацијата со надворешната средина.

Поврзаноста и соработката на локалната заедница со затворите во Данска е на високо ниво што овозможува еден вид на непрекинатост на започнатиот процес на ресоцијализација, а е од суштинско значење кон полесно остварување на предвидената цел. И во затворите од затворен вид понудено им е на осудените да можат да се стекнат со работа или образование. Во насока на образованието во затворите и пробациската служба во Данска е поведено сметка за образованието базирано на интернет, се разбира соодветно адаптиран и заштитен од безбедносен аспект на што се води сметка истиот да не биде злоупотребен. Сепак и овде се среќаваат проблеми од просторни (опременост на

посебни простории кои ќе бидат наменети со најсовремена опрема за образование) па се до нивото на безбедност. Во делото на стекнување на некое стручно образование со оглед на динамичните промени на сите полиња па и на образовното, осудените лице имаат можност да се вклучат во некој курс кој е актуелен и се бара во индустријата. Можноста осудениот да започне на почетокот во затворските работилници да изучува нешто отвараат понатаму можност како се наближува неговиот крај од казната да премине во друга фаза од курсот и по неговото ослободување сето ова стекнато знаење да го употреби при вработување во постпеналната средина.

Во 2007 година е направен пилот проект помеѓу затворот од отворен вид во Данска - Statsfængslet и Møgelkær – стучно училиште сместено во близина на затворот со цел да се подобрат компетенциите со кои располагаат осудените лица за да можат по излегувањето од затвор подобро да котираат на пазарот на трудот. Во овој "Møgelkær model" подоцна познат како VOKS – (Guidance and Competence System), затворениците преку почетни тестирање можат да согледат со какви основни компетенции и вештини располагаат па врз основа на тоа да почнат од нивото кое го имаат. Затворските работилници се искористени за спроведување на наставата додека онаму каде што нема услови стручната обука е спроведена во стручната установа. Евалуацијата на VOKS проект е направен при крајот на 2007 година со препорака да се прошири и во другите затвори.[138]

Вакви можности постојат и во нашата држава за што е потребно поголема заложба на Министерството за правда и образование. Можеби и мотивацијата би била поголема кај осудените лица доколку овие стручни курсеви би биле поврзани уште со самото доаѓање на осуденото лице на издржување на казна затвор а би можеле да се вметнат и понудат како опција за работно ангажирање во затворите. Вакви програми би помогнале за утврдување на тоа што точно осудениот треба да научи и со кои вештини треба да се стекне доколку се вклучи и го избере работниот програм за кој е заинтересиран и кој смета дека најмногу може да го совлада.

Не постојат статистички податоци во врска со стапките на осипување околу осудените кои се вклучени во затворското образование. Осудените кои се решаваат да го прекинат започнатото образование тоа го прават поради

---

[138] Torfinn Langelid, Marianne Mäki, Kaj Raundrup, и други (2009), *Nordic Prison Education A Lifelong Learning Perspective*, стр.42-43

недостаток на мотивација, или пак може да бидат исклучени од образованието поради злоупотреба на недозволени супстанции и сторување на дисциплински прекршок на куќниот ред на установата. Општ впечаток е дека стапките на осипување од затворското образование не се повисоки од другите образовни институции за возрасни.[139]

Мотивацијата и тоа како претставува еден од поголемите проблеми во делот на упорноста и истрајноста што би требал да ја има осуденото лице кое е вклучено во некој образовен процес. Овој проблем е присутен и кај нас и обично осудените лесно се демотивираат од повеќе аспекти како што се наидување на некоја тешкотија во текот на образованието која не можат да ја совладаат, или пак не верување дека и доколку завршат некаков вид на образование сепак нема многу да им помогне во постпеналната средина. Во ова насока треба повеќе да се поработи можеби во делот на понудата и како истата би придонела за отварање на можности во општествената средина за да осуденото лице понатаму би можел да ги искористи. Дисциплинските прекршоци исто така влегуваат во делот што влијаат и кај нас во процесот на образование и се непредвидливи со оглед на самото поведение на осуденото лице кое го манифестира а кое исто може да биде променливо.

[139] Исто, стр.46

## 7.2. ЗАТВОРСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ФИНСКА

Секоја земја си носи своја стратегија кога станува збор за развој на образованието. Во Финска во овој дел Минстерството за образование во својот план за развој на образованието ги има наведено и целите за доживотно учење.

Главните предизвици за финскиот образовен систем се демографските промени (стареење, намалување на бројот на млади луѓе и имиграцијата), глобализацијата и развојот на економијата која е базирана на знаење. Промената и одговорот на ваквиот предизвик бара од образовниот систем флексибилно реформирање. Ова вклучува подобрување на образовното ниво на целата популација, подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието, спречување на исклученоста на младите луѓе и намалување на образовните разлики помеѓу возрасните групи.[140]

И кај нас во ова насока е донесена Националната програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015 со придружни програмски документи, кои имаат за цел давање на препораки за унапредување на образованието во иднина. Проблемите со демографската структура се присутни и кај нас. Се повеќе се зголемува бројот на старите отколку на младите лица што е загрижувачки и треба да посвети поголемо внимание на овој проблем.

Во националната програма за развој на образованието во Република Македонија е предвидено Министерството за образование и наука да биде фокусирано на спроведување на активностите и давање на подршка на сите иницијативи кои се насочени кон спречување на работната и социјалната ексклузија. Преку промовирањето на доживотното учење и безбедноста на работното место истовремено ќе се промовира и добросостојбата на населението.

Во ова насока се предвидени и активности кои ќе треба да овозможат :

- намалување на стапката на неписменост особено диспаритетот меѓу стапките на неписменост кај мажите и жените;
- експанзија на базичното образование кај возрасните;

[140] Ministry of education, (2010), Education and Training - Finland's Interim Report for 2005-2007, Development of Lifelong learning in Finland and the education and training 2010 work programme of the European Union, стр.5

- можност за стекнување на знаење, вештини и вредности од страна на возрасните, кои се борат за подобрување на квалитетот на животот;
- зголемување на можностите за образовен избор;
- развивање на образование на возрасните кое ќе биде во функција на општествената кохезија;
- развивање на можности за образование и обука кои соодветно одговараат на очекувањата, аспирациите и потребите на различните групи од постојаната и потенцијалната работна сила;
- образование и обука на возрасните за динамичните промени во сферата на трудот и животот;[141]

Од приложеното може да се види дека нема многу разлики кога станува збор за стратегиските ориентации кои се во насока на подобрување на образованието и ставот околу доживотното учење. Со оглед на загрижувачките резултати од демографската структура со цел соодветно одговарање на современите потреби за образование од големо значење е доживотното учење кое не е нешто ново и за кое се зборувало многу порано, а кое денес е поизразено и повеќе од потребно како континуиран одговор за брзата технолошка револуција која наметнува едно брзо темпо на живеење. Потребата од постојана обновливост на знаењата и вештините е предност и можност прво за сопствено континуирано надоградување и второ овозможување на поквалитетен живот.

Во насока на остварување на овие горенаведени цели потребно е мобилност на сите клучни фактори во државата и остварување на партнерски однос во реализација на активностите. Од аспект на доживотното учење овој партнерски однос во програмата треба да резултира со :

[141] Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005 – 2015) со придружни програмски документи, стр.467

- развој на специјализирани институции кои ќе остварат кординација на активностите во сферата на образованието на возрасните и ќе го регулираат пазарот на образовна побарувачка и понуда;
- перманентен мониторинг врз ризичните групи кои тендираат да станат долготрајно невработени;
- мобилност на службите за вработување и соодветна дејност;
- успешна антипација на идните образовни потреби и работни места;
- поголемо насочување кон знаењата и вештините кои се потребни на претпријатијата и локалната економија;
- апликација на комбинирани мерки на обука и работно искуство (сендвич метод);
- развиен информациски систем за пазарот на трудот и можностите кои ги нуди;
- давање предност на способностите, а не на сертификатот
- активен однос на социјалните партнери (државата, синдикатите и претпријатијата);
- развој на поширокие институции и помошните структури ( целодневна и part-time работа, самовработување, образование и обука, поврзување на семејството и работата);
- афирмирање на концептот на транзиционален пазар на трудот, со краткотрајни работни места кои помагаат да се одржува или врати работоспособноста
- навременост на акцијата [142]

Вложувањето и настојувањето во реализацијата и исполнувањето на насоките кои се дадени треба да бидат приоритет. Проблемте секогаш се јавуваат и се од различен аспект, како што се делумната меѓуинституционална поврзаност на институциите, невработеноста, слабата понуда и можност за вклучување во некои активности. Јакнењето на соработката би овозможило да се создаде еден систем на постапност за полесно спроведување на предвидените

[142] Исто, стр.467-468

цели. Покрај предвидените резултати во ова сфера нешто што е од големо значење е функционалноста и спроведувањето во пракса на она што е дијагностицирано како потреба и е во насока на подобрување и подигање на квалитетот на образованието. Во голем дел од случаите спроведувањето изостанува, или пак реализацијата не е во доволна мера па не може да се види полниот ефект кој треба да се постигне.

Водејќи се од законот за затвори, затворениците во Финска имаат обврска да учествуваат во активностите кои се одобрени или организирани од затворот. Целта на активностите кои се одобрени или организирани од затворот е да допринесат за промовирање на затвореничкото место во општеството. Активностите вклучуваат работа, образование или други активности за промоција на способностите на затворениците. Во текот на работните часови или часовите кои се предведени за активност затворениците треба да бидат исполнети со можност да ја исполнат својата должност да учествуваат во некоја активност. [143]

Затворениците покрај правата имаат и обврски кои мора да ги почитуваат. Сепак вклучувањето во работниот процес е оставено на нивен избор дали сакаат или не да учестуваат во истиот. Обично поголемиот дел од затворениците со оглед на временскиот период кој треба да го поминат сакаат да бидат вклучени во некоја работна активност со која би го исполниле своето време, а со тоа и да се стекнат со некои работни вештини и знаења.

Во развојно - истражувачкиот план за образование 2007-2012 во Финска се води сметка и за стручното образование на затворениците. Целта е да се развие нивото на стручна обука за затворениците преку подобрување и разновидност на истото и да се воспостави соработка со оние субјекти кои нудат таков вид на обука. Затворот се гледа како планиран процес кој е базиран врз основа на казната и нејзиниот план преку проценка и распределба на истиот. Казнениот план се состои од индивидуален ризик и проценка на потребите и евалуација на работата на затворениците како и функционалноста на капацитетите.

---

[143] Torfinn Langelid, Marianne Mäki, Kaj Raundrup, и други (2009), *Nordic Prison Education A Lifelong Learning Perspective*, стр.57

Целта на овие активности спроведени или одобрени од затворот е да се промовира враќањето на затворениците во општеството преку :

- промовирање на нивните способности да живеат без криминал
- одржување и подобрување на нивните професионални вештини и компетенции исто како и нивната работа и функционалност
- поддршка и важност на слободниот начин на живот[144]

Во Финска исто како и кај нас со самото доаѓање на осуденото лице на издржување на казна затвор се изготвува индивидуален план за казната на секое осудено лице во кој влегува и неговиот работен ангажман. Кај нас осуденото лице има право да избере дали ќе работи или не за што дава согласност. Работните ангажмани се согласно можностите и она со што располага установата.

Затворското образование во Финска се смета како промотор на индивидуалниот развиток на затворениците, развивање на нивните вештини за справување во општеството и помош по нивното ослободување во намерата да се воздржат од сторување на кривични дела. Затворското образование е во корелација со нормализацијата и целите кои се наменети за образованието за сите возрасни. Во Финска поголемиот дел од образованието кое е организирано во затворите е од страна на образовните институции наменети за тоа. Наставниците кои го спроведуваат образовниот процес се од образовната институција која ја спроведува наставата. Затворското образование во основа е организирано како дел од редовниот образовен систем што укажува на тоа дека поврзаноста е голема. Покрај општото образование се организираат и повеќе курсеви и стручна обука речиси во сите затвори каде осудените лица можат да се вклучат . Во 2007 година 17 различни стручни и подготвителни курсеви од областа на образованието како што се архитектура, градежништво, земјоделство и други. [145]

---

[144] Исто, стр.58-59

[145] Torfinn Langelid, Marianne Mäki, Kaj Raundrup, и други (2009), *Nordic Prison Education A Lifelong Learning Perspective*, стр.60-66

## 7.3. ЗАТВОРСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ИСЛАНД

За разлика од претходните земји кои беа споменати досега, Исланд има помала популација на затвореници и институционални капацитети. Поради малиот број на затвореници организирањето на образовните опции е насочено кон индивидуализирање и флексибилност. Сепак и во ова земја како и кај другите е направено анализа на потребите за образование на затворениците. Во 2006 година се предложени мерки кои се однесуваат на следниве области :

- поголема стручна обука во затворите
- ИКТ курсеви во затворите
- фокус на затворениците со мало или некомплетно образование
- фокус на странските државјани во исландските затвори
- курсеви за стекнување на животни вештини
- формални и неформални образовни компетенции[146]

И овде како и останатите земји фокусот се однесува на унапредување и континуираност на формите на образование, знаења и вештини. Во прилог на ова е и спроведеното истражување кое е направено во Исланд во кој затворениците гледаат позитивно на организирање на вакви активности. Евидентно е дека има потребата од зголемување на понудата на едукативни активности кои пред се се насочени кон практични вештини преку кои осудените лица ќе ги зголемат компетенциите и вредноста на пазарот на трудот по издржувањето на казната и нивното излегување од затвор. И покрај малиот број на затвореници сепак организираните образовни активности придонесуваат осудените лица кои ја издржуваат казната да се вклучат во истите и активно да учествуваат.

Понудени се повеќе модули за образование кои се креирани според должината на казните и интересите на осудените лица. Осудените лица со недовршено образование по нивното тестирање им се нуди помош да продолжат онаму кај што застанале и да го довршат нивното образование. И кај нас постои ваква можност но за жал само во најголемиот затвор КПД Идризово.

---

[146] Torfinn Langelid, Marianne Mäki, Kaj Raundrup, и други (2009), *Nordic Prison Education A Lifelong Learning Perspective*, стр.79

Потребно се модуларни образовни можности што во Исланд постојат како понуда а се во скалд со казната интересите и флексибилноста. Оние затвореници кои сакаат дополнително да го надградат своето знаење или пак самата установа не е во можност да му овозможи некаков вид на образование тоа може да го сторат преку организираното образование на далечина, преку разни on line курсеви и други образовни можности. Сепак како и да е и овде е ставен акцент на условите и институциите каде може да се примени ваквиот вид на настава. Претежно вакви можности се понудени во установи од отворен вид кои не бараат зголемено ниво на безбедност. Со оглед на малиот број на осудени и малите капацитети со кои располага Исланд сепак се тргнува од тоа дека е потребно да се овозможува образование без разлика на тоа дали се работи за мала бројка на осудени лица или за поголема. Интересно е тоа што покрај платата кои ја добиваат затворениците за вклученоста во некој работен процес во затворот, учеството во образовните активности исто е платено. Ова ја зголемува мотивацијата кај самите осудени лица за да се вклучат во образовните активности кои им се понудени. Исланд поради поголемо користење на други алтернативни решенија во спроведување на санкциите на некој начин и го има намалено бројот на осудени лица кои издржуваат казна затвор што е начин и да се намали пренатрупаноста на установите каде се извршува казната затвор.

## 7.4. ЗАТВОРСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО НОРВЕШКА

Подобрувањето и обезбедувањето на образовни услуги за затворениците во Норвешка како и во останатите земји кои ги споменавме досега се во преден план. Поделеноста на образовните активности се согласно различните видови на изречени кривични санкции. Како и во другите земји така и во Норвешка колку што е полиберален затворот толку се поголеми образовните можности за затворениците. И овде како и секаде сепак пресуден е безбедносниот аспект.

Целта на образованието во норвешкиот затворски систем, водејќи се од она што е донесено од страна на Министерството за образование и истражување, е да се зголеми секундарното образование на затворениците во норвешките затвори. Водејќи се според извештајот од "Друга пролет" еден од приоритетите е да се создадат повеќе едукативни активности кои се стручно ориентирани со оглед на тоа дека 2/3 или (63,4 %) од затворениците се изјасниле дека сакаат да учествуваат во некоја стручна обука. [147]

Јасно може да се види дека акцент се става на можноста за стручната и практична обука на затворениците. Целта е затворениците преку понудените активности да се стекнат со потребните вештини. Поголемиот дел од проектите се однесуваат токму на ова област. Комбинирањето и зголемената понуда почнувајќи од работни и образовни активности отвараат можности за воведување на нови програми и многу други активности кои може да делуваат мотивирачки кај осудените лица. Од процентуалната заинтересираност на осудените лица јасно се гледа дека во голема мера се бара активности кои се стручно ориентирани. Во Норвешка се работи на осовременување на затворските работилници надополнети со понудените образовни можности со што би се допринело ресоцијализацијата да биде на повисоко ниво. Со ова и осудените лица кои издржуваат казна затвор би се здобиле со подобра и поквалитетна практична обука која надополнета со понуденото образование во целост би се надополнила.

Соработката помеѓу затворите и надворешните институции кои нудат образовни услуги е на високо ниво што е еден од начините за континуираност и функционалност на спроведените активности. Кај нас соработката со

[147] Torfinn Langelid, Marianne Mäki, Kaj Raundrup, и други (2009), *Nordic Prison Education A Lifelong Learning Perspective*, стр.98

надворешни институции некаде е делумна и непостојана додека во некои затворски институции и воопшто ја нема. Поголемиот број на образовни активности кои се понудени во Норвешка се за стекнување на стручна обука и образование, што може да се види и од понудената процентуална застапеност на понудените образовни можности.

Во 2007 година се дистрибуирани следниве образовни можности :

- Општо образование – 3%
- Средно образование – 57 %
- Други курсеви – 40 % ( се однесува на кратки курсеви кои се понудени и не се со исти кредити како останатите [148]

Од ова може да се види дека општо образование е застапено само со 3 % од понудата, додека пак во најголем дел 57 % е стручно образование каде се понудени голем број на можности кои осудените лица може да ги изберат. Кратките курсеви претежно се однесуваат на уметност и занаети. Самите можности кои се нудат било тоа да се за подолги казни или пократки се од големо значење за осудените од причина што постои можност за нивна комбинација и поврзаност. Мотивацијата која од секогаш е проблем во вакава средина преку вакви модели може да се зголеми кај осудените лица. Самото лично исполнување дека осудените може да прават нешто корисно на некој начин и ја подобрува и зголемува нивната самодоверба. Позитивен аспект е модулот на кратките курсеви кои кај нас воопшто ги нема од причина што тешко може да се вклопат во третманот. Потребно е повеќе да се поработи и осмисли како вакви кратки курсеви би можеле да се вклопат не само во третманот туку и нивна флексибилност и можност за нивна поврзаност со останатите образовни можности кои се нудат надвор од затворот доколку осудените имаат желба за тоа. Преку кратките курсеви на некој начин затворениците имаат можност и да ги подобрат своите вештини и да научат

[148] Исто, стр.105

нешто дополнително со што би го исполниле своето време додека се на издржување на казна затвор. Во ова понуда на кратки курсеви поради бројот на осудени лица кои издржуваат казна затвор во Норвешка а не се норвежани исто така е понудено и изучување на норвешкиот јазик. Покрај ова понуда на образовни можности во  Норвешка како и кај другите нордиски земји големо внимание се посветува и на воведување на ICT како нераздвоен дел од современето образование со оглед на употребата на новата технологија. Дизајнирањето на ваквиот вид на образовна понуда со оглед на тоа дека се работи за затвор е поспецифичен и посложен. За да може ваквата образовна понуда да одговори на затворските предизвици во Норвешка е предвидено изработка на посебни веб сајтови кои ќе бидат прилагодени согласно потребните педагошки критериуми кои ќе бидат застапени кај овие образовни можности. Не се работи за нешто што само една две или повеќе европски држави размислуваат за воведување на ICT во затворското образование, туку се повеќе ова идеја станува глобална како еден начин за збогатување на образовните можности. Во ова насока кај нас сеуште нема услови да се спроведе некаков вид на on line образование што отвара простор за размислување во иднина.

## 7.5. ЗАТВОРСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ШВЕДСКА

Шведска е можеби и најорганизирана од сите досега споменати земји во поглед на образовните можности кои се понудени во затворите. Едукативните активности кои се понудени и се применуваат во затворите се согласно направените анализи за индивидуалните образовни потреби на осудените лица кои издржуваат казна затвор.

Нивоата на затворското образование во Шведска се следните :

- базично образование за возрасни ( основно и ниско средно ниво, вклучувајќи и изучување на шведски јазик за имигранти)
- средно образование
- образование по занимања
- универзитетско и друго високо образование
- друга едукација (курсеви) [149]

Од ваквата структура може да се види дека опсегот на понудените образовни активности е доста голем. Вака организирано образование надополнето со утврдените индивидуални потреби на осудените има голема вредност во развивањето на знаења вештини и умеења, редуцирање на криминалните активности. Можностите за надоградување на практична работа е од големо значење за осудените лица кои се на издржување на казна затвор. Во сето ова многу е битен еден аспект а тоа е националната политика кога станува збор за образованието во затворите. Од ова може да се види дека во Шведска покрај образованието за возрасни кои се нуди, во иста група е и затворското образование т.е нема некое големо отстапување во образовната понуда за образование на возрасни. Кај нас покрај националната програма за развој на образованието каде што е опфатен и делот за образование на возрасни, потребно е и изработка на национална стратегија за ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор, која се надеваме дека

[149] Torfinn Langelid, Marianne Mäki, Kaj Raundrup, и други (2009), *Nordic Prison Education A Lifelong Learning Perspective*, стр.129

во најблиска иднина ќе биде изготвена каде ќе биде опфатено и прецизирано образованието на ова категорија на луѓе. Позитивно е тоа што веќе се предвидени одредени работи со националната програма за развој на образованието каде што се дава една насока која укажува на образовните потреби. Комбинацијата и развивањето на различни образовни модули треба да биде наменета за сите затвори без разлика на нивната поделеност со оглед на казните и мерките на безбедност. Овозможувањето на образование само во еден затвор во Македонија ни од далеку не ја отсликува правата слика за образованието на ова возрасна категорија. Од сите земји кои досега ги споменавме евидентно е дека без разлика на казната кои ја издржуваат доколку сакаат да се вклучат во некаков вид на образовен модул тоа можат да го сторат. Единствено ограничување е можеби степенот на безбедност кој во некои случаеви спречува да се одвива образованието. Мора да се најде начин како образованието и практиката би биле поврзани со затворските работилници кои дефинитивно треба да се реновираат и поврзат со локалната средина надвор.

Во Шведска стручната обука е организирана и финансирана од Управата за јавни вработувања. Тргнувајќи од тоа дека затворското образование е еден од аспектите од националната образовна политика во делот на образование на возрасни приоритет се дава на оние кои немаат завршено задолжително училиште или еквивалентна форма на образование за возрасни. Следниот приоритет се утврдува врз основа на истите принципи кои важат образованието за возрасни надвор од затворот што значи дека поединци со помал степен на образование имаат предност за ралика од оние кои:

- сакаат да го довршат образованието согласно образовниот план
- надоградување на веќе постоечкото образование
- потреба од образование за идно планирање или професионални избори[150]

[150] Исто, стр.130

Секоја активност како во Шведска така и кај нас е спроведена преку индивидуалниот план кој се изготвува со самото доаѓање на осуденото лице на издржување на казна затвор. Од ова може да се види дека Шведска во соработка со Управата за јавни вработувања на ова поле има голема соработка која допринесува за голема огранизираност и фнукционалност на спроведување на изготвениот план за осуденото лице. Покрај задолжителните активности кои ги имаат осудените лица исто така имат можности да се вклучат во образовните активности кои им ги нуди затворската институција кои не се задолжителни. Вклучувањето на осудените лица во образовните активности зависи од нивната желба и заинтересираност за некоја област која се нуди од страна на затворот каде ја издржуваат својата затворска казна. Сепак учеството во работните и образовните активности во Шведска е платено што преставува и можеби и мотив плус за осудените лица. Кај нас осудените лица кои издржуваат казна затвор добиваат паричен надоместок единствено само за нивно работно ангажирање во некоја работна единица која е во склоп на затворот додека за некој минимален додаток плус за образование нема. Единственото организирано образование во нашите затвори кое го имаме е во КПД Идризово во соработка со училишето за основно образование за возрасни Макаренко. Со оглед на планот на казната за секое осудено лице покрај времето кое го поминува осуденото лице за работен ангажман, дел од истото се користи и за вклученост во образование доколку има желба и мотив кај осудениот да учествува во истото. Времето поминато во образование му се смета исто како време поминато на работа со што не губи од паричниот надоместок кој ми се исплаќа за учество во некоја работна активност. Можеби во овој дел за зголемување на мотивацијата кај осудените лица кои издржуваат казна затвор би било добро да им се понуди дополнителен паричен надоместок за оние кои би се вклучиле во образовна активност. Или како друга варијанта во согласност со правилниците и куќните редови да се понуди како можност некоја погодност повеќе. Освен ова кај нас како недостаток е и слабата образовна понуда во затворите. Во Шведска едукативните активности се насочени кон функционални и практични вештини кои на осудените лица би им користеле по нивното излегување од затворот и враќање во општествената средина.

Во голем дел на затворениците им помага и службата за вработување која им нуди помош околу снаоѓањето на пазарот на трудот, разни курсеви кои можат да ги започнат во затворот и да ги продолжат по нивното излегување, потребни апликации за работа и други работи кои ова служба може да ги понуди.

Кај нас потребно е овој дел од улогата да ја превземе Агенцијата за вработување кој заедно со центрите за социјална работа ќе им излезе во пресрет на осудените лица и ќе им помогне во постпеналната помош за полесно снаоѓање и нивно враќање во постпеналната средина. Покрај ова можност на образование во Шведска како и кај другите земји кои ги спомнавме досега во овој наш труд во затворите е понудено и образование базирано на интернет. Накратко ќе дадеме една објаснување како сето ова функционира во Шведска.

Сите наставници и локални центри за учење се под закрила на Националниот центар за учење, овозможувајќи им на сите затвореници да учат каде и да се. Ваквата употреба на флексибилно учење и учество на наставниците преку различна затворска настава на различни теми може да обезбеди подршка на осудените во нивните процеси на учење. Ваквиот пристап овозможува осудените да имаат контакт со наставник насекаде во земјата па дури и да биде преместен во друг затвор. Наставата е целосно индивидуализирана водејќи сметка за курсевите, темпото со кое се одвива наставата времетраењето благодарение на Нет Центарот. Шведските затвори и пробациски служби имаат прирачник за употребата на ICT за затворениците. За да има осуденото лице пристап до ICT опрема мора да има потпишано договор. Нет центарот функционира на база на интранет за осудените лица кои издржуваат казна затвор и наставниците кои се вклучени во наставата која се одвива на овој начин – InIT (Prisoners IT). [151]

Ваквиот пристап на настава претставува дополнителна околоност за спроведување на било какви образовни активности. Сепак ваквата понуда бара и дополнителни вложувања кои во Шведска се решени преку интранет. Сето ова подлежи и на дополнителни финансиски вложувања кои се потребни за функционирањето на ова. Очигледно е дека во Шведска доста внимание се посветува и на ваквиот вид на учење.

---

[151] Torfinn Langelid, Marianne Mäki, Kaj Raundrup, и други (2009), *Nordic Prison Education A Lifelong Learning Perspective*, стр.136-137

Ваквата прилагодена можност преку создавање на затворена мрежа која подлежи на дополнителни безбедносни процедури и протоколи би овозможила зголемување на образовната понуда. Наставниците кои предаваат со помош на ова технологија имаат неограничен пристап додека осудените кои се вклучени во ваквиот вид на настава имаат ограничен пристап и се под надзор со цел избегнување и злоупотреба на системот. Од сето ова може да се види дека во сите досега споменати земји се посветува доста големо внимание во делот на образованието на осудените лица. Заложбите за унапредување на образованието и неговото подобрување преку изнаоѓање на разни функционални модели во сите земји кои досега беа споменати претставува приоритет во справувањето на проблемските ситуации. Еден од начините да се справат од рецидивизмот и зголемување на затворската популација е токму изнаоѓање на практични и применливи решенија во кои како неизоставен дел спаѓа и образованието. Спроведувањето на третманските активности, поголемиот избор на образовни можности, пристапот кој може да го имаат осудените лица до ICT, поврзувањето на теоретското со практичното преку работилниците кои се на располагање, флексибилност во организацијата на времето кое осудените лица кои треба да создадат поврзаност и корисност како на индивидуален план кај самите осудени лица кои ја издржуваат казната така и подигање на квалитетот на процесот на ресоцијализација. Покрај ова потребни се и вложувања во затворските капацитети и нивно соодветно опремување. Од сето ова може да се види дека нордиските земји се доста посветени на подобрување на процесот на ресоцијализација. Од наш аспект потребни се сериозни вложувања и унапредувања на веќе постоечките процеси на ресоцијализација. Кај нас постои добра основа за подигање на квалитетот на образованието на осудените лица кои издржуваат казна затвор но потребни се детални анализи, систематско изнаоѓање на практични модули кои би биле во функција како и операционализација во пракса.

# 8. МОДЕЛИ НА ТРЕТМАНСКИ ПРИСТАП ВО СРБИЈА И НАЧИНОТ НА НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ

Постојат повеќе модели на третмански пристап кај осудените и кај еден од нив разликуваме психодинамички, бихевиорален (кој брои повеќе подкатегории) и еклектички пристап, кој подразбира : когнитивно-бихевиорален пристап, психоедукативен пристап, тренинг на социјални вештини, модел на социјално учење и мултимодални програми. (Bakić, 2001). Секој од овие пристапи си има свој подржувач. Некои истражувачи говорат дека когнитивно-бихевиоралниот пристап е најделотворен во сузбивањето на рецидивизмот (Garret, 1985; Mc Guirre & Priestley, 1995; Andrews & Bonta, 1998, prema Bakić, 2001), а преку овој пристап други пак автори (Lipsey, 1992; McGuirre & Priestley, 1995, наспроти Bakić, 2001) истакнуваат дека произлегуваат и мултимодални програми. Во литературата (на пр. Ripley, 1993, prema Knežić i Savić, 2013) може да се најде мислење дека голема е вредноста на едукативните програми кои развиваат социјални вештини, потикнуваат усвојување на техники и стратегии за регулирање на сопствените емоции и сл, во намалување на стапката на криминалниот поврат.[152]

Примената на разновидни третмански пристапи доста помага во процесот на ресоцијализација. Покрај досега споменатите третмани интересно е да се задржиме на когнитивно-бихевиоралните. Ваквиот пристап се повеќе е застапен во затворските установи кој може да се употребува и кај кратки и кај долги казни. Целта на ваквото третманско делување е осудениот да ја сфати грешката која ја направил со што го сторил кривичното дело. Ваквиот третман не бара големо време и е применлив и функционален од аспект на должината на казната.

Секој од моделите на третманското постапување може да се спроведе низ индивидуална и групна работа. Групниот третман кај осудените во основа се заснова на концептот на теорија на група, каде се тргнува од тоа дека примероците на криминалното однесување се наоѓаат во групните односи и врски кај осудените. Врз основа на ова групата може да послужи и како фактор

[152] Aćimović, Mitrić D, (2013), *Andragoške studije Časopis za proučavanje obrazovanja i učenja odraslih broj 2*, Univerzitet u Beogradu, Filozofski fakultet, Institut za pedagogiju i andragogiju, стр.144

на промена на ставовите, мислењата и вредностите (Kovač, 2009). Следењето на евентуалните предности на групната наспроти индивидуалната работа дава различни резултати. Пример за ова е една анализа која говори дека групното советување во поглед на злоупотребување на дроги не е ефикасно (Pearson & Lipton, 1999), додека друга говори дека е (Mitchell et al., 2002, prema Pelissier, Motivans & Rounds-Bryant, 2005). Кога станува збор за менталното здравје на осуденикот комбинацијата на индивидуална и групно тепаписката работа дава многу подобри резултати во однос на самата индивидуална работа, што може да се види и од намалувањето на рецидивизмот (Khodayarifard, Shokoohi-Yekta & Hamot, 2010). Ваквата комбинација и фактот дека успешноста на работата во ресоцијализацијата во голема мерка зависи и од мотивацијата на осудените (Žunić Pavlović, 2004; Mrako, 2013), може да се заклучи дека групната форма на работа може да се смета за вредна и делотворна поготово ако во неа осудените се вклучат со адекватна мотивација.[153]

Во зависност од потребата и ситуацијата некаде некој третман може да даде повеќе резултати наспроти друг третман. Секој третман со себе си носи позитивни и негативни работи. Во ресоцијализацијата се користат најразновидни третмани со цел да се отклони негативното однесување на осудените лица. Во зависност од можноста и примената некаде доминира еден некаде друг третман. Превоспитувањето во затворите повеќе се сведува на индивидуален третман наспроти групниот. Меѓутоа групниот третман и покрај тоа што е поспецифичен и бара доста работа сепак треба да се искористи во процесот на ресоцијализација со разни комбинации на функционални програми кои би дале солидни резултати.

Систематското воведување на програмите во групниот третман во затворот во Нови Сад е спроведен во Мај 2013 година, каде осудените лица имале можност и прилика во скпоп на третманот, во случај да се согласни, да можат да бидат вклучени во програмите: Асертивни тренинг – тренинг на комуникациски вештини, решавање на проблеми и донесување на одлуки, развој на самоефикасност за вработување и групна работа со зависници (од наркотични средства).[154]

[153] Исто, стр.144-145
[154] Исто, стр.146

Воведувањето на програмите претставува едно надополнување на веќе постоечкиот групен третман со што осудените лица имаат поголема можност и избор дали сакаат да учествуваат или не. Накратко во овој наш труд ќе ги преставиме и програмите со цел нивно согледување и нивната намена.

Интересно истражување за примена на групен третман е направено во затворот во Нови Сад во Србија кое накратко ке се обидеме да го претставиме како една добра можност и унапредување на процесот на ресоцијализација. Пред да преминеме на групниот третман ќе се обидеме да истакнеме и и друга една поделба на третман која во последно време доста се користи насекаде во затворските установи.

Програмите пред се, се осмислени да им помогнат на осудените во отклонувањето на следните слабости :

1. лоша комуникација и појава на агресивност
2. ненавремено и неадекватно соочување со проблеми, како и донесување на непромислени одлуки
3. конзумирање на наркотици и зависности од истите
4. лошо снаоѓање на пазарот на трудот во потрага за работа[155]

Од ова може да се види дека конкретното поставување и тргнување од потребите на осудените допринесува во надминувањето на слабостите со кои се соочуваат осудените. Преку понудените можности осудените доколку сакаат можат да се вклучат во програмите и да усвојат голем број на вештини кои понатаму би ги искористиле за справување со разни ситуации. Голем дел од проблемите со кои се соочуваат осудените лица пред да дојдат на издржување на казна затвор се поврзани со најразлични ситуации кои биле пресудни за сторување на кривичното дело. Од ова што е понудено може да се види дека главен и основен проблем е размислувањето. Секако дека промената на свеста кај осудените лица е една од основните работи во процесот на ресоцијализација но овде имаме конкретно дадени чекори како полесно осудените да можат да се справат со проблемите било тоа да се од комуникациска природа, избрзани одлуки, невработеност и.т.н. Може да се види дека осмислувањето на

[155] Исто, стр.146

програмите кое е направено е поврзано со секојдневните животни ситуации во кои се наоѓа осудениот како во пеналната средина така и надвор во општествената.

*Асертивен тренинг – тренинг на комуникациски вештини* е формиран како целина од девет средби на кој осудените лица учат асертивна комуникација. Низ комбинација на предавања и вежби, учесниците во ова програма се сочуваат со слабоста на нивната досегашна комуникација и последиците од истата, увидувајќи каква комуникација сакаат да постигнат, и како тоа ќе го постигнат. Меѓу другото осудените лица следат предавање и за почитување, сознавање емоции и однесување.[156]

Преку асертивниот тренинг осудените лица можат да научат како да комуницираат взаемно да се почитуваат, непречено да ги изразуваат своите мислења, чувства без да ги навредат другите, развивање на толеранција. Преку ваквиот пристап се овозможува да се создаде еден модул на работа со кој би се зајакнале социјалните комуникациски вештини кај осудените лица.

*Решавање на проблеми и донесување на одлуки* вклучува седум средби низ кои осудените се соочуваат со грешките кои ги правеле и донесување на одлуки и решавање на проблеми, да се оспособат за поголема успешност да ги поминат сите фази на решавање на проблемите – од соочување со проблемот до следење на ефектот на решението. Поминувајќи го овој програм, повторно низ комбинација на предавања и вежби, учат техники на анализа на проблеми и одбирање на најдобро решение, надминување на стравот кој го попречува спроведувањето на одлуките и.т.н.[157]

Честопати осудените лица поради немање на правилно решение на некој проблем реагирале избрзано а сето тоа понатаму ги чинело некаква казна. Овој програм во себе не само што вклучува решавање на проблеми туку и преставува една систематичност каде имаме повеќе чекори почнувајќи од дијагностицирање на проблемот, анализа од каде настанал, изнаоѓање на алтернативни решенија, за да на крај се донесе правилна одлука. Интересно е тоа што за спроведеување на овој програм не е потребен голем временски пеирод и би може да се применува и кај долги и кратки казни со оглед на тоа дека се состои од седум средби. Програмот во себе покрај другото содржи и

[156] Исто, стр.146
[157] Исто, стр.146

најразлични алатки за решавање на проблемските ситуации што е од голема корист за осудените лица. Со вакви предавања и вежби осудените ќе можат да ги зајакнат своите способности, да стекнат вештини и да покажат дека успешно можат да се справат со решавањето на проблеми.

*Развој на самоефикасност за вработување* вклучува седум средби на кои осудените лица ги идентификуваат своите реални работни цели, да ја препознаат својата сила на пазарот на трудот, да научи да напише биографија мотивационо писмо, вежбање на интервју за работа и.т.н. Учесниците во програмата имаат можност да слушаат предавање од претставникот на Националната служба за вработување околу услугите на овие установи, можноста за усовршување на невработените и сл.[158]

Голем број од осудените лица по излегувањето од затвор се соочуваат со потешкотии во наоѓањето на работа. Потребата од ваква помош е голема. Ваквата подготовка на осудното лице му овозможува да се подготви за надворешните потреби како што е наоѓањето на работа а со тоа и решавање на материјално-финансискиот статус. Припремањето на осудените лица за интервју, пишување на мотивациони писма преставува големо олеснување по издржувањето на казната. Може да видиме дека програмот е поврзан и со Националната служба за вработување од каде осудените може да се информираат за тоа што ги интересира. Во Македонија недостасува ваква соработка и добро е надлежните органи да се заложат за една континуираност како во соработката така и во изнаоѓањето на адекватни модули кој би биле од функционален и применлив карактер.

*Групна работа со зависници* од наркотици се состои од десет средби на кои осудените се соочуваат со проблемите од зависноста, учат за зависноста, анализираат кои фактори допринеле да се јави зависност кај нив, добиваат сознанија за можностите на социјалната подршка и се охрабруваат да продолжат и понатаму да ја бараат ваквата подршка.[159]

Поради својата специфика овој програм е малку потежок за работа од останатите програми и бара посебен пристап. Голем дел од ова категорија на осудени лица не се доволно информирани како и каде можат да се обратат за помош по излегувањето од затвор.

---

[158] Исто, стр.146-147
[159] Исто, стр.147

Сите програми на групна работа подразбираат една едночасовна или двочасовна средба во текот на неделата во група од 12 осудени лица. По завршување на програмата учесниците кои поминале повеќе од половина од средбите и не имале два неоправдани им се доделува диплома или благодарница (која е наменета за учесниците во групната работа за зависници). [160]

Може да се види дека сите програми се со функционална примена и не се со долги временски ограничувања, а сепак може доста да им помогнат на осудените во стекнување на разни вештини. Ваквите програми претставуваат еден пример како може да се унапреди процесот на ресоцијалиацијa.

[160] Исто, стр.147

# II Методологија на истражувањето

## 1. Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражувањето е образовната работа со осудени лица кои издржуваат казна затвор. Предмет на интерес на ова истражување се затворите и осудените лица кои издржуваат казна затвор. Предметот на истражување е временски ограничен, и може да се истражува во исто време на различни места и различни услови, и тоа според просторно временската димензија е трансферзално истражување. Исто така предмет на истражување ќе бидат и постоечките методи на воспитно-образовна работа на осудени лица, начинот на кој тие се спроведуваат во различни установи, преку согледување од аспект на воспитно – образовен третман и негово утврдување во секоја установа, можностите за нивно спроведување, нивната функционалност, правилата и условите кои се на располагање за нивно спроведување, тешкотиите на кои се наидува, утврдување на сличности односно разлики во спроведувањето на методите и постапките.

## 2. Цел и карактер на истражувањето

Целта на истражувањето е да се утврди систематската поставеност и функционалноста на воспитно-образовниот третманот во процесот на ресоцијализација на осудени лица. Цел на овој истражувачки труд е да се допринесе во подобрување на воспитно образовниот треман на осудените лица кои издржуваат казна затвор во Казнено поправните установи и домови со што ќе се подобри процесот на ресоцијализација кај овие лица. Преку објаснување и анализа на досегашната воспитна образовна работа истражувањето е насочено кон изнаоѓање на соодветни модули за работа со осудени лица согласно изречената казна.

## 3. Научна, општествена и практична цел на трудот

**Научна цел** на овој труд е да се проучат системските и функционални пристапи и нивната потреба која би била од корист за подобрување на самиот воспитно образовен третман во затворите. Примената на научните методи и постапки кои ќе се користат треба да дадат резултати кои би ги задоволиле научните цели и би се примениле понатаму во затворската пракса. Посебен акцент ќе биде ставен на систематскиот и функционален пристап во воспитно – образовниот третман во процесот на ресоцијализација на осудените лица кои издржуваат казна затвор. Се разбира една од целите ќе биде и анализата на досегашната состојба на спроведување на воспитно – образовниот третман утврдување на слабостите, потребите и секако изнаоѓање на можни решенија кои би биле во насока за подобрување на самиот процес.

**Општествена цел** на трудот е да се сумира, анализира, синтетизира и вреднува воспитно-образовната работа како неопходна појава во процесот на ресоцијализација во пенитенцијарните установи, со цел превземање на активности и мерки за нивно подобрување и надоградување. Унапредувањето на процесот на ресоцијализација треба да биде секогаш од приоритет на општеството, гледано глобално и од повеќе цели. Многуте извештаи кои се однесуваа на нашиот затворски систем почнувајќи од условите во кои се издржува казната затвор спроведувањето на процесот на ресоцијализација во вистинска смисла на зборот, засегнатите актери кои се вклучени во самиот процес, без разлика дали се институционални или вонинституционални установи, кои имаат допирна точка со ресоцијализација и социјалната адаптација на осудени лица,  досега не одеа во позитивен прилог за нашата држава. Затоа идните истражувања од областа на ресоцијализацијата и пренитенцијарните установи треба да се сфатат посериозно, и би биле од корист која ќе ја има општеството.

**Практичната цел** на овој труд се согледува преку самата реализација на општествените и научни цели, примената на задачите и активностите од истите. Преку сумирање, анализа и интерпретација на резултатите трудот ќе ја добие својата тежина кој ќе одговори на својата примарна улога за која е и спроведено истражувањето а тоа е помагање во процесот на ресоцијализација со цел надминување на потешкотиите со кои се соочуваат вработените во пенитерцијарните установи како и успешно и навремено дијагностицирање на потребите и полесно спроведување на воспитно – образовниот третман во затворските установи.

## 4. Задачи на истражувањето

Задачите на ова истражување имаат оперативен карактер и произлегуваат од дефинираната цел и се однесуваат на следните аспекти на системските и функционални пристапи во воспитно образовниот третман на осудените лица кои издржуваат казна затвор :

а) да се изврши анализа на документација за поставеноста на образовниот третман во КПУ;

б) да се утврди дали образовната програма која што се нуди во КПУ и КПД ги задоволува образовните потреби на осудените лица кои издржуваат казна затвор ;

в) да се испитаат ставовите и мислењата на воспитувачите за воспитно – образовниот третман кој се применува во казнено поправните установи ;

г) да се утврди застапеноста на формалното и неформално образование во казнено поправните установи ;

д) да се испитаат ставови на осудените лица за вклучување и продолжување на воспитно – образовниот процес додека се на издржување казна затвор во казнено поправните установи ;

ѓ) да се утврди потребата од воведување на нови едукативни програми и модули на работа во воспитно-образовниот третман на осудени лица кои издржуваат казна затвор ;

## 5. Хипотези

### Главна хипотеза

1. Сметаме дека не постои системски пристап во креирањето и реализацијата на воспитно образовниот третман во процесите на ресоцијализација на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПУ и КПД
2. Сметаме дека постои ниска функционалност на воспитно образовниот третман во процесите на ресоцијализација на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПУ и КПД

### Посебни хипотези

1. Осудените лица имаат позитивен став кон воспитно – образовниот третман;

2. Осудените лица со ниско образовно ниво се најзастапени корисници на образовната понуда во затворите;

3. Образовната програма која што се нуди во КПУ и КПД не ги задоволува образовните потреби на осудените лица кои издржуваат казна затвор;

4. Воспитувачите не се задоволни од воспитно-образовниот третман кој се спроведува во казнено поправните установи ;

5. Во затворите не е доволно застапено формалното и неформалното образование ;

6. Осудените лица се заинтересирани да се вклучат во воспитно образовниот процес додека се на издржување казна затвор во казнено поравните установи ;

7. Осудените лица сметаат дека воведувањето на нови едукативни програми и модули на работа позитивно ќе влијаат во процесот на ресоцијализација ;

## 6. Варијабли на истражувањето

### Независна варијабла

Организационата поставеност на постојни модели на обука во затворите, видот на затворите во кои престојуваат осудените лица, должината на казната, видот и спроведувањето на воспитно образовниот третман, образовна, возрасната и етничка структура. Пол, возраст, етничка припадност и должина на казна на осудувани лица.

### Зависна варијабла

Учество на осудените лица во образовната работа во затворите. Ставови и интереси на осудените лица во однос на приментата на воспитно – образовниот третман ( стекнување на одредено ниво на образование, практични вештини, знаења и умееења).

## 7. Методи на истражување

Во казнено – поправните установи, покрај употребата на експлоративните и корективно – воспитните методи, кои се употребуваат доста често во процесот на ресоцијализација, со цел да се дојде до крајните видливи резултати и да се согледа влијанието на системските и функционалните пристапи во воспитно образовниот третман на осудените лица кои издржуваат казна затвор, се користат и други методи кои преку истражувањето ќе овозможат утврдување на факторите кои влијаат врз појавата на систематичност и финкционалност во процесот на ресоцијализација. Истражувањето е квантитативно и квалитативно. До квалитативните заклучоци се дојде откако се анализира содржината на изворните искази на испитаниците кои се учесници во процесот на ресоцијализација. Истражувањето опфати и квантитативен дел во кој до заклучоците се доаѓа откако се спроведе статистичка анализа на добиените нумерички податоци.

Од методите во ова истражување се користени :

- аналитичко - експликативен
- дескриптивен
- компаративен
- метод на индукција
- метод на дедукција
- метод на селекција

*Аналитичко – експликативниот метод* е применет со цел да ја анлизираме, објасниме и прикажеме теоретската основа на проблемот кој го истражуваме.

Преку *дескриптивниот метод* се прави нализа на затворката стварност, документи, образци и закони кои се применуваат во работата за ресоцијализација на осудените лица. Преку овој метод можеме да ја констатираме и опишеме состојбата која ќе ја истражуваме и понатаму ќе можеме да ги утврдиме можните решенија. Опфатени се постапки за

опишување, со кои ќе се идентификуваат и класифицираат појавите кои ќе се проучуваат. Изведени се генерализации за проучуваните појави преку изнаоѓање битни заеднички карактеристики со истородни и сродни појави. Дескрипцијата е прв чекор во процесот на доаѓање до научно сознание, бидејќи појавите прво мора да се опишат за да може да се предвидат и разберат податоците до кои ќе се дојде. Ќе бидат споредувани, вреднувани и интерпретирани, за да резултираат во соодветни описи на проучуваната појава.

Преку *компаративниот метод* на истражување ги испитавме и анализиравме сличностите и разликите помеѓу појавите кои се директно поврзани со предметот и целта на истражувањето. Во истражувањето е опфатена споредба на други затворски системи како и на кој начин се спроведува воспитно образовниот процес.

Преку *методот на индукција* се согледува систематизирањето на користената литература од различни извори и автори, а кои се поврзани со истражувачкиот предмет на истражување. Особено ќе се обрне внимание на систематизација на информации, истражувања и пристапи кои се поврзани со нашата тема на истражување.

Методот на *дедукција* ни користеше при извлекување на заклучоци, компарации на одредени теоретски истражувања и толкување на резултатите добиени од направените истражувања за систематскиот и функционалниот пристап во воспитно образовниот третман на осудени лица кои издржуваат казна затвор.

Методот на *селекција* ни овозможи да можеме да ги презнтирани информациите и податоците кои ќе бидат добиени од истражувањето од областа на ресоцијализацијата во затворите ( воспитно – образовниот третман во затворите ) преку нивна селекција, со што ќе може да се донесат реални и валидни заклучоци за моменталната состојба на ресоцијализацијата во затворите, како и нивното понатамошно спроведување во практиката со цел подобрување на самиот процес на ресоцијализација.

## 8. Техники на истражувањето

Во ова истражување се применети следниве техники на истражување :

a. анализа на документацијата ;
b. интервју ;
c. анкетирање на ставови и мислења ;

Преку *анализа на документацијата* пристапивме кон анализа на досегашната програма за работа која се однесува на воспитно-образовниот третман, како досега се работело и се спорведувал третманот и нормативните акти на казнено – поправните установи.

*Интервјуто и анкетата* се користени за прибирање на податоци од примерокот на осудените лица кои ја издржуваат казната затвор во моментот на нашето истражување во зависност од тоа во која казнено – поправна установа престојуваат. Интервјуто се користи доста и во затворската пракса, и се спроведува уште со самото доаѓање на осуденото лице на издржување на казна затвор и затоа сметаме дека може да се добијат доста податоци кои би ни помогнале понатаму во истражувањето.

Со анкетирањето на ставовите и мислењата како на осудените, така и на вработените е дојдено до директни сознанија за тоа какви се мислењата и ставовите на осудените лица кога станува збор за воспитно – образовниот третман, како и ставовите и мислењата на вработените кои ги имаат за спроведување на процесот на ресоцијализација.

## 9. Инструменти на истражувањето

Од инструментите се користи анкетен лист за осудените лица и вработените кои се директни учесници во ресоцијализацијата на ова категорија на лица. При изготвување на прашалникот се води сметка за јасноста и недвосмисленоста на прашањата. Прашалникот се состои од воведен дел каде е наведено зошто се спроведува истражувањето со цел осудените лица да имаат претстава за што се работи со што би можеле да бидат поискрени во одговорите. Прашалникот е поделен во три дела од кои првиот и вториот дел е наменет за осудените лица, додека третиот дел се однесува и е наменет за вработените кои се директно инволвирани во процесот на ресоцијализација.

Првиот дел се состои од прашања од затворен тип каде се понудени три одговори под а, б и в, од кои осудените треба да изберат и да заокружат само еден за кој сметаат дека најмногу одговара на нивниот став кон поставеното прашање. Прашањата во овој дел кои се наменети за осудените претежно се однесуваат на моменталната состојба во која се спроведува воспитно – образовниот третман. Исто така има понудени прашања кои се однесуваат пред се на нивниот интерес и вклученост во воспитно –образовни активности доколку би се понудило нешто за што би биле заинтересирани.

Вториот дел од прашалникот се состои од скала на проценка каде се понудени десет тврдења а осудените треба да изберат и заокружат еден одговор со кој се сложуваат. Овде се понудени тврдења на кои осудените треба да изберат еден од понудените одговори, односно да се произнесат дали се согласуваат или не се согласуваат со понуденото. Во овој дел од прашалникот има понудено и прашање од отворен тип каде осудените можат слободно да образложат за што имаат најмногу интерес, кога станува збор за организирање на некаков вид на образование.

Третиот дел од прашалникот се однесува на вработените. Прашалникот се состои од скала на проценка од каде се понудени тврдења на кои вработените треба да изберат еден од понудените одговори. Во продолжение на овој дел се понудени прашања од отворен тип каде вработените може слободно да се произнесат на поставените прашања.

Прашалниците се формулирани со јасно дефниирани прашања, на кои испитаниците треба да дадат одговор во зависност од видот на прашањето. Прашањата кои се предвидени во прашалникот треба да не доведат до податоци за тоа кои потреби и какви образовни програми или курсеви им се потребни на осудените лица кои и им биле од големо значење понатаму во постпеналната средина.

## 10. Популација и примерок на истражувањето

Истражувањето се реализираше во две казнено поправни установи од кои едната од затворен вид КПД Идризово а другата од полуотворен вид КПУ Затвор Скопје. Во истражувањето беа опфатени осудени лица кои се на издржување на казна затвор и кои имаат различни должини на казни почнувајќи од најмалата па се до над 6 години казна. Примерокот во анкетирањето е случаен и опфати вкупно 173 осудени лица и 27 вработени кои се директни спроведувачи на процесот на ресоцијализација во затворските установи и тоа :

- 133 осудени лица од машки пол од кои 80 од КПД Идризово и 53 од КПУ Затвор Скопје

- 40 осудени лица од женски пол кои издржуваат казна во КПД Идризово

Соодносот на примерокот на вработени по казнено поправни установи беше следниот:

- 20 вработени во секторот за ресоцијализација во КПД Идризово
- 7 вработени од секторот за ресоцијализација во КПУ Затвор Скопје

## 11. Обработка на резултатите

Податоците се обработени квалитативно и квантитативно. Квалитативно се обработени податоците од анализата на документацијата, од интервјуто, како и податоците кои се добиени од образовниот степен кој го имаат осудените со цел согледување на нивната образовна стркутура при доаѓање на издржување на казна затвор, за да се утврди степенот на образование со кое располага осудениот. Прашањата од прашалникот кои се од отворен тип, каде осудените и вработените слободно одговориле се обработени квалитативно. Посебно, во табели се прикажани одговорите на вработените и на осудените лица.

## 12. Организација на истражувањето

Истражувањето се одвиваше во КПУ Затвор Скопје и КПД - Идризово. За таа цел претходно беше известено Министерството за правда т.е. Управата за извршување на санкции како и Директорите на Затворите. За предвиденото истражување однапред беа анализирани и користени многубројни стручни материјали кои се однесуваат на процесот на ресоцијализација, спроведувањето на воспитно – образовниот третман, должината на казната која е изречена која е од

посебно значење во нашиот труд, различните научни согледувања и поделеноста на авторите за спроведување на воспитно-образовниот третман на малите и големите казни, согледување на ефектите и негативностите од истите.

## III Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето

Истражувањето е реализирано во две казнено поправни установи и тоа : установа од затворен вид - Казнено Поправен Дом Идризово и установа од полуотворен вид Затвор Скопје – Скопје. Реализацијата на инстражувањето се одвиваше во период од пет месеци : ноевмри, демекври 2015, и јануари, февруари и март 2016 година.

Примерокот во истражувањето е пригоден и опфати вкупно 200 испитаници и тоа :

- Од КПД Идризово - установа од затворен вид, се опфатени 120 осудени лица од кои 80 осудени лица мажи, 40 осудени лица жени;
- Вработени во КПД Идризово во сектор за ресоцијализација 20 испитаници;
- Од КПУ Затвор Скопје – Скопје - установа од полуотворен вид, се опфатени 53 осудени лица, додека од сектор за ресоцијализација се опфатени 7 вработени;

Структурата на примерокот е презентирана во табела 1. За спроведување на истражувањето се користеше комплексен прашалник кој содржеше збир на скали за проценка на ставови, со отворен и затворен тип на прашања. Преку прашалникот дојдовме до сознанија околу ставовите на осудените и вработените за системските и функционалните пристапи во воспитно – образовниот третман.

**Табела 1** : Табеларен и графички приказ на примерокот анкетирани осудени и вработени лица во врска со системските и функционалните пристапи во воспитно – образовниот третман.

| **КПУ** | **f** | **%** |
| --- | --- | --- |
| Вработени | 27 | 13,5 |
| Осудени лица | 173 | 86,5 |
| **ВКУПНО** | 200 | 100 |

**Графикон 1**




Во **табела 2** што следи табеларно е прикажан примерокот анкетирани вработени лица во врска со системските и функционалните пристапи во воспитно – образовниот третман.

**Табела 2**

| Вработени во КПУ | f | % |
| --- | --- | --- |
| КПД Идризово | 20 | 74,07 |
| КПУ Затвор Скопје | 7 | 25,93 |
| Вкупно | 27 | 100 |

Покрај опфатеноста на осудени лица од различен тип на установи, беше направена поделба и по различни должини на казни, возрасна, етничка и образовна структура. Податоците се презентирани во табела 3.

**Табела 3 :**

| Осудени лица етничка структура | | Мак. | Алб. | Тур. | Вла. | Ром | Бошњ. | Др. | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | 101 | 32 | 3 | / | 19 | 9 | 9 | 173 |
| | % | 58,38 | 18,5 | 1,73 | / | 10,99 | 5,2 | 5,2 | 100 |
| Возраст од - до | | 20 - 30 | 31 - 40 | 41 - 50 | 51 - 60 | 61 - 70 | Над 71 год | | |
| | f | 55 | 70 | 30 | 14 | 4 | 0 | | 173 |
| | % | 31,79 | 40,47 | 17,34 | 8,09 | 2,31 | 0 | | 100 |
| Должина на казна | | до 1 г | од 1 г до 3 г | од 3 г до 6 г | над 6 г | | | | |
| | f | 16 | 56 | 57 | 44 | | | | 173 |
| | % | 9,25 | 32,37 | 32,95 | 25,43 | | | | 100 |
| Образовен статус | | Без обр. | Неп. осн. обр. | Осн. обр. | Неп. средно. обр. | Средно обр. | Неп. Високо обр. | Високо обр. | |
| | f | 11 | 4 | 38 | 5 | 75 | 11 | 29 | 173 |
| | % | 6,35 | 2,31 | 21,97 | 2,9 | 43,35 | 6,35 | 16,77 | 100 |

Од приложеното може да се воочи дека најголем број на испитаници 101 или 58,38 % се македонци, 32 осудени лица односно 18,5 % се албанци, 3 осудени лица или 1,73 % се турци, власи нема, роми се 19 осудени лица или 10,99 %, застапеноста на бошњаците изнесува 5,2 % или 9 осудени лица и на крај 5,2 % или 9 осудени лица се под друго.

Кај возрасната структура најголем број од испитаниците или 70 се од 31-40 или изразено во проценти сето тоа изнесува 40,47 % од вкупниот број на испитаници. На второ место следи возрасната структура на испитаници од 20 – 30 која изнесува 55 или 31,79 %. Од 41 – 50 имаме 30 испитаника или 17,34 %. На четврто место е возрасната структура од 51 – 60 каде имаме 14 испитаника или 8,09 %. На претпоследно место е возрасната структура од 61 – 70 каде

имаме 4 испитаника или 2,31 %, додека на последно место се наоѓа возрасната структура над 70 каде немаме ниту еден испитаник.

Од целиот овој приказ може да се види дека преовладува возрасната структура од 31 до 40 години.

Кај должината на казна имаме најголема застапеност на испитаници кои издржуваат казна од 3 до 6 години кој изнесува 57 или 32,95 % од вкупниот број на испитаници. Веднаш после него следат испитаниците кои издржуваат казна од 1 до 3 години со 32,37 % или 56 испитаници. Трети по ред ни се испитанивите кои издржуваат казна затвор над 6 години и се вкупно 44 или 25,44 % од вкупниот број на испитаници, додека 16 или 9,25 % на испитаници имаме кои издржуваат казна затвор до 1 година.

Кај образовниот статус најголем број од испитаниците 75 или 43,35 % се со завршено средно образование. Веднаш по нив следат испитаниците со основно образование кои изнесуваат 38 или 21,97 %. Трети со 16,77 % или 29 испитаниците со високо образование. Идентично без образование и непотполно високо ни се по 11 испитаника или по 6,35 % од вкупниот број на испитаници. Со непотполно основно имаме 4 испитаника или 2,31% додека 5 испитаника или 2,9 % ни се со непотполно средно образование.

Освен табеларниот приказ следи и графички приказ за добиените податоци.

**Графикон 2 :**



# 1. СТАВ НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА КОН ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ТРЕТМАН

Третманот е главен двигател на патот кон осварување на ресоцијализацијата во КПУ установи преку превземања на активности за успешно остварување на истиот тој процес. Од тоа каков третман би бил спроведен во КПУ установа, неговата адекватност, применливост и ефективност на истиот понатаму ќе зависи и оценката на функционалноста и ефективноста на самата ресоцијализација кога станува збор за пеналниот период додека осудениот ја издржува казната. Третманот во голема мера треба да придонесе и да одговори на потребите на осудениот со што би му помогнал да ги надмине сите потешкотии кои допринеле да се најде во затворската средина. Вклученоста во треманот кај самото осудено лице во голема мера е условена и од неговата мотивираност за учество во истиот. Третманот во себе вклучува голем број на аткивности меѓу кои и воспитно – образовните. Воспитно образовниот третман во затворите треба да им помогне на осудените да ги подобрат своите знаења, стекнување на вештини и умеења. По однос на оваа проблематика во нашето истражување поставивме прашања за да се видат ставовите на осудените и нивната заинтересираност за воспитно образовниот третман кој се спроведува во КПУ. На поставеното прашање ***Дали сте задоволни со воспитно-образовните активности кои ви се понудени во текот на издржување на казната затвор?***

Најголем дел од осудените лица се изјаснија негативно. Одговорите од ова прашање табеларно и графички се прикажани во табела 4 и табела 5.

**Табела 4 :**

***Ставови на осудените лица по однос на прашањето Дали сте задоволни со воспитно-образовните активности кои ви се понудени во текот на издржување на казната затвор?***

| Одговор на испитаници | Да | Делумно | Не | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| f | 22 | 23 | 128 | 173 |
| % | 12,72 | 13,29 | 73,99 | 100 |

df = 2 $\chi^2$= 128,69 $p<0.01$

Од табелата може да се види дека од вкупно 173 испитаници, 22 од нив или 12,72 % се изјасниле дека се задоволни со воспитно – образовните активности кои им се понудени додека ја издржуваат казната. Како делумно задоволни од воспитно – образовните активности се изјасниле 23 испитаника или 13,29 %, додека најголем број 128 или 73,99 % одговориле дека не се задоволни со воспитно – образовните активности кои се понудени додека ја издржуват казната.

Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на зна̀чајност од 0,01.

Кај ова поставено прашање осудените лица имаа можност да наведат и зошто не се задоволни со воспитно образовните активности кои им се понудени додека ја издржуваат казната затвор. Во продолжение ќе ги презентираме најчестите одговори кои ги имаат дадено осудените лица.

**Табела 5**

***" Бидејќи не е ништо понудено" " Нема никакво образование "***
***" Нема услови за образование " " Нема понуда од страна на системот"***
***"Нема никаква образовна активност " "Има понудено основно образование но не е доволно" "Бидејќи нема никакви услови"***

Од дадените одговори може да се воочи дека осудените лица кои издржуваат казна затвор не се задоволни во однос на понудените воспитно – образовни активности кои се во установата. Сѐ се сведува само на мала можност и на одреден број на осудени лица кои немат завршено основно образование да се вклучат во истото, додека за останатите осудени лица нема модел на образование во кој може да се вклучат доколку сакаат.

Во контекст на ова следи и прашањето за осудените лица во однос на тоа ***Дали досега сте биле вклучени во некој образовен процес додека ја издржувате казната затвор?***

За ова прашање поголемиот дел од осудените лица се изјаснија негативно. Нивните одговори табеларно и графички се презентирани во табела 6.

**Табела 6 :**

***Ставови на осудените лица по однос на прашањето Дали досега сте биле вклучени во некој образовен процес додека ја издржувате казната затвор?***

| Одговор на испитаници | Да | Делумно | Не | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| f | 13 | 13 | 147 | 173 |
| % | 7,51 | 7,51 | 84,98 | 100 |

df = 2 $\chi^2$= 158,52 p<0.01

Од одговорите на испитаниците може да се види дека со да и делумно одговориле идентично 13 или изразено во проценти 7,51 %, додека 147 осудени лица дека се изјасниле дека не биле вклучени во некој образовен процес додека ја издржуваат казната затвор.

Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01.

**Табела 7**

***“Треба да се воведе такво нешто” ”Нема, не постои”***
***“Ништо не ми е понудено” ”Никој не ме повикал”***

На тврдењето : ***Во затворот се понудени воспитно образовни активности осудените лица ги дале следниве одговори*** :

**Табела 8 :**

| ОДГОВОР НА ИСПИТАНИЦИ | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк. | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| f | 116 | 34 | 14 | 9 | 173 | 1,51 |
| % | 67,05 | 19,66 | 8,09 | 5,2 | 100 | / |

Во однос на ова тврдење осудените лица со 67,05 % или 116 од вкупниот број на испитаници се изјасниле дека воопшто не се согласуваат дека се понудени воспитно образовни активности. Веднаш по него 34 испитаника или 19,66 % одговориле дека не се согласуваат дека се понудено воспитно образовни активности. Од испитаниците 14 или 8,09 % се согласуваат со ова тврдење кога станува збор за понудата на воспитно образовни активности во КПУ, додека 9 или 5,2 % во потполност се согласуваат со тврдењето дека во затворот се понудени воспитно образовни активности.

Пресметаната аритметичка средина во однос на ова тврдење ни изнесува

$\overline{X}$ = 1,51. Ова ни укажува дека осудените лица не се согласуваат дека во затворот се понудени воспитно образовни активности.

**Графикон 3 :**



Од приложеното може да се види дека постојат воспитно образовни активности кои се оскудни и кои не ги задоволуваат потребите кои ги имаат осудените лица додека ја издржуваат казната затвор во КПУ. Ова се должи на немањето можност осудените лица да изберат некој модел на образование. Единствено како можност да завршат основно образование имат осудените лица од КПД Идризово. Сето ова е премалку за осудените лица кои издржуваат казна затвор. Погоре во нашето истражување од презентираните резултати видовме дека имаме различна образовна структура на осудени лица на кои им се потребни различни образовни потреби, а со тоа и различен пристап во третманот.

**Врз основа на добиените резултати од истражувањето може да се констатира дека посебната хипотеза 1 се потврдува. Осудените лица имаат позитивен став кон воспитно образовната работа.**
**Во анализата е констатирано дека постојните модели се примарно дизајнирани за користење од страна на лица со ниско образование. Со тоа, а и врз база на другите резултати од истражувањето можеме да констатираме дека и посебната хипотеза 2: „Осудените лица со ниско образовно ниво се најзастапени корисници на образовната понуда во затворите“, се потврдува.**

## 2. ОБРАЗОВНА ПОНУДА, ПОТРЕБИ И ПРОГРАМИ ВО КПУ

За да имаме целовитост и резултати во процесот на ресоцијализација кај осудените лица кои се во пеналната средина и кои ја издржуваат изречената казна од надлежниот суд, потребно е да се има и добри програми за работа. Еден сегмент од третманот е и образованието кое влегува во креирањето на програмите. Креирањето на третмнот во голема мера зависи од потребите кои се детектираат со самото доаѓање на осудените лица на издржување казна затвор. Спроведувањето на образовни активности е од големо значење во ресоцијализирањето на осудените лица. Можноста да научат нешто ново додека ја издржуваат казната или пак да ги надоградат веќе постоечките знаења и вештини би допринело да одговорат на предизвиците и проблемите кои ги чекаат надвор по нивното излегување од затвор. Казнено поправните установи заедно со Управата за извршување на санкциите и Министерството за образование и наука се директните организатори и спроведувачи на образовните активности и истите како носители треба да овозможат поразновидна образовна понуда во корелација со потребите кои се јавуваат и произлегуваат од осудените лица кои ја издржуваат казната затвор. Освен во КПД Идризово каде се организира формално образование, другите установи воопшто немаат организирање на образование за осудените лица кои издржуваат казна. И покрај организирање на формално образование во КПД Идризово, можноста за да се вклучат и другите осуди лица ја нема. Во продолжение на ова наше истражување ќе се обидеме преку неколку прашања кои им беа поставени на осудените лица во КПД Идризово и КПУ Затвор Скопје да ја прикажеме реалната состојба на образовната понуда, потребите и програмите кои се спроведуваат во КПУ установи. Во продолжение на ова ги презентираме табеларно и графички дадените одговори од стана на осудените лица во однос на образовните понуди, потреби и програми во КПУ.

**Табела 9 :**

***Дали сметате дека покрај основното образование треба да има и други образовни понуди преку кои ќе може да стекнете знаења и вештини?***

| Одговор на испитаници | Да | Делумно | Не | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| f | 155 | 7 | 11 | 173 |
| % | 89,59 | 4,05 | 6,36 | 100 |

df = 2 $\chi^2$= 246,57 p<0.01

Од вкупно 173 испитаника, 155 или 89,59 % се согласуваат дека покрај основното образование треба да има и други образовни понуди кои би можеле да ги одберат и да се вклучат во нив со цел стекнување на знаења и вештини. Со делумно одговориле 4,05 % или 7 испитаници од вкупниот број, додека пак 11 испитаници или 6,36 % сметаат дека покрај основното образование не треба да има други образовни понуди.

Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01.

Од приложеното може да се види дека осудените лица во голем дел се за воведување на образовни понуди кои би можеле да ги одберат и преку нив да стекнат знаења и вештини.

Кога станува збор за заинтересираност и за вклучување во некаков модел за дообразување или усвојување на вештини знаења и умеења додека ја издржуваат казната осудените лица се исто заинтересирани што може да се потврди и од понудените одговори кои во продолжение табеларно и графички ќе ги презентираме.

**Табела 10 :**

***Дали сте заинтересирани за дошколување и усвојување на нови вештини знаења и умеења додека ја издржувате казната затвор?***

| Одговор на испитаници | Да | Делумно | Не | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| f | 144 | 14 | 15 | 173 |
| % | 83,24 | 8,09 | 8,67 | 100 |

df = 2 $\chi^2$= 193,89 p<0.01

Од табелата може да видиме дека од вкупно 173 испитаника, 144 или 83,24 % се заинтересирани за дошколување и усвојување на нови вештини, знаења и умеења. Со делумно одговориле 14 испитаници или 8,09 %, додека 15 испитаници или 8,67 % не се заинтересирани за дошколување.

Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01.

Од приложеното може да се воочи дека постои заинтересираност кај осудените за дошколување или усвојување на нови вештни знаења и умеења додека ја издржуваат казната затвор. Со оглед на тоа дека поголем дел од времето кое го поминуваат осудените лица во установите не е исполнето со активности. Можноста да се вклучат во некоја активност било тоа да е од образовен или од друг карактер е сведена на минимум или воопшто ја нема.

Исто како и претходните прашања кои им беа поставени на осудените лица и овде во ова прашање имаа можност да напишат зошто не се согласуваат ги презентираме нивните дадени одговори.

**Табела 11**

| |
|---|
| ***"Не сум заинтересиран бидејќи сум во години"*** |
| ***"Доволно ми е што имам завршено факултет" "Имам доволно образование и не ми е потребно"*** |

Очигледно е дека возраста на осудените лица влијае врз нивната партиципација во образовниот процес. Од одговорите кои ги имат дадено осудените лица може да видиме дека повозрасните лица не се заинтересирани за дошколување и усвојување на нови вештини знаења и умеења додека ја издржуваат казната затвор од причина што некои се во постари години и сметаат дека нема да имат потреба од ваков вид на образование. Од друга страна пак, лицата со повисоко образование сметаат дека поседуваат доволно ниво и степен на образование кои им се доволни за понатаму. Освен ова поголем дел од осудените лица сепак се за усвојување на нешто ново. Во ова осудените се на некој начин спречени од причина што нема доволно образовни

програми и можност да изберат нешто за да би се вклучиле и би се дообразувале или би се стекнале со некое знаење, вештини или умеење. Во продолжение ќе ги презентираме одговорите на испитаниците во однос на тоа дали им се понудени образовни програми преку кои би можеле да се стекнат со некое знаење и умеење.

**Табела 12 :**

***Дали имате можност да одберете некоја образовна програма за која сметате дека би можела да ви помогне да стекнете некое знаење и умеење?***

| Одговор на испитаници | Да | Делумно | Не | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| f | 39 | 20 | 114 | 173 |
| % | 22,54 | 11,56 | 65,9 | 100 |

df = 2 $\chi^2$= 85,67 p<0.01

Кога станува збор за можноста осудените лица кои издржуваат казна затвор да одберат или да се вклучат во некоја образовна програма може да видиме дека 39 или 22,54 % од вкупниот број на испитаници се изјасниле дека имат можност да одберат образовна програма која би им помогнала да се стекнат со некое знаење и умеење. За делумно се определиле 20 испитаника или 11,56 % од вкупниот број на испитаници, додека најдолем дел од испитаниците 114 или 65,9 % одвориле дека немат можност да одберат некоја образовна понуда во која би се вклучиле и преку која би стекнале некакво знаење.

Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на зн чајност од 0,01.

Од презентираните одговори може да видиме дека осудените имат потреба и сакаат да ги надоградат своите знаења, но се спречени во тоа бидејќи немат можности и соодветни програми во кои би се вклучиле.

Осудените лица наведуваат повеќе причини за неможноста да се вклучат во некоја образовна програма преку која би можеле да усвојат некои нови знаења. Во продолжение ќе ги презентираме нивните најчести одговори кои ги дале во однос на ова прашање.

**Табела 13**

| |
|---|
| *"Нема никакви програми" "Нема можности"* <br> *"Нема доволен избор на програми" "Нема никакво образование"* |

Освен овие прашања на осудените лица им беа понудени и тврдења на кои можеа да го дадат своето мислење во однос на образовната понуда. Резултатите во однос на овие тврдења ќе ги презентираме табеларно и графички.

**Табела 14**

| ОДГОВОР НА ИСПИТАНИЦИ | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк. | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Нема доволна образовна понуда за да можам активно да се вклучам и да научам нешто ново | 10 | 7 | 54 | 102 | 173 | 3,43 |
| Потребно е да има поголема образовна понуда | 1 | 1 | 42 | 129 | 173 | 3,72 |
| Досегашната образовна понуда не ми помага многу во усвојувањето на нови знаења и вештини | 11 | 10 | 40 | 112 | 173 | 3,46 |

Од табелата може да видат ставовите на осудените лица по одредени ставови кои се однесуваат на образовни програми и стекнување на нови знаења и вештини. На понуденото тврдење дека во затворите нема доволна образовна понуда во која би можеле да се вклучат, 102 испитаници се изјасниле дека во потполност се согласуваат, 54 од нив се изјасниле дека се согласуваат, 7 одговориле дека не се согласуваат, додека 10 од нив го застапуваат ставот дека воопшто не се согласуваат дека образовната понуда не е доволна за да можат да се вклучат и да научат нешто ново.

Дека е потребна поголема образовна понуда се ставовите на осудените искажани во второто тврдење каде 129 испитаника од вкупниот број на испитаници се изјасниле дека во потполност се согласуваат дека треба да има поголема образовна понуда, додека 42 испитаника се изјасниле дека се согласуваат. По еден испитаник одговориле дека воопшто не се согласуваат и не се согласуваат.

Кога е во прашање постоечката образовна понуда во казнено поправните установи осудените повторно во поголем дел или 112 испитаника во потполност се согласуваат дека не им помага многу во усвојувањето на нови знаења и вештини. Исто така 40 испитаници го застапуваат ставот дека се согласуваат дека не им помага многу сегашната образовна понуда, додека 11 одговориле дека воопшто не се согласуваат, а 10 испитаници не се согласуваат дека досегашната образовна понуда не им помага многу во усвојувањето на нови знаења и вештини.

Во анкетниот прашалник кој им беше даден на вработените во секторот за ресоцијализација како директни спроведувачи на третманот, а во контекст на сето ова што досега беше прентирано им беа понудени неколку тврдења од кои ние би издвоиле две а се однесуваа на образовните програми и заинтересираноста на осудените на вклучување во образовниот процес. Воспитувачите како директни спроведувачи на процесот на ресоцијализација ги искажаа своите ставови и видувања. За да ги согледаме нивните ставови кои ги дале на овие тврдење добиените резултати ќе ги презнтираме табеларно.

Ставови на вработените во секторот за ресоцијализација во однос на ***"потребите од повеќе вложувања за образовни програми"***

**Табела 15 :**

| ОДГОВОР НА ИСПИТАНИЦИ | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк. | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потребни се повеќе вложувања за образовни програми** | 0 | 2 | 13 | 12 | 27 | 3,37 |

Од добиените резултати може да видиме дека вработените во секторот за ресоцијализација се за повеќе вложувања за образовни програми. Најмногу или 13 испитаници од вкупниот број се согласуваат дека има потреба од вложување за образовни програми. Во потполност се согласуваат 12 испитаника, двајца испитанници не се согласуваат, додека нема испитаници кои го одбрале ставот воопшто не се согласувам. Од приложеното можеме да видиме дека преовладува позитивен став за повеќе вложувања за образовни потреби.

Ставови на вработените во секторот за ресоцијализација кои се однесуваа на тоа дали "*осудените лица се заинтересирани за вклучување во образовен процес* "

**Табела 16 :**

| ОДГОВОР НА ИСПИТАНИЦИ | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк. | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Осудените лица се заинтересирани за вклучување во образовен процес** | 1 | 8 | 14 | 4 | 27 | 2,77 |

Од табелата можеме да видиме дека 14 вработени се согласуваат дека кај осудените лица постои заинтересираност за вклучување во образовен процес. За ставот во потполност се согласувам се изјасниле 4 вработени од вкупиот број на испитаници, додека 8 се изјасниле дека не се согласуваат а пак 1 испитаник воопшто не се согласува со ова тврдење.

Од одговорите кои ги имат дадено вработените може да видиме дека вработените се согласуваат дека кај осудените лица во голем дел постои заинтересираност и дека е потребно воведување на нови образовни програми кои би им користеле во секторот за ресоцијалиација.

**Врз основа на добиените резултати од истражувањето може да се констатира дека посебната хипотеза 3 „Образовната програма која што се нуди во КПУ и КПД не ги задоволува образовните потреби на осудените лица кои издржуваат казна затвор" се потврдува.**

# 3. СТАВ НА ВОСПИТУВАЧИТЕ ВО ОДНОС НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ТРЕТМАН

Извршувањето на ресоцијализаторската функција во казнено поправните установи ја имат воспитувачите. Во секојдневната работа која ја имаат се соочуваат со многу проблеми кои директно се поврзани со спроведувањето на процесот на ресоцијализација. Спецификата на работа која ја носи со себе ресоцијализацијата бара многу вложувања од страна на директните актери во спроведувањето на целите кои треба да бидат остварени а со тоа и да биде постигнат ефектот во превоспитувањето на осудените лица кои се на издржување казна затвор. За успешно спроведен третман потребно е да се исполнат повеќе фактори кои во голем дел се однесуваат на просторните услови, бројот на воспитната група, секојдневните административни работи со кои се соочува воспитувачот, програмите за работа кои му се на располагање за послесно спроведување на целите на третманот. За да ги согледаме состојбите за спроведување на воспитно образовниот третман во казнено поправните установи спроведовме анкетен прашалник за воспитувачите кои се директни спроведувачи на третманот. Во продолжение на ова наше истражување ќе ги презентираме нивните ставови и проблеми со кои се соочуваат во спроведување на воспитно образовниот третман.

Воспитувачите секојдневно во својата работа наидуваат на одредени потешкотии кои директно или индиректно влијаат на нивната работа во процесот на ресоцијализација. Во ова наше истражување им беше даден прашалник каде од нив се бараше да ги искажат своите ставови. Во продолжение на ова наше истражување редоследно ќе ги презентираме добиените резултати за да согледаме какви се нивните одговори, ставови кон одредени тврдења и на кои проблеми наидуваат во текот на работењето.

На тврдењата за воведување на нови воспитно образовни содржини и досегашните образовни содржини кои се предвидени вработените ги дале следниве одговори :

**Табела 17 :**

| ОДГОВОР НА ИСПИТАНИЦИ | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк. | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Со воведување на нови воспитни – образовни содржини би се подобрил процесот на ресоцијализација** | 1 | 0 | 19 | 7 | 27 | 3,18 |
| **Досегашните содржини кои се предвидени се доволни за успешна ресоцијализација** | 7 | 16 | 4 | 0 | 27 | 1,88 |

Кај првото тврдење најмногу испитаници или вкупно 19 се согласуваат дека преку воведувањето на нови воспитно образовни содржини би се подобрил процесот на ресоцијализација. Веднаш по нив со 7 одговори на испитаници следи тврдењето во потполност се согласувам. Кај останатите два одговора не се согласувам немаме одговори, додека 1 испитаник одговорил дека воопшто не се согласува со тврдењето дека ќе се подобри процесот на ресоцијализација со воведување на нови воспитно образовни содржини. Може да се каже дека вработените воглавно се согласуваат дека воведувањето на новите воспитни содржини би го подобриле процесот на ресоцијализација.

На второто тврдење најдолем број на одговори на испитаници 16 имаме кај ставот дека не се согласуваат дека досегашните содржини кои се предвидени се доволни за успешна ресоцијализација. За ставот воопшто не се согласувам одговориле 7 испитаника, додека 4 од испитаниците се согласуваат дека досегашните содржини се доволни за успешна ресоцијализација. За разлика од претходното тврдење каде вработените се согласуваат со тврдењето, кај ова тврдење преовладува негативен став за тврдењето дека досегашните содржини кои се предвидени се доволни за успешна ресоцијализација.

Од сето ова досега што беше презентирано може да видиме дека вработените се за воведување на нови воспитно образовни содржини кои би придонеле за подобар процес на ресоцијализација на осудените лица кои издржуваат казна затвор. Потврда за ова е второто тврдење на кое се имат изјаснето дека постоечките содржини кои сега се предвидени не се доволни за успешна ресоцијализација. Ова укажува дека има потреба од поголемо вложување и унапредување и соработка со други образовни институции во насока на збогатување на воспитно образовниот третман, а со тоа и на ресоцијализацијата на осудените лица.

Во продолжение ќе ги презентираме ставовите на вработените во однос на тврдењата за соработка со институции кои се наменети за образование на возрасни како и потребата од изработка на модел на воспитни образовни програми согласно висината на казната. Од довиените резултати ќе видиме колку се наметнува потребата од соработка со вакви институции. Во КПД Идризово воспоставена е и функционира ваквата соработка со Основното училиште “АС Макаренко” – Скопје, каде осудените лица може да се стекнат со основно образование. Но ваква пракса не е воспоставена во сите затвори во Република Македонија и сите осудени лица немат можност да се стекнат со формално образование.

Табела 18 :

| ОДГОВОР НА ИСПИТАНИЦИ | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вk. | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Потребна е поголема соработка со надворешни институции кои се наменети за образование на возрасни | 0 | 0 | 12 | 15 | 27 | 3,55 |
| Потребна е изработка на соодветни модули на воспитно – образовни програми согласно висината на казната | 1 | 0 | 14 | 12 | 27 | 3,37 |

Од добиените резултати може да се види дека вработените се за поголема соработка со надворешни институции кои се наменети за образование на возрасни. Од вкупниот број на испитаници, 12 се согласуваат со ова тврдење, додека 15 го одбрале ставот во потполност се согласувам. Ова укажува дека има потреба од поголемо партиципирање на вакви институции кои би можеле да одговорат на потребите на осудените кои ги презентиравме погоре во нашето истражување каде видовме дека има заинтересираност кај осудените лица за нивно вклучување во образовни програми. Аритметичката средина кај ова тврдење изнесува $\overline{X}$ = 3,55 што укажува на тоа дека вработените изразено се согласуваат со ова тврдење дека е потребна поголема соработка со надворешните институции.

Освен ова има потреба и обработка на модули на воспитно образовни програми соглано висината на казната која ја издржуваат осудените лица.Ова ја отвара можноста сите оние осудени лица без разлика во која установа издржуваат казна, доколку сакаат да се вклучат во овие програми. Ова се поткрепува и со резултатот од пресметаната аритметичка средина која

изнесув $\overline{X}$ = 3,37, што укажува на тоа дека вработените кај ова тврдење претежно се согласуваат дека е потребно изработка на модули на воспитно образовни програми согласно висината на казната.

Една од суштинските работи во процесот на ресоцијализацијата претставува и мотивацијата на осудените лица. Со самото доаѓање на осудените лица на издржување казна затвор кај голем дел од нив се забележуват одредени деприваци, незаинтересираност, потиштеност, непозната средина. Сето ова влијае дитектно кај осудените и понекогаш ги прави да делуваат незаинтересирано. Затоа во разговорите кои ги водат воспитувачите се обидуваат да делуваат мотивирачки, да ги охрабрат да ја вратат самодовербата и да се вклучат во третманот. Во конктекст на ова на вработените им беа посочени повеќе тврдења од акетниот прашалник од кои ние би издвоиле две кои се однесуваат на тоа како и дали мотивирачки влијаат воспитно образовните содржини кај осудените лица кои издржуваат казна затвор со установите.

**Табела 19 :**

| ОДГОВОР НА ИСПИТАНИЦИ | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк. | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Понудата од разновидни курсеви би помогнала да се мотивираат осудените лица и активно да се вклучат во истите** | 0 | 0 | 13 | 14 | 27 | 3,51 |
| **Постојните воспитно образовни содржини не делуваат доволно мотивирачко кај осудените лица** | 1 | 2 | 14 | 10 | 27 | 3,29 |

Кај првото тврдење може да воочиме дека вработените се согласуваат дека понудата од разни курсеви би можеле да ги мотивира осудените лица и да се вклучат во истите. За ставот во потполност се согласувам се определиле 14 испитаника, додека за ставот се согласувам се определиле 13. За преостанатите два става не се определил никој од испитаниците. Пресметаната аритметичка средина кај ова тврдење изнесува $\overline{X} = 3{,}51$.

Кај второто тврдење имаме 1 испитаник кој воопшто не се согласува дека досегашните воспитно образовни содржини не делуваат доволно мотивирачки кај осудените лица, веднаш по него се 2 испитаника кои го застапуваат ставот не се согласувам, па следат 14 испитаника кои се согласуваат дека досегашните воспитно образовни содржини не делуваат мотивирачко и на крај се одговорите на 10 испитаника кои во потполност се согласуваат со тврдењето. Аритметичката средина за ова тврдење изнесува $\overline{X} = 3{,}29$ што укажува на тоа дека вработените изразено се согласуваат со тврдењето дека постојните воспитно образовни содржини не делуваат доволно мотивирачки кај осудените лица.

Условите во кои се спроведува воспитно образовниот третман се од големо значење за успешност во процесот на ресоцијализација. За да ги осознаме и да видиме во какви услови работат вработените и дали се задоволни од истите ќе ги презнтираме резултатите од твдењето кое им беше понудено на кое имаа можност даги искажат своите ставови. Во табелата што следи ќе ги прентираме резултатите кои ги добивме.

**Табела 20 :**

| ОДГОВОР НА ИСПИТАНИЦИ | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк. | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Условите во кои се спроведува воспитно образовната работа со осудени лица се на потребното ниво** | 13 | 13 | 1 | 0 | 27 | 1,55 |

Од добиените резултати може да се види дека вработените подеднакво со по 13 одговори ги одбрале двата става воопшто не се се согласувам и не се согласувам во однос на тврдењето дека условите во кои се спроведува воспитно образовната работа со осудените лица е на потребното ниво. Само еден испитаник одговорил дека се согласува со ова тврдење, додека немаме одговори за ставот во потполност се согласувам. Аритметичката средина кај ова тврдење изнесува $\overline{X}$ = 1,55.

**Табела 21 :**

| ОДГОВОР НА ИСПИТАНИЦИ | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вk. | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подобрувањето на условите за работа во пенитенцијарните установи ќе допринесе да се подобри нивото на ресоцијализација** | 0 | 1 | 6 | 20 | 27 | 3,70 |

Од приложеното може да се види дека 20 испитаника во потполност се согласуваат дека подобрувањето на условите за работа во пенитенцијарните установи ќе допринесе да се подобри нивото на ресоцијализација. Веднаш по нив се 6 испитаника кои го имат одбрано ставот се согласувам, еден испитаник кон не се согласува со ова тврдење додека нема испитаници кои се определиле за ставот воопшто не се согласувам. Аритметичката средина укажува дека вработените од секторот за ресоцијализација изразено се согласуваат дека подобрувањето на условите ќе допринесе да се подобри и нивото на ресоцијализација.

За да прецизираме за кои услови се работи и на кои тешкотии секојдневно наидуваат вработените во секторот за ресоцијализација им беше оставено простор да ги кажат своите ставови преку прашањето кои им беше упатено.

*"Наведете на кои тешкотии наидувате при спроведување на процесот на ресоцијализација ( воспитно – образовен третман)"*

Во продолжение во табелата која следи, ќе ги презентираме најчестите одговори кои ги дале вработените од секторот за ресоцијализација

**Табела 22 :**

| |
|---|
| *"Просторни услови" "Недостаток на програми за третман" "Голем број на осудени лица во воспитна група" "Недоволна екипираност во сектор за ресоцијализација" "Преголема административна работа пополнување во стручно досие наместо повеќе работа со осудени лица" "Немање соодветни услови за спроведување на образование, обуки и основни едукации за осудените лица" "Висока пренатрупаност со осудени лица" "Недоволна соработка со институции задолжени за постпенапомош" "Лоши материјални и технички услови" "Малку обуки за вработените"* |

Од приложеното можеме да видиме дека проблемите на кои наидуваат вработените се однесуваат на повеќе аспекти почнувајќи од просторни услови, недостаток на програми, па завршувајќи со едукација на вработените. Очигледно е дека просторните услови, недостатоткот на програми за работа и поголемата едукацијата влијаат на реализацијата и спроведувањето на образовниот третман со осудените лица.

**Табела 23 :**

| ОДГОВОР НА ИСПИТАНИЦИ | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Bk. | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Досегашните обуки ви помогнале полесно да ги спроведете програмите за ресоцијализација** | 5 | 6 | 15 | 1 | 27 | 2,44 |

Од приложеното се гледа дека вработените во најголем дел или 15 од нив се согласуваат дека досегашните обуки кои ги имале им помогнале во работата полесно да ги спроведат програмите. Еден испитаник во потполност се

согласува, 6 испитаници не се согласуваат со ова тврдење додека 5 воопшто не се согласуваат дека обуките им помогнале полесно да ги спроведат програмите за ресоцијализација. Аритметичката средина за ова тврдење изнесува $\overline{X}$ = 2,44.

Во продолжение ќе ги презентираме добиените резултати во однос на тврдењето за потребата од поголем број на обуки за вработените во секторот за ресоцијализација, со цел да ги видиме нивните ставови по однос на ова тврдење.

**Табела 24 :**

| ОДГОВОР НА ИСПИТАНИЦИ | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк. | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потребно е поголем број на обуки за вработените, кои би им биле од голема помош за полесно спроведување на програмите предвидени за ресоцијализација** | 0 | 0 | 12 | 15 | 27 | 3,55 |

Од презентираните резултати може да видиме дека вработените и покрај тоа што погоре со претходното тврдење се изјаснија дека досегашните обуки во голема мера им имат помогнато, сепак сакаат да има поголем број на обуки кој би им биле од помош во реализирањето на целите на ресоцијализацијата. Доказ за ова се и добиените резултати каде 15 од вкупниот број на испитаници во потполност се согласуваат дека е потребно да има поголем број на обуки, додека пак 12 го одбрале третиот став со кој се согласуваат со тврдењето за зголемена потреба од обуки. За другите два става не се определил никој од испитаниците. Аритметичката средина кај ова тврдење изнесува $\overline{X}$ = 3,55 што укажува на тоа дека кај вработените преовладува позитивен став за потребата од поголем број на обуки кои би им биле од голема помош за полесно спроведување на програмите предвидени за ресоцијализација.

**Врз основа на добиените резултати од истражувањето може да се констатира дека посебната хипотеза 4 „Воспитувачите не се задоволни од воспитно-образовниот третман кој се спроведува во казнено поправните установи“ се потврдува.**

ИНСТИТУТ ЗА ПЕДАГОГИЈА

# 4. СООДНОС ОБРАЗОВАНИЕ - ЗАТВОРИ

Казнено поправните установи не можат многу да се пофалат кога станува збор за застапеноста на образованието. Организирано формално образование има само во КПД Идризово, додека другите КПУ не се во можности и немаат организирано вакво образование. Преку организирани курсеви во пеналната средина може да се подигне нивото на знаење кои можат да го стекнат осудените лица додека ја издржуваат казната. Постоењето и фукнционирањето на формално неформално и информално образование ќе ја збогати образовната понуда во казнено поправните установи. Потребата на осудените лица за стекнување на знаења вештини и умееља ја видовме од претходно презентираните резултати каде осудените пројавуваат интерес да научат нешто ново. Во продолжение ќе ги презентираме добиените резултати и ќе се обидеме да дадеме едно објаснување за вклученоста на формите на образование кои се среќаваат во казнено поправните установи.

На прашањето "***Наведете дали и какви воспитно – образовни активности се спроведуваат во установата во која работите***" вработените од секторот за ресоцијализација во КПД Идризово и КПУ Затвор Скопје имаа можност да ги кажат своите размислување во однос на ова прашање. Одговорите ќе ги презентираме во табелата што следи.

**Табела 25 :**

| |
|---|
| ***"Вклучување во основно образование преку Макаренко" "Методи на педагошко андрагошка работа" "Индивидуален разговор, советување" "Социјално – етичко воспитување" "Физичко воспитување" "Нема организирано воспитно образовни активности"*** |

Од одговорите на вработените може да воочиме дека нема многу застапеност на образовни активности во казнено поправните установи. Покрај индивидуалните разговори, советувања, педагошко – андрагошки методи во КПД Идризово е застапено основно образование, каде осудените кои имат потреба да завршат или да го докомплетираат образованието може да се запишат и да добијат верифицирана диплома во која нема да биде наведено дека ја имат стекнато во затвор. Во Затвор Скопје претежно воспитниот процес повеќе се сведува преку индивидуални разговори, советувања, корекции, но нема организирано образовен процес во кој осудените лица ќе може да се стекнат со некаков степен или знаења. Ни во двете казнено поправни установи немаме организирано курсеви преку кои осудените лица би можеле да се стекнат со некакво занење или вештина.

Во продолжение ќе ги презентираме кои се ставовите на осудените лица и размислувањата во насока на можноста за избор на образование додека се на издржување казна затвор.

**Табела 26** : Ставови на осудените лица во однос на тврдењето ***„Може слободно да се избере образование"***

| Одговор на испитаници | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк |
|---|---|---|---|---|---|
| f | 85 | 35 | 36 | 17 | 173 |
| % | 49,13 | 20,23 | 20,81 | 9,83 | 100 |

df = 3 $\chi^2 = 59,01$ $p<0.01$

Најголем број од испитаниците 85 или 49,13 % го избрале првиот став воопшто не се согласувам со тврдењето дека може слободно да се избере образование. Вториот став или не се согласувам го избрале 35 испитаника или 20,23 %. За третиот став се согласувам се определиле 36 испитаника или 20,81% додека во потполност со ова тврдење се согласуваат 17 испитаника или 9,83 %.

Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01.

На понуденото тврдење дека е потребно да се организираат курсеви осудените лица ги дале следниве одговори :

**Табела 27** : Ставови на осудените лица во однос на тврдењето ***„Потребно е да се организираат курсеви"***

| Одговор на испитаници | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| f | / | / | 47 | 126 | 173 | 3,72 |
| % | / | / | 27,17 | 72,83 | 100 | / |

На ова тврдење осудените во многу голем процент или 72,83 % се изјасниле дека во потполност се согласуваат со тврдењето дека е потребно да се организираат курсеви. Веднаш по нив се 47 испитаника или 27,17 % кој се согласуваат со ова тврдење. Кај преостанатите два става немаме одговори од испитаници. Пресметаната аритметичка средина кај ова тврдење изнесува $\overline{X} = 3{,}72$, што укажува дека кај осудените лица преовладува позитивен став кога станува збор за организирање на курсеви.

Курсевите како можност да се научи нешто ново но и да се исполни времето со корисни активности за осудените се одлична можност. Времето во казнено поправните установи може да се види како вечност доколку нема активности преку кои ќе може да се акумилира целата досада и да се претвори во корисно искористено време. На понуденото тврдење ***„Преку организирани курсеви и предавања побрзо поминува времето"*** осудените ги дале следниве ставови кои ќе ги прикажеме табеларно.

Табела 28 :

| Одговор на испитаници | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк |
|---|---|---|---|---|---|
| f | 1 | 2 | 42 | 128 | 173 |
| % | 0,58 | 1,16 | 24,28 | 73,98 | 100 |

df = 3 $\chi^2$= 248,24 p<0.01

Од одговорите кои ги имат дадено осудените лица може да видиме дека има влијание нивната заинтересираност на вклучување во организирани курсеви преку кои наместо да седат и да се „досадуваат" корисно би го исполниле своето време додека ја издржуваат казната затвор. Поткрепа на ова тврдење му дават и 128 одговори на испитаниците од вкупниот број на испитаници кои во потполност се согласуваат. Веднаш по нив со најмногу одговори или 42 се испитаниците кои се согласуваат со ова тврдење, додека двајца имаме кои одговориле дека не се согласуваат и еден испитаник кој одговорил во потполност не се согласувам. Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01.

Потребата од активности кои ќе внесат една свежина во процесот на ресоцијализација ќе отвори простор за вклучување и на осудените лица. Да се научи нешто ново претставува мотив плус за осудените лица. Ваквиот пристап ќе овозможи едно олеснување и исполнување на времето кај осудените лица кое не минува така брзо во средина каква што е затворската. За да видиме што мислат осудените во врска со исполнување на времето преку учење на нешто ново, во продолжние ќе ги презентираме добиените резултати во однос на тврдењето ***„Убаво е да се научи нешто ново"***

**Табела 29 :**

| Одговор на испитаници | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| f | 2 | / | 45 | 126 | 173 | 3,70 |
| % | 1,16 | / | 26,01 | 72,83 | 100 | / |

Најголем дел од одговорите на испитаниците 126 или 72,83 % се за ставот во потполност се согласувам. Останатите одговори се 45 или 26,01 % за ставот се согласувам, нема испитаници кои се определиле за ставот не се согласувам, додека 2 испитаника воопшто не се согласуваат со тврдењето дека е убаво нешто да се научи. Пресметаната аритметичка средина за ова тврдење изнесува $\overline{X} = 3,7$.

Од приложеното може да видиме дека осудените лица сакаат да се вклучат во образовна активност и да научат нешто доколку има што да одберат. Воведување на новости во самиот воспитно образовен процес би допринело осудените да го исполнат своето слободно време а со тоа и да поработат на нивниот личен развој. За да видиме каков осудените се изјасниле во врска со слободното време и кои активности ги имат за личен развој во продолжение ќе ги презентираме табеларно одговорите кои ги дале на поставеното прашање : ***„Дали вашето слободно време е исполнето со активности за личен развој?"***

**Табела 30**

| Одговор на испитаници | Да | Делумно | Не | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| f | 44 | 50 | 79 | 173 |
| % | 25,43 | 28.90 | 45,67 | 100 |

df = 2 $\chi^2$= 12,13 p<0.01

Најголем број од испитаниците 79 или 45,67 % од вкупниот број на испитаници се изјасниле дека нивното слободно време не е исполнето со активности за личен развој. Со делумно одговориле 50 испитаника или 28,90 % проценти, додека 44 или 25,43 % се изјасниле дека слободното време им е исполнето со акривности за личен развој.

Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01.

Слободното време во процесот на ресоцијализација е од суштинско значење. Целовитоста во превоспитувањето се состои од многу аспекти меѓу кои и исполнување на слободното време. Ова во казнено поправните установи е оставено на самите осудени лица. Сепак и за ова треба да постои организиран пристап со понудени активности преку кои осудените ќе можат да се вклучат и да го јакнат својот личен развој. Активности кои се среќаваат во казнено поправните установи се : спорт, читање на книги, играње шах, карти. Од овие резултати може да видиме дека најголем број на осудени лица не се задоволни дека слободното време им е исполнето со активности кои би ги привлекло да се вклучат во истите. Ваквото незадоволство имаа можност да го искажат во одговорите кои им беа понудени во анкетниот прашалник при што ќе ги презентираме истите во табелата која следи.

**Табела 31 :**

| |
|---|
| ***"Нема никакви активности"*** |
| ***"Нема никакви услови за реализирање на активности"*** |
| ***"Не постојат активности"*** |
| ***"Потребно е да се организираат активности"*** |

Од активностие за слободно време кои ги споменавме беше и постоењето на библиотеки во казнено поравните установи преку кои осудените може да земат книги и списанија. За да видиме дали затворскта библиотека е доволно снабдена со литература и дали осудените лица често ја користат ќе ги презентираме одговорите па осудените лица во однос на овие две прашања.

Најпрво ќе ги презентираме одговорите на прашањето *"Дали ја користите затворската библиотека?"* Испитаниците имаа можност да одговорат на три понудени тврдења кои ќе ги видиме во табелата која следи.

**Табела 32**

| Одговор на испитаници | никогаш не ја користам | понекогаш ја користам | секогаш ја користам | Вк |
|---|---|---|---|---|
| f | 69 | 71 | 33 | 173 |
| % | 39,89 | 41,04 | 19,07 | 100 |

df = 2 $\chi^2$= 15,85 p<0.01

Од добиените резултати можеме да видиме дека најмногу одговори 71 или 41,04 % се за тврдењето понекогаш ја користам библиотеката. Веднаш по ова следи тврдењето никогаш не ја користам библиотеката каде 69 од испитаниците или 39,89 % се изјасниле за ова тврдење. Само 33 испитаници или 19,07 % се изјасниле дека секогаш ја користат библиотеката. Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01.

Добиените резултати ќе ги прикажеме и графички во графиконот кој следи.

**Графикон 4**



Исто така на испитаниците им беше понудено да одговорат "*Дали затворксата библиотека е доволно снабдена со литература?* " Овде им беа понудени две опции кои можеа да ги одберат и да се изјаснат. За да видиме какви се одговорите на испитаниците по однос на ова прашање добиените резултати ќе ги презентираме табеларно и графички.

**Табела 33**

| Одговор на испитаници | Да | Не | Вк |
|---|---|---|---|
| f | 16 | 157 | 173 |
| % | 9,25 | 90,75 | 100 |

df = 1 $\chi^2$= 114,9 $p<0.01$

Од одговорите на испитаниците можеме да видиме дека затворската библиотека и во КПД Идризово и во КПУ Затвор Скопје не е доволно снабдена со литература. Доказ за ова се и добиените резултати каде 157 испитаника или 90,75 % од вкупниот број на испитаници одговориле дека затворската библиотека не е доволно снабдена со литература. Само 16 испитаника или 9,25 % од вкупниот број на испитаници одговорил дека затворската библиотека е доволно снабдена со литература. Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01. За да имат можност осудените во слободно време да користат литература од библиотеката мора и самата библиотека да биде добро снабдена.

**Врз основа на добиените резултати од истражувањето може да се констатира дека посебната хипотеза 5 „Во затворите не е доволно застапено формалното и неформалното образование" се потврдува.**

# 5. ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ И ВКЛУЧЕНОСТ НА ОСУДЕНИТЕ ВО ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Заинтересираноста и вклученоста на осудените во воспитно образовниот процес зависи од повеќе фактори. Казнено поправните установи како место каде осудените се упатени на издржување на казната не треба да отстапуваат од активностите кои и надвор на слобода би можел осудениот да ги користи. За да се оствари сето ова потребно е да има создадено и услови во казнено поправните установи. Друг многу битен сегмент кој директно е поврзан со заинтересираноста на осудените и нивното вклучување во воспитно образовниот процес е и мотивацијата кај самите осудени лица. Мотивирањето започнува уште воململمприемниот период и нивниот престој во приемното одделение, па продолжува во континуитет во текот на казната. Оттука се тргнува и кон вклучување во некоја активност во зависност од интересот на осудениот. Погоре во ова наше истражување презнтиравме каква е образовната понуда која што се нуди во казнено поправните установи и дека понудата која ја има не е на потребното ниво. Видовме дека судените лица не се задоволни од програмите кои им се понудени додека ја издржуваат казната затвор. Затоа во нашето истражување се обидовме да дојдеме до сознанија колку осудените се заинтересирани за вклучување во воспитно образовниот процес доколку би се подобрило нешто во таа насока преку разни програми, курсеви и предавања. Заинтересираноста на осудените за воведување на поголем број на курсеви ќе ја согледаме преку нивните одговори на прашањето кое им беше поставено а кое гласеше : ***Дали сметате дека е добро да има поголем избор на курсеви ?*** Одговорите на ова прашања ќе ги презентираме во табелата која следи подолу.

**Табела 34**

| Одговор на испитаници | Да | Делумно | Не | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| f | 168 | 3 | 2 | 173 |
| % | 97,11 | 1,73 | 1,16 | 100 |

df = 2 $\chi^2$= 316,68 p<0.01

Испитаниците на ова прашање во доста голем број одговориле дека е добро да има повеќе курсеви во казнено поправните установи. Со да одговориле 168 испитаника или 97,11 % од вкупниот број на испитаници. За вториот одговор или делумно се определиле само 3 испитаника или 1,73 %, додека за понудениот трет одговор се определиле 2 испитаника или 1,16 % од вкулниот број на испитаници. Од приложеното може да видиме дека бројот со кој не се сложуваат осудените со ова прашање е мал и дека доста голем процент се за воведување на повеќе курсеви. Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01. Може да се види дека кај осудените постои заинтересираност за изучување на нешто ново доколку има разновидна понуда од курсеви кои би биле од повеќе области и кои би ги задоволиле потребите на осудените лица.

Од приложеното досега може да видиме дека осудените имаат позитивни размислувања за воведување на курсеви во казнено поправните установи. Со воведувањето на разновидни курсеви осудените ќе имат можност да се стекнат со нови знаења а со тоа и голем број на практични знаења. Со цел да видиме какви се размислувањата на осудените лица кога станува збор за усвојување на практични знаења преку курсеви, ќе ги презентираме одговорите дадени од страна на осудените лица во однос на прашањето кое беше упатено до нив а кое гласеше :

***"Дали сметате дека со воведување на курсеви би ги усовршиле вашите практични вештини?"***

Добиените резултати ќе бидат презентирани табеларно и графички.

**Табела 35**

| Одговор на испитаници | Да | Делумно | Не | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| f | 156 | 9 | 8 | 173 |
| % | 90,17 | 5,20 | 4,63 | 100 |

df = 2 $\chi^2 = 251,54$ $p<0.01$

Од презентираните резултати во табелата може да видиме дека 90,17 % од вкупниот број на испитаници се согласуваат дека со воведувањето на курсевите ќе може да ги усовршат своите практични вештини. Осудените сакаат да се вклучат во некој курс преку кој ќе може да научат нешто ново или да ги надополнат веќе постоечките знаења кои ги имаат. За ова прашање делумно се сложиле 5,20 % од вкупниот број на испитаници, додека 4,63 % не сметаат дека преку воведувањето на курсеви би ги усовршиле своите практични вештини. Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01.

Ова ни покажува дека кај осудените има заинтересираност за усвојување на практични вештини кои би им го исполниле времето а и би им користеле понатаму во животот.

**Графикон 5**



Заинтересираност на осудените лица не се состои само во вклучување во образовниот третман туку и во нивната работна ангажираност. Работата во затворите не е задолжителна и е оставена на осудениот да може да одбере дали сака да работи или не. За да видиме дали осудените лица се заинтересирани за вклучување во работниот процес преку кој со помош на инструкторите може да научат нешт ново во продолжение ќе ги презентираме одговорите на прашањето кои им беше поставено и на кое можеа осудените да ги дадат своите одговори.

**Табела 36 :** одговори на осудените во однос на прашањето ***Дали сте работно ангажирани во затворот ?***

| Одговор на испитаници | не, никогаш | да, повремено | да, скоро секој ден | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| f | 78 | 21 | 74 | 173 |
| % | 45,09 | 12,14 | 42,77 | 100 |

df = 2 $\chi^2 = 35{,}1$ $p<0.01$

Најголем број од испитаниците или 45,09 % се изјасниле дека не се работно ангажирани. Како повремено работно ангажирани се изјасниле 12,14 % од испитаниците, додека 42,77 % одговориле дека скоро секој ден се работно ангажирани. Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01.

Од приложеното може да видиме дека и покрај тоа што имаме најголем број на осудени кои не се работно ангажирани сепак не треба да се занемари и процентот на оние кои се работно ангажирани. Осудените лица имаа можност да ги наведат со каква активност се работно ангажирани во казнено поправните установи. Во продолжение ќе ги презентираме нивните одговори.

Работни активности во кои најчесто се вклучени осудените лица додека ја издржуваат казната затвор :

- Одржување на зелени површини
- Земјоделие
- Одржување на хигиена
- Работа во трпезарија, кујна, пекара, бифе
- Курир во стоматологија
- Одржување на греење
- Курир на капија
- Столара
- Бравара
- Градежна група
- Свињара
- Одржување на возен парк

Од одговорите кои се приложени може да видиме дека осудените претежно се ангажирани во активности кои се секојдневни во казнено поправните установи и повеќе се насочени кон исполнување на време. Стекнување на некое знаења или вештини со овие понудени работни активности во кои осудените може да се вклучат е многу мали или воопшто го нема. Освен рутинските работни задолженија што ги имаат нема организирано нешто да се изучува. Некои од нив кои се вклучени и работно ангажирани во работилниците кои ги има во казнено поправната установа преку кои со помош на инструкторот кој е вработен таму може да се стекнат со некои знаења, вештини и умеења. Но ваквото стекнато знаење не е верифицирано со некој сертификат. Покрај тоа што ќе се стекнат со знаење за некој занает пожелно е и да имаат одреден сертификат со кој би можеле рамноправно да конкурираат на пазарот на трудот. Осудените лица се заинтересирани и сакаат да бидат повеќе работно ангажирани. Ова го потврдуваат и одговорите кои ги имаат дадено осудените лица на прашањето кое им беше поставено ***„Дали би сакале да бидете повеќе работно ангажирани ?"*** Одговорите на испитаниците ќе ги презентираме табеларно и графички.

Табела 37

| Одговор на испитаници | не | да | Вкупно |
|---|---|---|---|
| f | 50 | 123 | 173 |
| % | 28,9 | 71,1 | 100 |

df = 1 $\chi^2 = 30,8$ $p<0.01$

На ова прашање најголем број од испитаниците или 123 од вкупниот број одговориле со да, односно сакаат да бидат повеќе работно ангажирани додека ја издржуваат казната затвор. Со не одговориле 50 испитаници од вкупниот број на испитаници. Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01.

**Графикон 6**




Од приложеното може да се види дека кај осудените лица постои заинтересираност за дополнително вклучување во работен процес и покрај работата која ја работат. Секоја дополнителна и интересна активност која би била понудена може да ја зголеми заинтересираноста кај осудените лица. Во продолжение ќе ги прикажеме најчестити причини кои осудените имаа можност да ги наведат за да би биле повеќе работно ангажирани.

- Било каква активност само да ми е исполнето времето
- Столарија
- Хортикутура
- Кувар

И од овие одговориме можеме да воочиме дека осудените имат потреба од поголема организација и исполнување на времето со корисни активности преку кои осудените ќе можат да се стекнат со некакво знаење. Исто така повторно имаме заинтересираност за изучување на некој занает кој би можеле да го изучуваат додека ја издржуваат казната затвор. Има влијание има

**Врз основа на добиените резултати од истражувањето може да се констатира дека посебната хипотеза 6 „Осудените лица се заинтересирани да се вклучат во воспитно образовниот процес додека се на издржување казна затвор во казнено поправните установи“ се потврдува.**

# 6. ЕДУКАТИВНИ ПРОГРАМИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Казнено поправните установи како институции каде се издржува казна затвор во своето делување и работа покрај безбедносните аспекти, се насочени и кон превоспитувањето или ресоцијализацијата на осудените лица која преставува основна функција во процесот на ресоцијализација. За исполнување на ова функција се применуваат програми за работа. Досега во нашето излагање имавме можност да ги видиме и да се запознаеме со аспектите на ресоцијализацијата, колку и во колкава мера истата се унапредува или се збогатува со нови содржини. Од она што го добивме како резултат може да се воочи дека досега во ресоцијализацијата има некои мали позитивни поместувања, но кои не се доволни за да одговорат на реалните потреби. Едуцирањето на осудените лица и нивното зголемено ниво на знаења и вештини можат да помогнат во начинот и менувањето на размислувањето кај истите. Осудените лица имаат интерес за вклучување во некоја едукативна програма доколку би им била понудена. Со оглед на ова може да се каже дека ваквиот пристап во ресоцијализацијата кај осудените би имал позитивно влијание и би делувал мотивирачки кај нив. Усвојување на нови содржини би им користело и би им помогнало на осудените лица во понатамошниот живот. За да видиме какви се размислувањата на осудените лица во однос на воведување на нови едукативни програми и модули во продолжение ќе ги презентираме добиените резултати од нашето истражување.

**Табела 38 :** Одговори на испитаниците во однос на тврдењето : ***Стекнувањето на нови знаења и практични вештини би ми биле од корист***

| Одговор на испитаници | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| f | 5 | 6 | 59 | 103 | 173 | 3,15 |
| % | 2,89 | 3,47 | 34,1 | 59,54 | 100 | / |

Од приложеното може да видиме дека 59,54 % од вкупниот број на испитаници во потполност се согласуваат со ова тврдење. За ставот се согласувам се 34,1 % од испитаниците, додека 3,47 % не се согласуваат, односно 2,89 % воошто не сметаат дека стекнувањето на нови знаења и практични вештини би им биле од корист. Аритметичката средина за ова тврдење изнесува $\overline{X} = 3,15$.

Од добиените резултати јасно се гледа дека осудените лица во најголем дел сметаат дека преку стекнување на нови знаења и практични вештини би можеле да имат некој бенефит понатаму. Ова укажува дека на осудените лица им е важно и сакаат да научат нешто ново. Исто така ова тврдење укажува на два аспекта кои им се битни на осудените лица и тоа првиот кој се однесува на стекнување на одредено знаење од некоја област и вториот, ваквото стекнато знаење да биде надополнето со пракса која ќе им овозможи директна примена на знаењето кое би го стекнале. Сето ова би овозможило една поврзаност кој во процесот на ресоцијализација доколку би се реализирало преку некоја програма би дало позитивни резултати. Во продолжение добиените резултати ќе ги прикажеме и графички.

**Графикон 7**




И од претходно приложеното можеме да воочиме дека осудените лица се знтересирани за вклучување во некоја едукација преку која би можеле да се стекнат со одредени знаења а потоа и да ја искористат од кога ќе излезат од издржување на казната затвор. Воведувањето на програми со едукативен карактер би отворил можност осудените да се вклучат и би побарале активно и практично да го спроведат знаењетокое би го стекнале. Колку на осудените лица им е важно освен теоретското да се стекнат и со практично знаење и како размислуваат во таа насока ќе согледаме преку презентирање на добиените резултати добиени во истражувањето. Најпрво ќе ги презентираме одговорите на испитаниците во однос на тврдењето кое гласи :

***"Покрај усвојувањето на нови вештини и знаења потребно е и поголема практична работа*** "

**Табела 39**

| Одговор на испитаници | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| f | / | 3 | 57 | 113 | 173 | 3,63 |
| % | / | 1,73 | 32,95 | 65,32 | 100 | / |

Од табелата и резултатите кои се презентирани во неа може да видиме дека 65,32 % од вкупниот број на испитаници во потполност се согласуваат дека покрај усвојувањето на нови вештини и знаења потребно е да има и поголема практична работа. Исто така висок процент или 32,95 % од испитаниците се согласуваат со ова тврдење. Мал процент или 1,73 % од испитаниците не се согласуваат со ова тврдење, додека нема испитаници кои воопшто не се согласуваат со ова тврдење. Аритметичката средина кај ова тврдење изнесува $\overline{X}$ = 3,63, што укажува на тоа дека осудените изразито се согласуваат со ова тврдење.

Може да се види дека на осудените им е важно да има поголема практична работа во казнено поправните установи. Затоа затворите треба да изнајдат начин како ова би можело да биде функционално. Со стекнување на практични знаења осудените лица веќе ќе бидат подготвени за предизвикот кој ги чека веднаш по излегувањето од затвор. Нема да губат дополнително време и ќе можат да бидат конкурентни на пазарот на трудот. Они кои нема да можат да го доршат она што го започнале преку некоја едукативна програма, било да е тоа поради предвремено скратување на казната или други причини, треба да им се овозможи да го продолжат во општествената средина. Ваквиот модел на флексибилност ќе допринесе да се добие целина која ќе биде ефикасна и функционална во процесот на ресоцијализација.

**Графикон 8**



Голем дел од осудените лица по излегувањето од затвор се препуштени сами на себе со некоја минимална помош од страна на надлежните институции доколку може да добијат или пак воопшто без никаква помош. Времето поминато во затвор треба да биде исполнето со многу активности од најразлични области преку кои би можел нешто да научи. Досега видовме дека во казнено поправните установи имаме одредени активности било тоа да се од образовен карактер или пак од работен преку изучување на некој занает, кои за жал ни одалеку не може да им помогнат на осудените лица. Видовме дека на осудените им е важно да има повеќе практична работа и дека сакаат повеќе да стекнат практични вештини кои може да им помогнат по излегување од затвор. За да видиме какви се размислувањата на осудените лица во ова насока ќе ги презентираме добиените резултати табеларно и графички во однос на тврдењето "***Новите практични знаења би ми помогнале да најдам работа***".

**Табела 40**

| Одговор на испитаници | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| f | 6 | 12 | 54 | 101 | 173 | 3,44 |
| % | 3,47 | 6,94 | 31,21 | 58,38 | 100 | / |

Од презентираните резултати во табелата може да видиме дека 58,38 % од вкупниот број на испитаници сметаат дека, или во потполност се согласуваат со тврдењето дека новите практични знаења кои би ги стекнале би им помогнале понатаму да најдат работа. Веднаш по ова со 31,21 % или 54 од вкупниот број на испитаници одговориле дека се согласуваат со ова тврдење. Со ова тврдење не се согласуваат 6,94 % од вкупниот број на испитаници, додека за последниот став воошто не се согласувам се определиле 3,47 % од вкупниот број на испитаници. Пресметаната аритметичка средина кај ова тврдење изнесува $\overline{X} = 3,44$.

Од приложеното можеме да видиме дека осудените лица сметаат дека новите практични знаења кои би ги стекнале додека се на издржување на казна затвор можат да им се најдат во наоѓањето на работа од кога ќе завршат со казната која ја имаат. Ваквото стекнато знаење за осудените може да преставува и излез од досегашните криминални активности кој ги имал додека бил надвор во општествената средина. Можеби во ова насока би било добро, покрај тоа што осудените лица ќе се стекнат со теоретско и практично значење, да може да имат и некоја дополнителна бесплатна обука од кога ќе излезат од затвор, која би била поврзана за вештините кои ги имат стекнато. Ова пред се би им помогнало полесно да можат да се вклучат на пазарот на трудот и да започнат нешто ново преку кое ќе можат да остваруваат приходи. Во ова насока би било добро да се вклучени и институции кои би биле задолжени за постпенална помош на осудените лица по нивното отпуштање во затвор. Се разбира треба да постојат и многу други активности освен ова за да може категорија на луѓе да почувствува дека е прифатена повторно од општеството.

**Графикон 9**



За да видиме дали осудените лица навистина сметаат дека новите знаења навистина би им биле од корист им понудивме обратно тврдење кое гласеше *"Стекнувањето на нови знаења не би ми помогнале многу понатаму"*. Ова понудено тврдење се разликува од претходните и беше поставено со цел да се види дали кај осудените лица нависина им е значајно усвојувањето на нови знаења. Резултатите кои ги добивме ќе ги презентираме табеларно и графички.

**Табела 41**

| Одговор на испитаници | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк |
|---|---|---|---|---|---|
| f | 86 | 38 | 22 | 27 | 173 |
| % | 49,71 | 21,96 | 12,72 | 15,61 | 100 |

df = 3 $\chi^2 = 86,35$ $p<0.01$

Од добиените резултати може да видиме дека 86 или 49,71 % од вкупниот број на испитаници воопшто не се согласуваат со тврдењето дека стекнувањето на новите знаења не би им помогнале понатаму. Веднаш по нив со 38 или 21,96 % следат одговорите на испитаниците кои го одбрале ставот не се согласувам. За ова тврдење се согласиле 22 испитаника или 12,72 %, доодека ставот во потполност се согласувам го застапуваат 27 испитаника или 15.61 % од вкупниот број на испитаници. Пресметаниот хи-квадрат покажува статистички значајна разлика во одговорите на испитаниците на ниво на знчајност од 0,01.

Евидентно е дека осудените лица не се согласуваат со тврдењето дека новите знаења кои би ги стекнале не би им помогнале многу понатаму. Ова уште еднаш ни покажува дека осудените лица сакаат да се вклучат и да научат нешто корисно кое би им користело и по нивното излегување од затвор.

**Графикон 10**




Во истражувањето на осудените лица им беше понудено слободно да наведат за какви курсеви се заинтересирани. Во нивните одговори може да се сретнат најразлични курсеви за кои сезаинтересирани и во кои сакат да се вклучат доколку им бидат овозможени од страна на казнено поправните установи. За да видиме за какви курсеви се определиле осудените лица, нивните одговори ќе ги презентираме и ќе ги поделиме по области.

❖ ***Курсеви од област – обработка на дрво***

- копаничарско – резбарски занает
- столарија

❖ ***Курсеви од област – земјоделие, сточарство***

- хортикултура ( цвекарство и градинарство)
- обработка на земјиште, садење
- сточарство

- ***Курсеви од област – браварија***

  - заварување
  - водоинсталатор
  - градежништво

- ***Курсеви од област - автомеханика***

  - автомеханичар
  - лимарија
  - земјоделски машини

- ***Курсеви од област - електроника***

  - компјутери
  - електроника

- ***Курсеви од област – образование***

  - странски јазици
  - уметност
  - дошколување

- ***Курсеви од област – прехрамбено***

  - кулинарство
  - пекар

- ***Останато***
  - курс по маркетинг и економија
  - било какви курсеви
  - курс по прва помош
  - курсеви за фотографија

Од приложеното може да видиме дека осудените лица се заинтересирани за курсеви од повеќе области. За некои од овие курсеви кои ги имат посочено осудените во казено поправните установи има одредени предуслови кои со мала интервенција од страна на надлежните лесно би се ставиле во функција и осудените лица би се вклучиле во истите. Другиот дел на курсеви за кој се заинтересирани осудените лица нема предуслови да се реализираат. Потребата од воведување на разновидни курсеви како можност секогаш треба да биде земена во предвид од страна на казнено поправните установи.

**Врз основа на добиените резултати од истражувањето може да се констатира дека посебната хипотеза 7 „Осудените лица сметаат дека воведувањето на нови едукативни програми и модули на работа позитивно ќе влијаат во процесот на ресоцијализација“ се потврдува.**

# 7. ПРИСТАП ВО КРЕИРАЊЕТО И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ТРЕТМАН ВО КПУ И КПД

Кога станува збор за креирањето и реализацијата на воспитно образовниот третман на осудените лица треба добро да се поведе сметка за пристапот кој треба да биде применет. Во досегашното наше излагање согледавме каква е структурата во казнено поправените установи, какви се условите за работа, каква е организациската поставеност и како се спроведува процесот на ресоцијализација. Од досегашните резултати кои беа обработени видовме дека досегашните содржини кои се спроведуваат во процесот на ресоцијализација не се доволни за успешна ресоцијализација. Доказ за ова беа одговорите на вработените кои се изјаснија дека се потребни поголеми вложувања во процесот на ресоцијализација за образовни програми и други воспитни кативности преку кои видно ќе се допринесе за подигање на нивото и ефикасност во ресоцијализацијата на осудените лица. Видовме дека во делот на соработката со други иституции казно поравните установи имаат минимална соработка која не е на потребното ниво и потребно е зголемување на истата особено во делот на постпеналното прифаќање на осудените лица. Немањето адекватно решение за образование согласно висината на казната кој ја имат осудените претставува предност само за одредени осудени лица кои можат дасе стекнат само со основно образование. Ваквиот пристап не допринесува осудените лица да се мотивираат и активно да се вклучат во образовниот процес. Доказ за ова се одговорите на вработените каде посочија дека постојните воспитно образовни содржини не делуваат доволно мотивирачко кај осудените. Во ова насока се и одговорите на осудените лица кои се изјанија дека не се задоволни со воспитно образовните активности кои им се понудени, иако се заинтересирани за вклучување во некоја образовна програма доколку би им била понудена. Процесот на ресоцијализација бара константно унапредување и селедење. За да видиме какви се ставовите по однос на ова тврдење ќе ги презентираме табеларно одговорите на вработените.

Табела 42

| Одговор на испитаници | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| f | 0 | 0 | 8 | 19 | 27 | 3,7 |
| % | 0 | 0 | 29,63 | 70,37 | 100 | / |

Од добиените резултати во одно на ова тврдење најмногу или 70,37 % од фкупниот број на испитаници во потполност се согласуваат со тврдењето дека е потребно константно унапредување на процесот на ресоцијализација. Исто така 29,63 % се согласуваат дека е потребно константно унапредување на процесот на ресоцијализација. За другите два понудени става не се согласувам и воопшто не се согласувам немаме испитаници кои ги одбрале како одговори. Пресметаната аритметичка средина за ова тврдење изнесува $\overline{X}$= 3,7 што укажува на тоа дека осудените изразито се согласуваат со ова тврдење. Од приложеното може да видиме дека потребен е сериозен пристап кој постојано ќе го унапредува процесот на ресоцијализација. Одговорите кои ги добивме од вработените јасно укажуваат на фактот дека има потреба од унапредување кое треба да биде континуирано и по оперативно за разлика од минималните напори кои досега се правеа во казено поправните установи. Многу важен сегмент во сето ова унапредување мора да биде и евалуацијата која треба да биде точно одредена на колкав временски период би се вршела. Спроведување на евалуацијата ќе ни даде параметри кои навистина треба да се земат во предвид и да се направат корекции доколку не ги дава потребните резултати. Вработените како директни спроведувачи во процесот на ресоцијализација најдобро ќе можат даоценат дали пристапот кој е понуден е адекватен за работа или потребно е да се менува нешто. Мора да се напомене дека на ова не треба да се гледа со отпор од повисоките иннстанци, туку да се сватат и земат во предвид насоките кои ќеги предложат вработените во казнено поправните установи.

Покрај унапредувањето на процесот на ресоцијализација битен сегмент се и условите за работа. Подобрувањето на условите за работа ќе им помогне на вработените во казнено поправните установи во целост да ги остварат потребните цели. Доказ дека е потребно да се побобрат условите беа и одговорите на вработените кои ги дадоа во ова насока. Едноставно за да се постигне и креира, па и да се реализира еден воспитно образовен третман во казнено поправните установи потребни се добри услови за работа. Затоа во ова насока треба да се поработи повеќе на ова поле за да се подобрат досегашните услови во кои работат вработените. И покрај обуките кои се спроведуваат постојано во казнено поправните установи, се јавува потреба од повеќе обуки. Тоа го заклучивме врз основа на одговорите на страна на вработените од казнено поправните установи кои ги дадоа во ова насока. Исто така во ова насока беа и одговорите на вработените кои се изјаснија позитивно за обуките кои ги имат поминато и кои им помагаат во спроведувањето на програмите за ресоцијализација. Видовме дека осудните лица имаат интерес за вклучување во образовен процес. Во ова насока немаме добро разработени програми и планови како сето ова би се одвивало во казнено поправните установи.

Веќе во повеќе наврати беа споменати и условите за работа кои се и важен дел од работата во казнено поправните установи. Од одговорите на вработените видовме дека има потреба од итно подобрување на условите во кои работат. Вработените во секторот за ресоцијализација се директни спроведувачи на воспитно образовниот третман. Тие најдобро знаат што е потребно да се примени за да се подобри ресоцијализација на осудените лица. Во делот на примена на образовните активности видовме дека осудените лица не се задоволни и бараат повеќе образовни активности во кои сакаат да се вклучат. Поголемата примена на образовни активности ќе им овозможи на осудените лица да се стекнат со повеќе компетенции, знаења и вештини. За да видиме што мислат во ова насока вработените од секторот за ресоцијализација во продолжение ќе ги презнтираме одговорите кои ги дале.

**Табела 43**

| Одговор на испитаници | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| f | 0 | 0 | 11 | 16 | 27 | 3,59 |
| % | 0 | 0 | 40,74 | 59,26 | 100 | / |

Од презентираното може да видиме дека вработените со 59,26 % во потполност се согласуваат дека поголемата примена на образовни активности ќе овозможи осудените лица да се стекнат со поголеми компетенции знаења и вештини. За ставот се согласувам сеопределиле 40,74 % од вкупниот број на испитаници, додека за другите два понудени става, не се согласувам и воопшто не се согласувам немаме одговори. Аритметичката средина кај ова тврдење изнесува $\overline{X} = 3{,}59$.

Покрај ова вработените сметаат дека во казнено поправните установи преку добро осмислени образовни програми би се зголемила ефикасноста во ресоцијализацијата. Ова го воочивме од дадените одговори на вработените кои ќе ги презентираме во продолжение табеларно и графички.

**Табела 38**

| Одговор на испитаници | воопшто не се согласувам | не се согласувам | се согласувам | во потполност се согласувам | Вк | $\overline{X}$ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| f | 0 | 1 | 9 | 17 | 27 | 3,59 |
| % | 0 | 3,7 | 33,33 | 62,97 | 100 | / |

Од табелата може да видиме дека најмногу одговори 17 или 62,97 % од вкупниот број на испитаници во потполност се согласуваат дека добро осмислени образовни програми би ја зголемила ефикасноста во ресоцијализацијата. На второ место со 9 одговори или 33,33 % одговориле дека

се согласуваат со ова тврдење, додека 1испитаник или 3,7% не се согласува со ова тврдење. Кај последениот став воопшто не се согласувам немаме одговори. Пресметаната аритметичка средина кај ова тврдење изнесува $\overline{X} = 3,59$.

**Графикон 11**




| |
|---|
| **Врз основа на добиените резултати кои се однесуваа на посебните хипотези и дополнителната анализа на истражувањето може да се констатира дека не постои системски пристап во креирањето и реализацијата на воспитно образовниот третман во процесите на ресоцијализација на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПУ и КПД, со што се потврдува главната хипотеза 1.** |

# 8. ФУНКЦИОНАЛНОСТ ВО ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИОТ ТРЕТМАН ВО ПРОЦЕСОТ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ВО КПУ И КПД

Затворскиот систем со своето делување и функционирање е соочен со можеби најсложената општествена работа. Спецификата која ја носи работата секогаш е на мониторинг на јавноста која честопати знае да даде и критика. Од тие причини секогаш треба да се води сметка за спроведувањето на воспитно образовниот процес и неговата функционалност. Од добиените резултати од истражувањето можевме да видиме дека има потреба од многу вложување во повеќе области од затворскиот систем меѓу кои и во воспитно образовниот третман на осудените лица кои издржуваат казна затвор. Од добиените резултати ја согледавме застапеноста на воспитно образовниот третман во две казено поправни установи од затворен и полуотворен вид и видовме дека само во едната казено поправна установа од затворен вид се организира образование само од формален вид. Сепак и ова не допринесува за да се задоволи образовната понуда за која се заинтересирани осудените лица. Видовме дека кај нив постои заинтересираност и желба да се вклучат доколку има организирано некоја образовна активност. Доказ за ова се и одговорите на вработените кои истакнаа какви воспитно образовни активности се применуваат во казнено поправните установи каде што работат од каде можеме да видиме дека во казнено поправните установи од полуотворен вид воопшто нема можност осудените да се вклучат во некој вид на образование, туку воспитниот третман се сведува повеќе на советување индивидуални разговори без конкретна примена на некоја образовна програма. Ваквиот сиромашен пристап во изборот на активности директно ќе влијае и на самиот процес на ресоцијализација а со тоа и на самите превоспитни резултати. Евидентно е дека треба да се поработи на подобрување на воспитно образовниот третман на осудените лица. Во ова насока на вработените во прашалникот им беше оставено слободно да ги наведат своите мислења за тоа што треба да се промени за да се подобри воспитно образовниот третман на осудените лица кои издржуваат казна затвор. Одговорите ќе ги презентираме во продолжение со цел да ги согледаме нивните видувања во насока на подобрување на воспитно образовниот третман.

- Подобрување на условите во КПУ ( услови за работа, соодветни и опремени простории за работа со осудените лица, материјални услови)
- Професионален кадар
- Поефикасен менаџмент на сите нивоа
- Соработка со невладини организации
- Можност за вработување на осудените по издржаната казна затвор
- Поголемо учество на вработени на семинари
- Квалитетни програми
- Воведување на специфични програми
- Мотивирање на осудените лица
- Поголема внатрешна соработка со другите сектори во казнено поправните установи
- Поголема соработка со надлежните институции и органи кои го спроведуваат постпеналниот период
- Подобра екипираност на вработените во секторот за ресоцијализација
- Оптимална бројка на осудени лица во воспитна група

Од одговорите на вработените во секторот за ресоцијализација може да видиме дека имат дадено предлози кои се однесуваат на повеќе аспекти кои се важни за подобрување на воспитно образовниот третман во казнено поправните установи. Од приложеното може да видиме дека за подобрување на процесот на ресоцијализација потребно е да се превземат серија на активности кои би биле

да се оствари единствената цел а тоа е како да се направи ресоцијализацијата функционална. Во ова насока потребни се промени условите во кои престојуваат и ја издржуваат осудените лица казната, но и подобрување на условите за работа за вработените. Подобрувањето на условите за работа за вработените би ја зголемила мотивираноста за работа и би се намалило незадоволството кое може да се јави кај вработените. Потребата од повеќе кадар значително би ја подобрило состојбата во казнено поправните установи. Со вработување на нов соодветен кадар со секторот за ресоцијализација би се намалил бројот на осудени лица во воспитните групи кои што ги имаат воспитувачите и со кои работат сега во моментот. Преку ова исто така ќе се намали и преобемната административна работа која ја имаат воспитувачите и која им одзема многу време во пополнување на стручното досие кое го водат засекое осудено лице посебно. Растеретувањето на осудени лица во воспитната група ќе допринесе воспитувачите почесно да ја остварат својата цел и спроведување на воспитно-образовниот третман. Во дадените одговори се исто така вработените имат наведено дека е потребно да се подобри менаџирањето на сите нивоа. Ефикасноста на менаџментот и доброто раководење со политиките на затворскиот систем позитивно би влијаело во работата и функционирањето на казнено поправните установи. Зголемување на соработката со невладините организации може да биде од голема корист за казнено поправните установи. Досега има мала соработка која е сведена на минимум и не е застапена подеднакво во сите казнено поправни установи во Република Македонија. Соработката со невладиниот сектор може да допринесе доста да се збогати воспитно образовниот процес преку разни едукации, обуки и дргуги активности кои би биле интересни за осудените лица. Сепак залудно е да се ресоцијализира во казнено поправните установи без притоа да нема постпенално прифаќање и помогање на осудените лица кои ќе завршат со казната затвор по било кој основ. Во моментот нема функционалност во делот за постпенална помош и осудените лица се принудени да се снаоѓаат сами. Единствена мала помош ако може така да се каже им е еднократна помош која не честопати ја добиваат сите осудени. Постпеналната помош е важна алка во продолжување на завршениот процес на ресоцијализација. Едукацијата на вработените во текот на работниот век е многу битна како за унапредување на нивното знаење така и фаќање на чекор со новитетите од областа на затворскиот

систем. И покрај едукациите кои се спроведуваат континуирано, вработените сметаат дека е потребно поголема застапеност на обуките. Добро е да има поголем број на обуки од причина што ќе им помогнат на вработените да усвојат нови знаења кои понатаму ќе ги применат во нивното работење. Во работењето вработените јасно укажуваат дека потребни се квалитетни програми кои би им помогнале во работата а со тоа би се подигнал и квалитетот на воспитно образовниот третман. И покрај тоа што е воспоставена потребата од специфични програми, како и нивната дефинираност за кои групи на осудени ќе се однесуваат, сеуште истите не се операционализирани во затворскиот систем. Во казнено поправните установи има и специфична категорија на осудени лица за кои се бара специфичен третман. Сеуште овие програми не се во функција и не може да помогнат во процесот на ресоцијализација во казнено поправните установи. Квалитетната понуда со активности би ја зголемиле мотивираноста кај осудените лица.

**Врз основа на добиените резултати и потврдувањето на посебните хипотези, можеме да заклучиме дека постои ниска функционалност на воспитно образовниот третман во процесите на ресоцијализација на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПУ и КПД. Со тоа, се потврдува и главната хипотеза 2.**

# IV ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Од сето ова што досега беше презентирано можеме да увидиме дека осудените лице не се задоволни од она што може да им го понуди КПУ кога станува збор за вклучување во воспитно образовниот процес. Како причина за овие нивни ставови ја наведуваат слабата понуда од страна на казнено поправните установи. Кога станува збор за вклученоста во образовниот третман имаме мал број на осудени кои се или задоволни или вклучени во некаков вид на образовен третман кој не може да се прилагоди на останатите осудени лица од причина што не соодветствува со нивните потреби кои ги имаат. Ваквата состојба се должи пред се на отсуството на можности и избор на образование кој би можеле да го одберат осудените кои издржуваат казна затвор уште со самото нивно доаѓање во КПУ и отпочнување со издржување на санкцијата. Постои заинтересираност и желба кај нив за понатамошно дошколување доколку би им се понудило нешто. Голем дел од нив исто така се сложуваат дека е потребно да има поразновидна образовна понуда. Ова укажува на фактот дека потребата која ја имаат осудените не е земена во предвид од страна на казнено поправните установи или пак слабо е посветено внимание на истата. Евидентно е дека постоечката понуда која ја имаат не им користи многу и не се задоволни од истата. Од изнесените ставови на вработените кои се вклучени во процесот на ресоцијализација, може да се заклучи дека осудените лица се заинтересирани за вклучување во образовниот процес, но за да се реализира сето ова сметаат дека е потребно поголемо вложување во образовни програми. Внесувањето на нови воспитно образовни вештини би донеле свежина во процесот на ресоцијализација за кои и вработените сметаат дека би им помогнале во секојдневните актиности. Во делот на соработката со надворешни институции кои се наменети за образование на возрасни може да се види дека казнено поправните установи имат слаба соработка со институции од ваков вид. Единствена соработка постои само во КПД Идризово каде осудените може да се стекнат со основно образование. Вработените се согласни кога станува збор за изработка на соодветни модули на воспитно образовни програми согласно висината на казната. Ваквите модули би биле функционални и применливи во

сите казнено поправни установи во Република Македонија. Ваквиот пристап би ја подобрил и образовната понуда во казнено поправните установи, а со тоа и би се задоволиле потребите на осудените лицакои издржуваат казна во КПУ. Осудените полесно би се мотивирале доколку постои поразновидна понуда на курсеви во кои би се вклучиле и би можеле да научат нешто ново за разлика од досегашната состојба која вработените во секторот за ресоцијализација ја оценија како недоволно мотивирачка. За да има успешна ресоцијализација потребно е и да има добри услови за работа. Вработените се согласни дека треба да се поработи на подобрување на условите на работа како од материјален, технички така и од инфраструктурен аспект. Преголемиот број на осудени лица во воспитна група влијае на работењето и не може вработените да остварат сешто имат планирано. Очигледна е и потребата од кадар кој треба да се пополни во секторот за ресоцијализација со што би се намалила бројката на осудени лица во воспитната група и би се придонело квалитативно да се подобри процесот на ресоцијализација. Преголемите административни задачи кои ги имаат воспитувачите повеќе ги прават "***писари отколку секојдневни комуникатори***" со осудените лица. Обуките ги има во казнено поправните установи и не се изоставени но сепак со оглед на одговорите кои се добиени може да се види дека има потреба од поголем број на обуки за вработените. Можеме да видиме дека застапеноста на образованието во казнено поправните установи е многу слаба. Ова пред се се должи на слабата образовна понуда која не е застапена подеднакво кај КПД Идризово и КПУ Затвор Скопје. Ваквата ситуација укажува на потребата од воведување на разни видови на форми на образование од типот на формално и неформално, кои би допринеле осудените лица повеќе да се вклучат во воспитно образовниот процес. Стекнувањето на знаења преку организирани курсеви како една форма на образование исто е слаба застапена и КПД Идризово и КПУ Затвор Скопје и евидентно е дека има недостаток на ваков тип на образование по занимање. Друг проблем кој исто е поврзан со однос образование - затвори е стекнувањето на соодветен сертификат или диплома. Единствено ваква валоризација се прави во КПД Идризово каде осудените може да се стекнат со основно образование и да се здобијат со диплома во која нема да пишува дека е издадена од казнено поправна установа. Но ова ни од далку не ја отсликува правата слика за образованието кое треба да биде присутно во казнено поправните установи и

преку кое осудените стварно ќе може да се стекнат со потребни компетенции знаења умеења и вештини кои ќе им помогнат по излегувањето од затвор да бидат конкутентни на пазарот на трудот. Евидентно е дека осудените лица додека ја издржуваат казната затвор сакаат да им се понудат различни курсеви. Ваквиот приод во казнено поправните установи недостига и во таа насока е потребно да се поработи повеќе со што би се збогатила понудата за лицата кои издржуваат казна во установата а со тоа би се збогатиле и нивните знаења и вештини кои би ги стекнале. Потребно е повеќе вложување од страна на државата во делот на збогатување на образовните активности со што би се зголемила и мотивацијата кај самите осудени лица. Преку некое образование по занимање кај осудените би се подинало и нивото на вклучување во работен ангажман. Исто така потребата од збогатување организирање и планирање на активности во слободното време би се допринело осудените лица да имаат повеќе избор. Потребно е и да се зголеми фондот на книги во блиблиотеките со нови наслови. Непотоењето на систематичен пристап во креирањето и реализацијата на воспитно образовниот третман во процесите на ресоцијализација на осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПУ и КПД, допринесуваат досегашните интервенции да се повеќе инцидентни кои не можат во целост да помогнат во креирањето на воспитно образовниот третман во затворите. Ова го видовме и од постоечкиот воспитно образовен третман кој се спроведува во казено поправните установи. Се прават напори за негово подобрување но сето тоа е некако со слаб интензитет и потребно е поголема организираност и планско делување. Доколку сакаме да има подобрување во процесот на ресоцијализација евидентно е дека треба да се поработи на пристапот кој треба да се примени за да се подигне нивото на воспитно образовниот процес во казнено поправните установи.

За да се надминат овие недостатоци потребно е да се превземат мерки во насока на подобрување на образовната потреба, потребите и програмите во казнено поправните установи потребно е да се поработи на следниве препораки :

1. Збогатување на образовната понуда преку изготвување на програми и модели на образование во казнено поправните установи

2. Создавање на инфраструктурни услови за реализација на образовните програми кои ќе се реализираат во казнено поправните установи

3. Ангажирање на соодветни верифицирани институции кои ќе вршат образование на возрасни

4. Поголема вклученост на Министерството за образование и наука преку поголема заедничка соработка со Управата за извршување на санкциите во насока на организираност и спроведување на воспитно образовен третман во казнено поправните установи

5. Управата за извршување на санкциите заедно со казнено поправните установи да овозможат подобување на условите за спроведуваање на образовниот третман

6. Државата да направи анализа за состојбата на воспитно образовниот третман на осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено поправните установи и врз основа на тоа да изготви стратегија за истата

7. Финансиска одржливост на образовниот третман кој би се спроведувал во казнено поправните установи

8. Зголемување на бројот на вработени во секторот за ресоцијализација

9. Намалување на административните обврски кои ги имат воспитувачите

10. Намалување на осудените лица во воспитна група која ја има воспитувачот

11. Поголема практична работа на вработените во секторот за ресоцијализација со осудените лица

12. Зголемен број на едукации за вработените во казнено поправните установи

13. Подобрување на материјалните услови за вработените во секторот за ресоцијализација

14. Флексибилно образование без разлика на должината на казната и можност за негово доврцување по излегување на осудениот по издржана казна или скратување

15. Организирање на формално образование во сите КПУ установи

16. Воведување на курсеви и нивно валоризирање

17. Зголемување на фондот на книги во библиотеките во казнено поправните установи

18. Опремување на повеќе работилници со соодветни и современи технички средства

19. Воведување на разновидни курсеви и нивна флексибилност

20. Стекнување со сертификати за завршените занаети

21. Организирање на слободно време

22. Да се поведе сметка за овозможување на стекнување на практични вештини

23. Воведување на поголем број на нови едукативни програми

24. Помагање на осудените по излегувањето од затвор во делот на полесно спроведување на стекната едукациија и практично знаење

25. Креирање на плански систем за подобрување на воспитно образовниот треман во казнено поправните установи

26. Постојано следење и унапредување и евалуација  на процесот на ресоцијализација

## *Користена литература*


1. Арнаудовски, Љ. (1989), *Пенологија наука за извршување на кривичните санкции*, Скопје.
2. Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевски, А. (2013), *Пенологија наука за извршување на кривичните санкции со извршно казнено право на Република Македонија*, Скопје.
3. Арнаудовски, Љ., Чачева, В. (2000), *Затвореничко општество*, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје.
4. Andrilović, V. (1985), *Andragogija,* Zagreb : Školska knjiga.
5. Атанацковић, Д. (1988), *Пенологија*, Научна књига, Београд.
6. Ангеловски, Ј. (1999), *Образованието на возрасните – актуелни состојби потреби и визии,* статија, Скопје : Работнички универзитет Кочо Рацин.
7. Aćimović, Mitrić D, (2013), *Andragoške studije Časopis za proučavanje obrazovanja i učenja odraslih broj 2*, Univerzitet u Beogradu, Filozofski fakultet, Institut za pedagogiju i andragogiju.
8. Antonijević, R, (2013), *Andragoške studije Časopis za proučavanje obrazovanja i učenja odraslih broj 2*, Univerzitet u Beogradu, Filozofski fakultet, Institut za pedagogiju i andragogiju.
9. A Programme of Principles for Prison and Probation Work in Denmark, (1993)
10. Anderson, S., Cairns, C. (2011), The social Care Needs of Short-Sentence Prisoners.
11. Ангеловски, Т. (1980), *Образованието во воспитно поправните домови со образовните карактеристики,* Скопје, Пенолошки гласник
12. Бошковић, М. (2002), *Пенологија*, Нови Сад
13. Bulatović, R. (2001), *Vrednovanje obrazovnog ponašanja odraslih, Institut za pedagogiju I andragogiju,* Beograd.
14. Vasiljević-Prodanović, D. (2011), *Teorije kažnjnavanja i njihove penološke implikacije,* Specijalna edukacija i rehabilitacija, Beograd, Vol. 10, br. 3.
15. Галевска – Ангелоска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола : Киро Дандаро

16. Галевска – Ангелоска, Н. (2005), *Планирање на научно истражување*, интерен материјал, Филозофски факултет : Скопје.

17. Donerty, M. (2004), *Criminal Justice and Penology*, London : Second edition, Old Bailey press.

18. Дурановић, М. (2005). *Неке специфичности ресоцијализације и третмана у раду са осуђеним лицима*. Пенолошка теорија и пракса br.5

19. Диркем, Е. (1981), *Васпитање и социологија*, Београд : Завод за уџбенике и наставни средства.

20. Европски затворски правила, (2007), *Народен правобранител на Република Македонија*, Скопје.

21. Елезовић, А. (2003). *Ресоцијализација осуђених лица за вријеме и након издржане казне*, Пенолошка теорија и пракса, бр.2.

22. Жунић-Павловић, В. (2004), Евалуација у ресоцијализацију, Београд : Партенон.

23. Зборник на конвенции, препораки и резолуции во врска со пенитенцијарните прашања, (2007), Стразбур

24. Закон за образование на возрасни, ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/2008).

25. Закон за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/2006 и 57/2010).

26. Јашовић, Ж, (2000), *Пенолошка андрагогија*, Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања.

27. Кралев, Т. (2001), *Затвор*, Скопје, Студентски збор.

28. Кралев, Т. (2001), *Ресоцијализацијата на деликвентите во затворски амбиент,* Скопје, Студентски збор.

29. Кралев, Т. (2001), *Затворот и ресоцијализацијата*, Скопје: НИП "Студентски збор".

30. Кралев, Т. (2001), *Структура и карактеристики на затворот,* Скопје: НИП "Студентски збор".

31. Кралев, Т. (2002), *Пенолошки лексикон*, Скопје : Студентски збор.

32. Kulić, R. Despotović, M, (2001), Uvod u andragogiju, Beograd : Svet knjige.

33. Костантиновић Вилић, С. Костић, М. (2006), Пенологија, Ниш : Свен.

34. Кнежевић, Б. (2001), *Образовање и ресоцијализација*, Београд : Завод за уџбенике и наставна средства.
35. Кривичен законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.19/2004).
36. Knežević, M. (2007), *Penologija u socijalnom radu*, (i socijalni rad u penologiji), Zagreb.
37. Кнежиќ, Б, (1996), *Образованието – потреба на осудените лица*, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Бр.1-2.
38. Knežić, B. (2011), *Nesklad zakona i mogućnosti osposobljavanja osuđenika,* Strain pravni život, Institut za uporedno pravo, Beograd, br.3
39. Куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено - поправна установа, Јануари (2012), Министерство за правда на Република Македонија.
40. Кодекс за однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи во казнено-поправните установи и воспитно-поправните установи, (2007), Министерство за правда на Република Македонија – Управа за извршување на санкциите.
41. Kovčo, I. (2001), *Kazna zatvora - zašto i kud,* Zagreb : Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, vol. 8, broj 2.
42. Lazarevič, D. (1974), *Kratkotrjane kazne zatvora*, Beograd, Institut za kriminiloška i sociološka istraživanja.
43. Лажетиќ-Бужаровска, Г. (2003), *Алтернативи за затворот*, Скопје: НИП "Студентски збор".
44. Milutinovič, M. (1992), *Penologija,* Beograd: Savremena administracija.
45. Мацановић, Н. (2008), *Превоспитни третман у функцији ресоцијализације осуђених лица*, социјална мисао бр.3, стр.142-145
46. Mladženovič, R. Kupčevič, (1981), Osnovi penologije II izdanje, Sarajevo.
47. Macanovič, N., Nadarevič, D. (2014), *Penološka andragogija*, Banja Luka.
48. Macanovič, N. (2011), *Resocijalizacija osuđenih lica,* Banja Luka.
49. Mojović, N. (1991), Vaspitni I drugi uticaj na zatvorenike, Foča : Polet.
50. Milutinović, Jovana, J. (2003), *Informalno obrazovanje - pojmovni okvir i karakteristike*, Pedagoška stvarnost, бр.5-6
51. Mejovšek, M. (2012), *Evaluacija intervencijskih programa u penologiji*, Sveučilište u Zagrebu, Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet, стр.81-98

52. Ministry of education, (2010), Education and Training - Finland's Interim Report for 2005-2007, Development of Lifelong learning in Finland and the education and training 2010 work programme of the European Union
53. Muslić, M. (2004), *Teškoće u realizaciji tretmana osuđenih osoba*, Penološka teorija i praksa, br. 3
54. Николић, З. (2005), *Пенолошка андрагогија са методиком преваспитање*, Београд.
55. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија (2005 – 2015) со придружни програмски документи
56. Николић, З. (1985), *Sociologija kaznano-popravnog delovanja sa osnovama metodike resocijalizacije*, Niš: Gradina.
57. Ole-Johan Eikeland, Terje Manger og Arve Asbjørnsen, (2009), *Prisoners' Educational Backgrounds, Preferences and Motivation*, Nordic Council of Ministers, Copenhagen
58. Pantelić, D. (1982), *Penološka andragogija*, Beograd : Viša unatrašnjih poslova.
59. Prison education and training in Europe (2011) – a review and commentary of existing literature, analysis and evaluation.
60. Прирачник за употреба на инструментот за проценка на ризик и потреби на осудени лица, Министерство за правда на Република Македонија – Управа за извршување на санкциите.
61. Правилник за времето што треба да го помине и условите што треба да ги исполни осуденото лице во установата од определен вид или во соодветно одделение на установата од општ вид, (2007), Министерство за правда на Република Македонија – Управа за извршување на санкциите.
62. Правилник за распоредување, класификација, и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи ((“Службен весник на Република Македонија” бр.173/2011).
63. Radanović, D. (1992), *Čovek i zatvor*, Beograd : Prometej.
64. Рот, Н, (1989), Основи социјалне психологије, Београд : Завод за уџбенике и наставна средства.
65. Службен весник на Република Македонија бр.2 (2006) Закон за извршување на санкциите.

66. Стандардни минимални правила за постапување со затвореници, усвоени на на Првиот конгрес на Обединетите Нации за спречување на криминалот и третман на прекршителите, одржан во Женева во 1955 и одобрен од Економско – социјалниот совет со неговите резулуции 663C (XXIV) од 31 јули 1957 и 2076 (LXII) од 13 мај 1977
67. Сулејманов, З. (1996), *Пенологија*, Скопје : Магор.
68. Стратегија за Ресоцијализација и социјална адаптација на осудени лица кои издржуваат казна затвор 2010-2012, Република Македонија Министерство за правда на Влада на Република Македонија – Управа за извршување на санкции.
69. Службен весник на Република Македонија бр.7 (2008), *Закон за образование на возрасните*, Скопје : Министерство за образование и наука.
70. Сулејманов, З. (1997), *Пенолошки компендиум*, Скопје : Графохартија
71. Стевановић, М., З. (2006), *Ниво остарених међународних стандарда у затворском системима Италије и Србије,* Београд: Институт за криминолошка и социолошка истраживања, Branič – časopis Advokatske komore Srbije.
72. Сулејманов, З. (1999), *Пенологија*, Скопје: второ дополнето и изменето издание.
73. Сулејманов, З. (1998), *Коментар на законот за извршување на санкциите*, Скопје.
74. Stevanovič, Z. (2008), *Osnovne karakteristike zatvorskog sistema u Nemačkoj*, Beograd : Institut za kriminološka i sociološka istraživanja, Strani pravni zivot br.2.
75. Samolovćev, B. (1979), *Opsta andragogija*, Sarajevo : Veselin Maseleša.
76. Самоловчев, Б. (1981), *Основи на андрагогијата*, Скопје, Универзитет Кирил и Методиј
77. Savićević, Dušan, M. (1991), *Savremena shvatanja andragogije*, Beograd : Institut za pedagogiju i andragogiju Filozofskog fakulteta.
78. Savićević, Dušan, M. (1989), *Koncepcija obrazovnih potreba u andragogiji*, Beograd : Zavod za udžbenike i nastavna.
79. Savićević, Dušan, M. (1983), *Čovjek i doživotno obrazovanje*, Titograd : Republički zavod za unapređivanje školstva.

80. Schuller, T. (2009), *Crime and Lifelong learning,* IFLL Thematic Paper 5
81. Torfinn Langelid, Marianne Mäki, Kaj Raundrup, и други (2009), *Nordic Prison Education A Lifelong Learning Perspective*
82. Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудени лица, (2011), Министерство за правда на Република Македонија – Управа за извршување на санкциите.
83. Упатство за содржината и начинот на водење на стручно досие за осудени лица во казнено-поправни установи, (2014), Министерство за правда на Република Македонија – Управа за извршување на санкциите.
84. Упатство за употреба на конференциски средби, (2011), Министерство за правда на Република Македонија – Управа за извршување на санкциите.
85. Упатство за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата, (2011), Министерство за правда на Република Македонија – Управа за извршување на санкциите.
86. Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица, ("Службен весник на Република Македонија" бр.173/2011).
87. *Celoživotno učenje i neformalno obrazovanje.*,(2007), Reč više, Decembar, br.03.
88. Ćurić, L. (1989), *Humanistička pedagogija I vaspitanje*, Novi Sad : Pedagoška stvarnost.
89. Ђорђевић, J. (2007), *Циљеви васпитања и образовања и моралне вредности*, Београд : Српска Академија.
90. Ђорђевић, M. (2011), *Утицај појединих фактора на процес ресоцијализације осуђених лица*, Социјална мисао бр.2
91. Jo Hawley Ilona Murphy, Manuel Souto-Otero, (2013), *Prison education and training in Europe Current state – of - play and challenges* A summary report authored for the European Commission by GHK Consulting
92. Шурбановски, Н. (1980), *Положбата на осуденото лице по издржаната казна*, Скопје.

93. Шурбановски, Н. (1992), *Поим и видови прифаќање на осудените лица во општеството по издржаната казна лишување од слобода*, Безбедност бр.4
94. Шурбановски, Н. (1993), *По затворот каде* (прифаќањето на осудените лица во општеството по издржаната казна лишување од слобода), Скопје, Студенски збор.
95. www.pipeline-project.org
96. www.pravda.gov.mk
97. https://www.scribd.com
98. http://hrcak.srce.hr/andragoskiglasnik
99. http://www.epea.org
100. http://scindeks.ceon.rs/

# Прилози

**Прашалник за осудени лица кои издржуваат казна затвор**

**Почитувани :**

**Со овој анкетен лист сакаме да добиеме сознанија околу вашите ставови и мислења за спроведувањето и остварувањето на воспитно – образовниот третман, и затоа ве молиме за ваши искрени и отворени одговори кои би ни помогнале за подобрување во работата со осудените лица.**

**Благодариме на соработката !**

**1. КПУ – Институција**

а) КПУ Затвор Скопје

б) КПД Идризово

**2. Пол М Ж**

**3. Етничка припадност :**

**1.** Македонец

**2.** Албанец

**3.** Турчин

**4.** Власи

**5.** Ром

**6.** Бошњак

7. Друго

**4. Возраст (од – до)** :

**1)** 20 – 30

**2)** 31 – 40

**3)** 41 – 50

**4)** 51 – 60

**5)** 61 – 70

**6)** Над 71 година

**5. Должина на казна :**

**а)** до 1 година

**б)** од 1 година до 3 години

**в)** од 3 години до 6 години

**г)** над 6 години

**6. Образовен статус :**

**1.** без образование **2.** непотполно основно образование

**3.** основно образование **4.** непотполно средно образование

**5.** средно образование **6.** непотполно високо образование

**7.** високо образование **8.** м-р на науки **9.** д-р на науки

| **1. Дали сте задоволни со воспитно – образовните активности кои ви се понудени во текот на издржување на казната затвор?** |
|---|
| а) ДА<br>б) ДЕЛУМНО<br>в) НЕ – наведете зошто ______________________________ |

| **2. Дали досега сте биле вклучени во некаков образовен процес додека ја издржувате казната затвор?** |
|---|
| а) ДА<br>б) ДЕЛУМНО<br>в) НЕ – наведете зошто ______________________________ |

| **3. Дали сметате дека покрај основното образование треба да има и други образовни понуди преку кои ќе може да стекнете знаења и вештини?** |
|---|
| а) ДА<br>б) ДЕЛУМНО<br>в) НЕ – наведете зошто ______________________________ |

| **4. Дали сте заинтересирани за дошколување, и усвојување на нови вештини знаења и умеења додека ја издржувате казната затвор?** |
|---|
| а) ДА<br>б) ДЕЛУМНО<br>в) НЕ – наведете зошто ______________________________ |

| **5. Дали имате можност да одберете некоја образовна програма за која сметате дека би можела да ви помогне да стекнете некое знаење и умеење?** |
|---|
| а) ДА<br>б) ДЕЛУМНО<br>в) НЕ – наведете зошто ______________________________ |

| **6. Дали сметате дека со воведување на курсеви би ги усовршиле вашите практични вештини?** |
|---|
| а) ДА<br>б) ДЕЛУМНО<br>в) НЕ – наведете зошто ____________________ |

| **7. Дали вашето слободно време е исполнето со активности за личен развој?** |
|---|
| а) ДА<br>б) ДЕЛУМНО<br>в) НЕ – наведете зошто ____________________ |

| **8. Дали сметате дека стекнатото ниво на знаење преку образование, курсеви би ви користело понатаму ?** |
|---|
| а) ДА<br>б) ДЕЛУМНО<br>в) НЕ – наведете зошто ____________________ |

| **9. Дали сметате дека е добро да има поголем избор на курсеви ?** |
|---|
| а) ДА<br>б) ДЕЛУМНО<br>в) НЕ – наведете зошто ____________________ |

| **10. Дали сметате дека стекнатото ниво на образование е од големо значење за вас ?** |
|---|
| а) ДА<br>б) ДЕЛУМНО<br>в) НЕ – наведете зошто ____________________ |

**11. Дали сте работно ангажирани во затворот ?**

**а) не, никогаш**

**б) да , повремено**

**в) да, скоро секој ден**

**Наведете со каква активност** ______________________________

______________________________________________

______________________________________________

**12. Дали би сакале да бидете повеќе работно ангажирани ?**

**а) не**

**б) да**

**Наведете со што** ______________________________

______________________________________________

______________________________________________

**13. Дали ја користите затворската библиотека?**

**а) никогаш не ја користам**

**б) понекогаш ја користам**

**в) секогаш ја користам**

**14. Дали затворксата библиотека е доволно снабдена со литература?**

**а) не**

**б) да**

**2. Наведете до кој степен се согласувате со следните изјави**
**( за секој ред заокружете само еден од броевите )**

| | | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Се согласувам | Во потполност се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Во затворот се понудени воспитно образовни активности | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2. | Стекнувањето на нови знаења и практични вештини би ми биле од корист | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3. | Може слободно да се избере образование | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4. | Потребно е да се организираат курсеви | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5. | Преку организирани курсеви и предавања, побрзо поминува времето | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6. | Убаво е да се научи нешто ново | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 7. | Покрај усвојувањето на нови вештини и знаења потребно е и поголема практична работа | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8. | Новите практични знаења би ми помогнале да најдам работа | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9. | Стекнувањето на нови знаења не би ми помогнале многу понатаму | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 10. | Нема доволна образовна понуда за да можам активно да се вклучам и да научам нешто ново | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 11. | Потребно е да има поголема образовна понуда | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 12. | Досегашната образовна понуда не ми помага многу во усвојување на нови знаења и вештини | 1 | 2 | 3 | 4 |

| 3. | **Наведете за какви курсеви сте заинтересирани** |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

## АНКЕТА

**Почитувани воспитувачи со анкетниот лист би сакал да дојдам до информации кои ќе ми помогнат да го извршам истражувањето за докторска дисертација. Анкетниот прашалник е составен од разновидни прашања каде можете да дадете одговор со заокружување и ваши размислување во врска со процесот на ресоцијализација.**

**Анкетата е анонимна и од вашите искрени одговори ќе зависи успешноста на ова истражување.**

**1. КПУ – Институција**

**а) КПУ – Затвор Скопје**

**б) КПД – Идризово**

**2. ПОЛ М Ж**

**3. Работно искуство :**

1. од 0 до 3 години
2. над 3 години до 6 години
3. над 6 години до 9 години
4. над 9 години до 12 години
5. над 12 години до 15 години
6. над 15 години до 18 години
7. над 18 години до 21 година
8. над 21 година

**4. Наведете до кој степен се согласувате со следните изјави**
**( за секој ред заокружете само еден од броевите )**

| | | Воопшто не се согласувам | Не се согласувам | Се согласувам | Во поптполност се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Со воведување на нови воспитни – образовни содржини би се подобрил процесот на ресоцијализација | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 2. | Досегашните содржини кои се предвидени се доволни за успешна ресоцијалзиација | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 3. | Потребни се повеќе вложувања за образовни програми | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 4. | Потребна е поголема соработка со надворешни институции кои се наменети за образование на возрасни | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 5. | Потребна е изработка на соодветни модули на воспитно – образовни програми согласно висината на казната | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 6. | Понудата од разновидни курсеви би помогнала да се мотивираат осудените лица и активно да се вклучат во истите | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 7. | Постојните воспитно образовни содржини не делуваат доволно мотивирачко кај осудените лица | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8. | Потребно е константо унапредување на процесот на ресоцијализација | 1 | 2 | 3 | 4 |
| 9. | Условите во кои се спроведува воспитно образовната работа со осудени лица се на потребното ниво | 1 | 2 | 3 | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **10.** | **Потребно е поголем број на обуки за вработените, кои би им биле од голема помош за полесно спроведување на програмите предвидени за ресоцијализација** | **1** | **2** | **3** | **4** |
| **11.** | **Досегашните обуки ви помогнале полесно да ги спроведете програмите за ресоцијализација** | **1** | **2** | **3** | **4** |
| **12.** | **Осудените лица се заинтересирани за вклучување во образовен процес** | **1** | **2** | **3** | **4** |
| **13.** | **Подобрувањето на условите за работа во пенитенцијарните установи ќе допринесе да се подобри нивото на ресоцијализација** | **1** | **2** | **3** | **4** |
| **14.** | **Поголемата примена на образовни активности ќе овозможи осудените лица да се стекнат со поглеми компетенции, знаења и вептини** | **1** | **2** | **3** | **4** |
| **15.** | **Добро осмислени образовни програми би ја зголемиле ефикасноста во ресоцијализацијата** | **1** | **2** | **3** | **4** |

| | |
|---|---|
| **5.** | **Наведете дали и какви воспитно – образовни активности се спроведуваат во установата во која работите** |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

| 6. | Наведете на кои тешкотиите наидувате при спроведување на процесот на ресоцијализација ( воспитно – образовен третман) |
| --- | --- |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

| 7. | Наведете што треба да се промени за да се подобри воспитно образовниот третман на осудени лица кои издржуваат казна затвор |
| --- | --- |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |